# С А М О Е В А У Л А Ц И Ј А

# 2024-2026

## ОСТУ „Наце Буѓони“  Куманово

**Август 2026**

Согласно Законот за средно образование по предлог на директорот Драган Јаневски, при ОСТУ „Наце Буѓони “- Куманово се формира училишната комисија која изготви извештај за извршената самоевалуација за сопствената работа и постигнувања за учебните 2024/25 и 2025/26 година во состав на:

1.Елизабета Трајковска - социолог
2.Ќендреса Мустафи - дефектолог
3.Виолета Крајиновиќ Ѓеоргиевска -предметен наставник
4.Аделина Белули – предметен наставник
5.Синиша Јаќимовиќ - родител
.
Предмет на самоевалуација беа осум клучни подрачја кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето и во секоја област работеше посебна група наставници:

| Број | Подрачје | Координатор | Членови |
|---|---|---|---|
| 1 | **НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ** | Весна Ристовска | Биљана Кушински<br>Халим Мисини<br>Катрин Михајловиќ<br>Валдете Арифи |
| 2 | **ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ** | Ивана Симоновска | Јасминка Ѓорѓиевска<br>Есра Бектеши<br>Елизабета Трајковска<br>Фљанза Џафери |
| 3 | **УЧЕЊЕ И НАСТАВА** | Катерина Пешевска | Жаклина Тошиќ<br>Валбона Џељадини<br>Весна Анѓеловиќ<br>Есра Бектеши |
| 4 | **ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ** | Магдалена Трајановиќ | Надица Трајковска<br>Салим Абдули<br>Симона Трајковска<br>Ќендреса Мустафи |
| 5 | **УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО** | Михајло Петковски | Сашо Илиевски<br>Маљинда Куртиши<br>Сања Бојковска<br>Фадбарк Даути |
| 6 | **РЕСУРСИ** | Бобан Максимовски | Александер Цветков<br>Наим Мисини<br>Марјан Спасиќ<br>Фатри Салиу |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | **УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ** | Жаклина Јанакиевска | Магдалена Георгиевска<br>Еркан Ајдини<br>Ленче Ѓошевска Анѓеловиќ<br>Вјоса Бајрами |
| 8 | **СОРАБОТКА СО ПАЗАРОТ НА ТРУД** | Новица Ѓорѓевски | Биљана Стојковиќ Спасовски<br>Суат Даипи<br>Златко Гиновски<br>Бујар Далипи |

Логистичка поддршка и координација: Елизабета Трајковска – социолог

Во секое подрачје групата наставници работеше по однапред изготвени индикатори кои го мерат квалитетот на работата на училиштето, а како извори на податоци користеа: интервју, прашалници (анкета), увид во педагошката евиденција и документација, анализа на документи, разговори. Самоевалуацијата се спроведе во периодот април - август, 2026 година.

**Самоевалуација - ОСТУ„Наце Буѓони“ Куманово**

<table>
<tr><td colspan="2">Подрачје бр. 1: Наставни планови и програми</td></tr>
<tr><td colspan="2">Тим за спроведување на самоевалуација за Подрачје бр.1: Наставни планови и програми<br><br>Одговорно лице/координатор: Весна Ристовска<br><br>Членови: Биљана Кушински, Халим Мисини, Катрин Михајловиќ, Валдете Арифи</td></tr>
<tr><td colspan="2">Индикатори за квалитет<br><br>1.1 Реализација на наставните планови и програми<br>1.2 Квалитет на наставните планови и програми<br>1.3 Воннаставни активности</td></tr>
<tr><td>Теми</td><td>Анализа на резултати и податоци</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **1.1.Реализација на наставните планови и програми** | |
| *Применувани наставни планови и програми* | Наставните планови и програми одобрени од МОН се применуваат во рамките на воспитно-образовните активности на училиштето со мали отстапувања кои произлегуваат од објективни причини. Тоа се потврдува со увидот во дневниците за работа и педагошката евиденција која ја води секој наставник. Предметните наставници добиваат наставни планови и програми пред почетокот на новата учебна година.<br>Постојат одредени разлики во реализацијата на наставните планови и програми во рамките на дозволеното слободно толкување на наставните цели на одредени теми и содржини, од страна на наставниците. Тие разлики произлегуваат и од креативноста на наставниците, техничките можности и опременоста на училиштето, но и од претходната подготвеност на учениците.<br><br>Машински сектор<br><br>-Со Решение за изменување на Решението за донесување на наставни планови за реформирано техничко образование од Машинска струка бр.13-6560/1 од 11.06 2019 година, се заменува со нов Наставен план од учебната 2019/2020 учебна година а ќе се изучува во втора, трета и четврта година во учебната 2024/2025, 2025/2026 и 2026/2027 година. Наставните планови на средното стручно образование во траење од четири години (11.06 2019година), се заменува со нов Наставен план од учебната 2019/2020 учебна година, а ќе се изучува во втора,трета и четврта година во учебната 2024/2025, 2025/2026 и 2026/2027 година изработени во рамките на Проектот за развој на вештини и подршка на иновации со бр.08-8/27 од 09.05 2019 година од страна на Бирото за развој на образованието и барањето за предлог измени и дополнување на наставните планови за реформирано техничко образование со бр. 08-342/1 од 02.05 2019 година од страна на на Центарот за стручно образование и обука.<br><br>-Со Решение за верификација на условите за реализација на Наставниот план и наставните програми за квалификација Техничар за возила на алтернативен погон од секторот Машинство со четиригодишно траење бр.13-1816/3 од 17.02 2025 година ќе започне да се применува за втора и трета година од учебната 2025/2026година.<br><br>-Со Решение за верификација на условите за реализација на Наставниот план и наставните програми за квалификација Техничар за возила на алтернативен погон од секторот Машинство за дуално образование бр.13-5443/1 од 07.05 2026 година ќе започне да се применува за прва година од учебната 2026/2027година.<br><br>-Со Решение за верификација на условите за реализација на Наставниот план и наставните програми за квалификација Машински техничар од секторот Машинство со четиригодишно траење бр.13-1816/3 од 17.02. 2025 година.<br><br>-Со Решение за верификација на условите за реализација на Наставниот план и наставните програми за квалификација Машинско енергетски техничар од секторот Машинство со четиригодишно траење бр.13-1006/3 од 17.08 2025 година од Министерство за образование и наука. |

| | |
|---|---|
| | -Со Решение за верификација на условите за реализација на Наставниот план и наставните програми за квалификација Конструкциски механичар за прва година од секторот Машинство со тригодишно траење е бр.13-1640 од 30.09 2020 година од Министерство за образование и наука.<br><br>-Со Решение за верификација на условите за реализација на Наставниот план и наставните програми за квалификација Конструкциски механичар за втора и трета година од секторот Машинство со тригодишно траење е бр.13-2461 од 31.08 2021 година од Министерство за образование и наука.<br>.<br>-Програма за феријална пракса за машински сектор за сите образовни профили во сите години на образование во траење од 10 дена, а се одвива по програма со број:<br>• 09-190/1 од 25.04 2024, за машински сектор на македонски наставен јазик<br>• 09-190/2 од 25.04 2024, за машински сектор на албански наставен јазик<br>• 09-272/1 од 30.04.2025, за машински сектор на македонски наставен јазик<br>• 09-272/2 од 30.04.2025, за машински сектор на албански наставен јазик<br>• 09-264/1 од 29.04.2026, за машински сектор на македонски наставен јазик<br>• 09-264/2 од 29.04.2026, за машински сектор на албански наставен јазик<br><br>Сектор: Електротехника и информатички технологии<br><br>- Со Решение за изменување на Решението за донесување на наставни планови за реформирано техничко образование од Електротехничка струка бр.13-6562/1 од 11.06 2019година, се заменува со нов Наставен план од учебната 2019/2020 учебна година. Наставните планови на средното стручно образование во траење од четири години изработени во рамките на Проектот за развој на вештини и подршка на иновации со бр.08-8/27 од 09.05 2019 година од страна на Бирото за развој на образованието и барањето за предлог измени и дополнување на наставните планови за реформирано техничко образование со бр. 08-342/1 од 02.05.2019 година од страна на на Центарот за стручно образование и обука. По оваа програма ќе продолжат да учат учениците од втора, трета и четврта година од квалификаците Електротехничар-енергетичар, Електротехничар за компјутерска техника и автоматика.<br><br>-Со Решение за верификација на условите за реализација на Наставниот план и наставните програми за квалификација Техничар за индустриска мехатроника во ОСТУ “Наце Буѓони” за дуално образование со четиригодишно траење бр.13-5439/4 од 14.05 2026 година<br><br>-Со Решение за донесување на наставен план за техничко образование за образовен профил Електротехничар за компјутерска техника и автоматика 20-8653/5 од 29.08 2018 година, ќе започне да се применува за прва година од учебната 2018/2019 година, со донесување на ова решение престанува да важи решението бр.20-8653/2 од 31.07 2018 година, а се изучува во прва, втора, трета и четврта година во учебната 2024/2025 и 25/26 година.<br><br>-Со Решение за верификација на условите за реализација на Наставниот план и наставните програми за квалификација Електротехничар-енергетичар од секторот Електротехника и информатички технологии при ОСТУ ”Наце Буѓони” за дуално образование со четиригодишно траење бр.13-5441/4 од 07.05 2026 година ќе започне да се применува за прва година од учебната 2026/2027година. |

| | |
|---|---|
| | -Со Решение за верификација на условите за реализација на Наставниот план и наставните програми за квалификација Електромеханичар во ОСТУ ”Наце Буѓони” е бр.12-666 од 22.06.2018 година<br><br>Програма за феријална пракса за електротехничка струка, образовен профил Електротехничар за компјутерска техника и автоматика за прва година во траење од 5 дена, за втора година во траење од 10 дена и за трета година 15 дена освен за Техничар за индустриска мехатроника кој има 6 дена пракса во права година, а се одвиваат по програмите од:<br>• 09-190/3 од 25.04 2024 година, за Сектор Електротехника и информатички технологии на македонски наставен јазик<br>• 09-190/4 од 25.04 2024 година, за Сектор Електротехника и информатички технологии на албански наставен јазик<br>• 09-272/3 од 30.04.2025 година, за Сектор Електротехника и информатички технологии на македонски наставен јазик<br>• 09-272/4 од 30.04.2025 година, за Сектор Електротехника и информатички технологии на албански наставен јазик<br>• 09-264/3 од 29.04.2026 година, за Сектор Електротехника и информатички технологии на македонски наставен јазик<br>• 09-264/4 од 29.04.2026 година, за Сектор Електротехника и информатички технологии на албански наставен јазик<br><br>Здравство и социјална заштита<br><br>-Со Решение за изменување на Решението за донесување на наставни планови за реформирано техничко образование од Здравствена струка бр.13-6556/1 од 11.06 2019 година, се заменува со нов Наставен план од учебната 2019/2020 учебна година. а ќе се изучува во втора,трета и четврта година во учебната 2024/2025, 2025/2026 и 2026/2027 година Наставните планови на средното стручно образование во траење од четири години изработени во рамките на Проектот за развој на вештини и подршка на иновации со бр.08-8/27 од 09.05 2019година од страна на Бирото за развој на образованието и барањето за предлог измени и дополнување на наставните планови за реформирано техничко образование со бр. 08-342/1 од 02.05 2019 година од страна на на Центарот за стручно образование и обука.<br><br>-Со Решение за верификација на условите за реализација на Наставниот план и наставните програми за квалификација Медицинска сестра од секторот Здравство и социјална заштита ОСТУ ”Наце Буѓони” за дуално образование со четиригодишно траење бр.13-5450/4 од 07.05 2026 година ќе започне да се применува за прва година од учебната 2026/2027 година.<br><br>Програма за феријална пракса за секторЗдравство и социјална заштита, квалификација Медицинска сестра за прва,втора и трета година во траење од 20 дена,а се одвиваат според програмите од :<br><br>• 09-190/5 од 25.04 2024 година, за сектор Здравство и социјална заштита на македонски наставен јазик<br>• 09-190/6 од 25.04 2024 година, за сектор Здравство и социјална заштита на албански наставен јазик<br>• 09-272/5 од 30.04.2025 година, за Сектор Здравство и социјална заштита на македонски наставен јазик<br>• 09-272/6 од 30.04.2025 година, за Сектор Здравство и социјална заштита на албански наставен јазик<br>• 09-264/5 од 29.04.2026 година, за сектор Здравство и социјална заштита на македонски наставен јазик<br>• 09-264/6 од 29.04.2026 година, за сектор Здравство и социјална заштита на албански наставен јазик<br><br>Со решение бр. 10-209/9 од 16.05.2023 година, склучен помеѓу договорените страни ЈУ Центар за образование на возрасните-Скопје набавувачот од една страна и ОСТУ ”Наце Буѓони”-Куманово во училиштето е реализирана јавна програма за образование на возрасни и тоа: |

| | |
|---|---|
| | -60 кандидати од електротехничка струка, профил електротехничар за компјутерска техника и автоматика на македонски наставен јазик и<br>-40 кандидати од машинска струка, профил машински техничар на албански наставен јазик.<br>Средствата се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија, согласно член 30 од Законот за образование на возрасните. Програмата се реализираше до јуни 2025 година.<br><br>Со решение бр. 10-421/7 од 01.07.2026 година, директорот на ЈУ Центар за образование на возрасните-Скопје донесе решение за избор на најповолна понуда за реализација на јавни програми за образование на возрасни и согласно Конкурсот објавен на 08.05.2026 година за избор на установа за реализација на јавни програми за образование на возрасни е изберена е понудата на ОСТУ ”Наце Буѓони”-Куманово и тоа:<br>-за сектор електротехника за профилот електротехничар за копјутерска техника и автоматика за 60 учесници на македонски наставен јазик ;<br>-за сектор електротехника, профилот електротехничар за копјутерска техника и автоматика за 40 учесници и профилот електротехничар енергетичар за 40 учесника на албански наставен јазик<br>-за сектор машинство, профил машинско енергетски техичар за 40 кандидати со настава на албански наставен јазик.<br>Програмата почна да се релизира во јуни 2026година, средствата се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија, согласно член 30 од Законот за образование на возрасните. |
| *Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми* | Наставните планови и програми им се достапни на сите посочени категории на следниот начин:<br>-Учениците со содржината на наставните планови и програми се запознаваат на почетокот на учебната година од страна на предметните наставници и класните раководители. Недостаток е што учениците премалку обрнуваат внимание на тие насоки кои ги даваат предметните наставници.<br><br>-Родителите се информираат на родителските средби од страна на класниот раководител, преку Совет на родители или преку учениците, а многу ретко, на сопствена иницијатива бараат информации од предметните наставници и стручната служба. Учениците и родителите се информираат за наставните планови и програми преку информатор-брошура изработена на ниво на училиштето. На почетокот на учебната година на првиот родителски сотанок, родителите добиваат листи со наставни предмети што ќе ги изучуваат учениците во таа година, фонд на часови и предметни наставници кои ке им предаваат, воедно и распоредот на часовите, исто така се укажува дека на интернет има веб-страна со наставни планови и програми. |
| *Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби* | Во училиштето има многу малку ученици со посебни потреби, но во случаите кога постои таков ученик, тој добива помош од класниот раководител, предметните наставници и стручната служба во постигнување на целите од наставните програми и планови. Во училиштето е формиран инклузивен тим, има изработена ПОП и ИОП. |
| *Избор на наставни предмети* | Училиштето дава можност за избор на наставните предмети, бидејќи тоа е предвидено во наставните програми за поедини занимања кои се опфатени со реформите на средното стручно образование за четиригодишно образование, а кои се спроведуваат од страна на МОН. Според ова на учениците им се дава можност да изберат меѓу пет понудени предмети значајни за продолжување на нивното |

| | |
|---|---|
| | образование или професионално оспособување. Овие активности се предвидени и се реализираат на крајот на втора година од нивното школување, а се изучуваат во трета и четврта година.<br><br>За родителите на учениците од втора и трета година на родителска средба по завршување на третиот класификационен период се изготвуваат листи со изборни предмети кои се предвидени во наставен план и програма и давање дополнителни информации за значењето при избор на предметите од страна на учениците. Од понудените пет предмети се бира еден изборен предмет, а родителот со својот потпис дава согласнот за изборот. |
| *Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето* | На ниво на училиштето се планираат активности за реализација на слободните часови / проектните активности на училиштето. Учењето преку проекти е важен елемент во остварување на наставниот процес, бидејќи овозможува стекнување на различни знаења и вештини преку користење на различни ресурси и различни начини на собирање, класифицирање и презентирање на податоците. На овој начин се овозможува учениците самостојно да дојдат до повеке сознанија за одредена област и тие се централна личност во процесот на учење. Стекнатите знаења на овој начин подолго се паметат. Преку проектните активности учениците се оспособуваат да истражуваат, евидентираат, документираат и презентираат и да ги прошират своите знаења од областа шт ги интересира.<br><br>Содржини програмирани од училиштето имаат само учениците од техничкото образование. Имаат  функција да  ги задоволат пошироките потребите на учениците коишто можат да  изберат  да изучуваат и други содржини надвор од содржините планирани од задолжителните и изборните програми, со цел да си ги развиваат клучните и стручните компетенции за подобро да се вклучат на пазарот на трудот и подобро да ја планираат својата кариера.<br><br>Изработена е и одобрена  наставна програма за Содржини од училиштето и одобрени од Центар за стручно образование и обука:<br><br>-функција на биогени елементи во состав на човечкиот организам за прва година здравствена струка<br><br>-Функционална храна за одредени медицински состојби.<br><br>Во училиштето се изработени програми,  според дадените насоки, за Содржини програмирани од училиштето, по предлог на Наставнички совет и чекаат да се одобрат од Центарот за стручно образование и обука, со следниве теми:<br><br>-Исхрана и диететика<br><br>-Здравствена нега на болен<br><br>-Ургентни состојби во хирургијата<br><br>- Нега при специфични состојби во педијатрија<br><br>Ќе бидат доставени најдоцна до 15 септември и по изборот на учениците ќе се реализираат од први октомври. |

| | |
|---|---|
| | Во училиштето ќе се користат предложените програми од Центар за стручно образование и обука кои можат да се применуваат во сите струки/сектори и образовни профили/квалификации:<br><br>**Прва година:** Светско наследство во рацете на младите<br><br>**Втора година:** Планирање на кариера<br><br>**Трета година:** Ученичка компанија -Претприемачка практика за млади и Подготовка за вработување<br><br>**Четврта година:** Презентациски вештини и Активно барање работа<br><br>Центар за стручно образование и обука и УНИЦЕФ имаат предвидено активности за градење зелени вештини кај младите. Номинирани се наставници од сектори: машинство и здравство и социјална заштита кои учествуваат на обуки за имплементација на програмите во училиштето и можат да ги користат следниве програми:<br><br>**Втора година:** Екологија во здравствениот систем, здравствена стррука/здравство и социјална заштита (медицинска сестра) и Еколошки аспекти на електротехника, Електротехничка струка/електротехника.<br><br>**Трета година:** Еколошки одржливи и иновативни технологии машинска струка/машинство.<br><br>Според одобрените програми во нашето училиште за учебната 2024/2025 година наставници кои држат слободни часови се:<br><br>-Сања Бојковска, тема: Функционална храна за одредени медицинкси состојби<br><br>-Слаѓан Станковиќ, тема: Планирање на кариерата<br><br>-Габриела Стојмановска, тема: Подготовка за вработување и работа.<br><br>За учебна 2025/2026 година се професорите<br><br>-Сања Бојковска, тема: Функционална храна за одредени медицинкси состојби<br><br>-Слаѓан Станковиќ, тема: Подготовка за вработување и работа<br><br>-Габриела Стојмановска, тема: Подготовка за вработување и работа<br><br>-Бранка Тошевска, тема: Светското наследство во рацете на младите |

| | |
|---|---|
| | и Виолета Крајиновиќ Георгиевска, тема: Подготовка за вработување и работа. |
| *Реализација на проширени програми* | Учениците со различни способности најпрво се детектираат, бидејќи тука има талентирани ученици со кои се работи за унапредување на нивните знаења и учество во вон-наставни активности, и ученици чии способности се помали и кон кои се применуваат посебни методи во работата на секој предметен наставник, но со кои редовно работи и стручната служба во училиштето. Според нивните способностии тие се вклучуваат во организирањето на некои вон-наставни активности, во рамките на нивните можности.<br><br>На ниво на училиштето постои Програма за работа со деца со посебни образовни потреби, преку која успешно се врши идентификација на ученици со пречки во учење, развој и поведение, во соработка со класните раководители, предметните наставници и родителите.<br><br>Следење на постигањата на учениците:<br><br>Во учебната 2024/2025 година регистрирани се 2 ученика со посебни образовни потреби со медицински наод и мислење од медицински стручни лица, а не им се доделени лични образовни асистенти, а во 2025/2026 имаме 3 ученика со посебни образовни потреби без лични асистенти.<br><br>Се организираат работилници, хуманитарни активности, посета на семинари каде се вклучени учениците и дефектологот. Покрај учениците кои се регистрирани со посебни образовни потреби, дефектологот работи и со останатите ученици кои имаат потреба од разговор и советување.<br><br>Училиштето има формирано Инклузивен тим и изготвено Посебна Образовна Програма за учениците кои се регистрирани со посебни образовни потреби, а професорите изготвуваат индивидуален образовен програм поединечно за секој ученик со посебни образовни потреби.<br><br>Се организираат следните активности со наставниците:<br><br>Формирање и работа на Инклузивен тим во кој се вклучени директор, дефектолог, педагог, социолог, психолог, родител и класен раководител.<br><br>Обука и консултација за изработка на индивидуален образовен план на наставниците.<br><br>Анкетирање и разговор со учениците во присуство на наставниците.<br><br>Успешно градење на инклузивна клима и култура со наставниците за прифаќање на учениците со ПОП.<br><br>Успешно реализирање на советодавна помош со родители и наставници, консултација за напредок и потешкотии на нивните деца.<br><br>Потикнување на наставници за користење на различни техники и инструменти при ВОП, определување на јасни принципи при оценување и консултации. |

| | |
|---|---|
| | На ниво на училиштето од страна на социологот во училиштето изработени се „Насоки за препознавање на надарени/талентирани ученици“ со кои во воспитно-образовен процес ќе се воспостави систем на насоки за препознавање на надарени/талентирни ученици со кој ке се овозможи нивното откривање и овозможување нивната надареност и способност да дојде до израз.<br><br>Надареност се дефинира како: невообичаено висок степен на општа интелектуална способност која бара различни знаења кои според својата широчина и длабочина ги надминуваат знаењата кои можат да се добијат со образовните програми во редовните училишта кои го задоволуваат просечното ниво на искажаниот образовен потенцијал.<br><br>Надарени ученици се оние кои имаат способност за невообичаено напредно постигнување во некоја област, вклучувајки ја тука интелектуалната и креативната способност, музички, уметнички или спортски постигнувања и социјални вештини и вештини на лидер.<br><br>Во насоките се дадени и насоки за професорите како да се открие надарен ученик. |
| **1.2.Квалитет на наставните планови и програми** | |
| *Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала* | Наставните планови и програми се унифицирани и рамноправноста во поглед на родавата и етничката разлика е загарантирана со Законот за средно образование.<br><br>Училиштето има изготвена Процедура за разгледување и прибирање на мислења од сите структури за наставните планови и програми, учебните помагала од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност |
| *Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала* | Наставните планови и програми успешно се прилагодуваат на карактеристиките на локалната средина, што се потврдува со долгогодишната успешна соработка со локалните претпријатија, во поглед на прифаќање на наши ученици за реализирање на практична настава или “Учење преку работа”,<br>-Машинскиот актив соработува со претпријатијата: ДЕМИР ИМПЕКС-С; ДАЈМ ТРЕЈД БЕБА; МИКРОТИМ; СТИЛ КОН; ГОМАТИК; ЈП КУМАНОВО ГАС; ЕНГОТЕРМ.<br>-Електротехничкиот актив, електротехничар енергетичар продолжува со соработката со ЕВН Македонија, за потребите за изведување на феријална практика од учебната 2025 і 2026 година.<br>Во учебна 2021\22 година се склучени и Меморандуми за соработка со претпријатија во кои се реализира “Учење преку работа” и тоа: СВЕТЛОСТ; ГОМАТИК ДООЕЛ; БРУНО-ВЦАС; КЛИМО КОМЕРЦ; КАБЕЛКО МАГ; ТП ОМ; ДООЕЛ “ДЕМИР ИМПЕКС”; ДООЕЛ “ШМЕКИ ИНГ”; ФЕНИКС 93; ЕЛЕКТРОЛАЈТ.<br>-За образовниот профил еклектротехничар за компјутерска техника и автоматика беа склучени Меморандуми за соработка со поголем број работодавачи: ДПТУ Хипер Дигитал ДООЕЛ; Софтмак-Куманово; ДБС ДООЕЛ; МУЛТИМЕДИА НЕТ; ДПТУ Е-НЕТ КОМ; ДПТУ ГАЛАКСИЈА ББ ДООЕЛ; ДТУ КОМБО 2003 ДОО КУМАНОВО;КЛИМО КОМЕРЦ СКОПЈЕ; МИДЕЛ ДОО; ДПТУ ЦВЕТ-МАР-СЕР ДООЕЛ; ИДС ДОЕЛ; ДЕЛУКС АУТО; КОБРА МОНИТОРИНГ; АЦО АВТОЦЕНТАР; ДПТУ ИНТЕЛ ДООЕЛ; ДООЕЛ ОНИДА; ДООЕЛ КООП ПРОНТО; |

| | |
|---|---|
| | ДООЕЛ ДЕМИР ИМПЕКС; ДООЕЛ АМБРЕЛА СВИСС БАУ; ДООЕЛ АФРИМ ЏАМ; ДООЕЛ БАЈЕР; ДООЕЛ ШМЕКИ ИНГ; ДООЕЛ ФЕНИКС 93.<br>-За изведување на практична настава на ученици од здравствена струка продолжува соработката со: ЈЗУ Здравствен дом; ЈЗУ Центар за јавно здравје; Специјална болница за ментални нарушувања Бардовци-посета на ученици од здравствената струка; Порака Наша; ДСОУГ “Ангел Шајче”; Дом за стари лица “Зафир Сајто“.<br>Во учебна 2021\22 година се склучени и Меморандуми за соработка со претпријатија во кои се реализира “Учење преку работа” и тоа: ПЗУ УНИ МЕДИКА; ПЗУ ДР СОЊИЦА; ДИЈАМЕД; ПЗУ ДР ЃОШЕ; ПЗУ ДР ДЕЈАН ЦВЕТКОВСКИ; ПЗУ ДР СТОЈМАНОВСКИ; ПЗУ ЗАНА; ПЗУ ДР НУХИ; ПЗУ ДР ПАВКА; ПЗУ ЗДРАВЕЦ; ПЗУ ДР ТАСЕВСКИ; ПРИМА МЕДИКА; RREZE MED; NIKI; LIN-ART MEDIKA; EURO MEDIKA; MEDIKUS RUH; DR. FLORIMI; INTERMEDIKA; ANIK MEDIKA; DR. MINURI; JUG- FER MEDIKA; PAJTIMI; NEO MEDIKA.<br>-Продолжува соработката со ППЗ, посебно се потенцира и значењето на таа соработка во поглед на вработување на наши ученици по завршување на школувањето.<br>Голем дел од предметните наставници посветуваат дел од своите наставни часови за посета на различни институции, организации и претпријатија, во склоп на кои се постигнуваат одредени цели од наставнте содржини.<br>Преку вон-наставните активности кои се организираат во училиштето се воспоставуа соработка и со институции кои делуваат воспитно врз младите и формирањето на нивната личност. |
| *Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието* | Училиштето располага со технички можности и наставници кои заради подобрување на квалитетот на наставните планови и програми имаат интегративен пристап во реализација на некои свои наставни содржини. Овој пристап особено е присутен во реализација на наставата по стручните предмети, практичната настава и информатика. Најголема примена интегративниот пристап кон содржините се гледа при изработка на проектни задачи и подготвување на ученици за натпревари, презентации, организирање на слободни часови и сл.<br><br>Нашето училиште во склоп на програмата на МОН за интегрирано средно образование е вклучена во тематската група „Заеднички активности на учениците кои следат настава на различен јазик“. Мерките се спроведени преку следниве вонаставни активности:<br><br>1.Организирање на спортски активности по повод патронен празник на училиштето со тимови од ученици кои учат на македонски и албански наставен јазик.<br><br>2.Учење во природа-организирани работилници во природа за ненасилна комуникација и разрешување на конфликти.<br><br>3.Одбележување на ден на Европа-9 Мај со традиционално организирање на квиз за средношколци од општинските училишта, на тема Европска Унија и патот на Р.Македонија кон неа (училиштето е иницијатор и домаќин на настанот),<br><br>4.Училиштето е вклучено во Проектот „Безбедни училишта“ кој активно се спроведува на ниво на училиштето во соработка со МВР, преку заемна соработка по повод мултиетничка култура меѓу учениците на различни етникуми па во тој контекс спроведени се активности за прослава на верски прзници, одржани приредби за ненасилство со учество на сите средни училишта, формиран Тим за безбедност, .<br><br>Изготвена Програма за работа со ученици од трета и четврта година за професионална ориентација-донесување на одлука во врска со идно занимање и продолжување на образованието и запознавање со факултети за специфични способности и информација за веб страни на факултети, како и бенефит од завршување на факултет, носител на активноста- кариерни советници и стручна служба во училиштето. |

| | |
|---|---|
| | Во оваа насока во соработка со УСАИД – канцеларија во Скопје во училиштето е отворен Кариерен центар во склоп на кој се врши кариерно советување со учениците од трета и четврта година.<br><br>Реализирана е Програмата за “Советување за родител“ и советување на родителите се организираше за прво полугодие со 52 родители и со 53 ученика во групни и неколку индивидуални советувања и 37 родитела и 44 ученика во групни и неколку индивидуални советувања до крајот на учебната 2024/25 година, на македонски наставен јазик и 14 родители и 16 ученици поделени во групни советувања на албански наставен јазик.<br><br>Во текот на учебната 2025/2026 година, согласно Програмата за советување на родители и ученици, беа реализирани советувања со родители на ученици и со ученици кај кои беа забележани потешкотии во воспитно-образовниот процес.<br><br>Во советувањето кое беше спроведено со родители беа опфатени 114 родители, од кои:<br><br>-65 родители беа вклучени во групни советувања каде беа опфатени вкупно 9 групи составени од родители на ученици со исти или слични тешкотии и 49 родители беа опфатени со индивидуални советувања.<br><br>Во текот на учебната 2025/2026 година, согласно Програмата за советување на ученици, беа реализирани групни и индивидуални советувања со ученици кај кои беа евидентирани потешкотии поврзани со училишниот успех, редовноста во посетување на наставата и однесувањето. Беа реализирани 18 индивидуални советувања на ученици, додека во групно советување беа опфатени 137 ученици во 18 групи по ист основ на потешкотија за советување.<br><br>Преку проектот Здрави врски- основа за ментално здравје во реализација на здружение “Доверба“ Куманово беа спроведени работилници со родители и наставници со цел зајакнување на врската „родител-ученик-наставник преку која ќе се овозможи јакнење на воспитната компонента во ВОП.<br><br>МОН продолжува со проектот „Чекори кон интегрирано образование во образовниот систем на РМ“ истиот се спроведува во нашето училиште, секој класен раководител треба да спроведе по 5 работилници по Образование за животни вештини за сензибилизација на своите ученици.<br><br>Стручната служба постојано организира воспитно-едукативни предавања со различни теми, со кои е опфатен поголем дел од учениците, редовно организира анкети на различни актуелни теми и секојдневно работи со учениците во разрешување на конфликтни ситуации, во прифаќање на разлики меѓу луѓето, разлики меѓу половите и сл.<br><br>Исто така, дел од посочените теми се обработуваат во рамките на вон-наставни активности и проектни активност во рамките на слободни часови на училиштето.<br><br>Училиштето реализира темите од областа на човековите права, недискриминација, граѓанско образование и други теми поврзани со општествената проблематика преку наставниот предмет - Граѓанско образование, Клуб за промовирање на недискриминација, проектни активности, како и на класните часови. |

| | |
|---|---|
| | Продолжува да се применува и Програма „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ -ИНТЕГРИРАНО ПЛАНИРАЊЕ ВО НАСТАВАТА- преку<br><br>I ЕКО-СТАНДАРД: Заштеда на енергија<br><br>II ЕКО-СТАНДАРД: Заштеда на вода<br><br>III ЕКО-СТАНДАРД: Одржување на зградата и здрава средина во училиштето<br><br>IV-ЕКО-СТАНДАРД: Уреден и еколошки двор<br><br>V- ЕКО СТАНДАРД: Транспорт<br><br>VI- ЕКО СТАНДАРД: Отпад<br><br>Целта на оваа Програма која се реализира преку предметна настава во училишето е:<br><br>● намалување на потрошувачката на електрична и топлинска енергија за 10% во споредба со претходната година во училишната зграда;<br><br>● намалување на потрошувачка на вода за 10% во споредба со претходната година во училшната зграда и двор;<br><br>● обезбедување на здрави услови за учење и работење во училиштето;<br><br>● функцинално уреден двор според сите еколошки параметри на начин на кој максимално ке користи за потребите на сите кои престојуваат во училиштето.<br><br>● Намалување на загаденоста од транспортни средства<br><br>• Управување со отпад |
| *Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми* | Училиштето дава можност за покренување иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми, иновирање на постојните и воведување на нови образовни профили врз основа на искажаните потреби на локалата средина и потребите на пазарот на трудот до ресорните институции.<br><br>Секоја идеја за модернизирање на наставата и наставните програми наидува на подршка од училиштето, но и на конкретна помош во остварување на тие идеи преку посебен тим кој наоѓа начини како сето тоа да се реализира. Се прават напори во училиштето да се воведуваат нови, современи занимања кои би конкурирале на пазарот на трудот и кои би привлекле нови категории на ученици, на што работи тимот кој е задолжен за оваа проблематика и кој е составен од наставници од стручното наставно подрачје и раководните структури на училиштето. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето е дел од Здружение на училишта на ниво на Република Македонија од Машинска и Електртехничка струка и се предлагаат нови образовни профили до МОН и Центарот за стручно обрзование кои ке бидат обработени во наредниот период и по можност воведени нови образови профили.<br><br>Во училиштето е направена анкета на наставници, родители и ученици и во подрачјето за наставните планови и програми заклучоците се следни:<br><br>**Анкета за родители:**<br><br>Скала на одговори:<br><br>*Воопшто не се согласувам/Не се согласувам/Делумно се согласувам/Се согласувам/Целосно се согласувам*<br><br>**1. Доволно сум информиран/а за наставните предмети и програми 5.9% 5.4% 22.6% 30.4% 35.7%**<br><br>**2. Наставните содржини се корисни за развојот на моето дете 5.4% 5.4% 18.5% 35.7% 35.1%**<br><br>**3. Училиштето нуди разновидни активности и секции 14.9% 13.1% 24.4% 20.2% 27.4%**<br><br>**4. Изборните предмети ги задоволуваат интересите на учениците 6.5% 14.3% 20.2% 31.5% 27.4%**<br><br>**5. Училиштето ги поврзува наставните содржини со реалниот живот 7.7% 10.1% 23.2% 35.1% 23.8%**<br><br>Од добиените резултати може да се заклучи дека родителите генерално имаат позитивен став кон наставните планови и програми во училиштето. Особено позитивно се оценуваат корисноста на наставните содржини, информираноста на родителите и реализацијата на наставниот процес. Изборните предмети во голема мера ги задоволуваат интересите и потребите на учениците.<br><br>Од друга страна дел од родителите покажуваат умерено задоволство, особено кај прашањата поврзани со изборните предмети и практичната примена на наставните содржини. Постои потреба од уште поголема вклученост на учениците во вннаставни активности и секции. Кај одреден број родители се забележува недоволна целосна согласност околу тоа дали сите наставни содржини се доволно современи и применливи.<br><br>**Анкета за наставници:**<br><br>Скала на одговори:<br><br>*Воопшто не се согласувам/Не се согласувам/Делумно се согласувам/Се согласувам/Целосно се согласувам*<br><br>**1.Наставните планови и програми редовно се реализираат 0.0% 0.0% 10.8% 32.4% 56.8%** |

**2. Наставните содржини се усогласени со потребите на учениците** **0.0% 10.8% 16.2% 37.8% 35.1%**

**3.Родителите се доволно информирани за наставните програми** **2.7% 5.4% 40.5% 27.0% 24.3%**

**4.Изборните предмети ги задоволуваат интересите на учениците** **0.0% 2.7% 29.7% 29.7% 37.8%**

**5.Во училиштето се реализираат квалитетни воннаставни активности** **2.7% 13.5% 24.3% 29.7% 29.7%**

Анализата покажува дека наставниците генерално позитивно ги оценуваат наставните планови и програми и нивната реализација во училиштето. Наставните содржини во голема мера се усогласени со потребите на учениците. Постои позитивен став кон изборните предмети и нивната улога во наставниот процес.

Од друга страна потребно е подобрување на информираноста и комуникацијата со родителите. Воннаставните активности не се оценети како доволно разновидни и квалитетни, а изборните предмети може дополнително да се прилагодат на интересите на учениците.

**Анкетат за ученици:**

Скала на одговори:

*Воопшто не се согласувам/Не се согласувам/Делумно се согласувам/Се согласувам/Целосно се согласувам*

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.На часовите имам можност да учам на различни начини (проекти, игра, истражување и сл.)** | **12.6%** | **10.3%** | **23.9%** | **28.0%** | **25.1%** |
| **2.Наставниците однапред ни објаснуваат што треба да знаеме за секоја оцена** | **10.9%** | **11.4%** | **25.1%** | **30.9%** | **21.7%** |
| **3.Имам можност да изберам активности што ме интересираат** | **18.6%** | **13.7%** | **23.4%** | **20.6%** | **23.7%** |
| **4.Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења** | **8.0%** | **4.6%** | **14.3%** | **23.4%** | **49.7%** |
| **5.Оценувањето на сите ученици е праведно** | **24.0%** | **12.6%** | **17.1%** | **22.3%** | **24.0%** |

Анализата покажува дека учениците позитивно ги оценуваат различните начини на проверка на знаењата и делумно се задоволни од организацијата на наставата. Дел од учениците сметаат дека наставниците ги информираат за критериумите за оценување, а во наставата се применуваат различни начини на учење.

Од друга страна дел од учениците сметаат дека немаат доволно можности за избор на активности според нивните интереси. Постои незадоволство во однос на праведноста на оценувањето. Дел од учениците сметаат дека наставата не е доволно разновидна и интерактивна.

Добиените резултати претставуваат значајна насока за понатамошно подобрување на наставниот процес и создавање поквалитетна и помотивирачка средина за учениците.

| **1.3.Воннаставни активности** | |
|---|---|
| *Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности* | -Во училиштето воннаставните активности од повеќе области, во рамките на можностите и заинтересираноста на учениците се реализираат на следните начини:<br><br>•дополнителна и додатна настава;<br><br>Дополнителна настава е наменета за ученици кои имаат слаби предзнаења по одредени предмети или кои имаат потешкотии во совладување на наставните содржини, за таа цел секој предметен наставник има изготвено Програма за дополнителна настава и доставено во ППС.<br><br>Додатна настава е наменета за напредни ученици кои покажуваат одреден интерес по некој предмет. Истата се одвива во секции по одделни предмети и тоа по веќе однапред изготвена Програма и план за секоја секција од страна на предметните професори во соработка со стручната служба во училиштето кои имаат за цел откривање на надарени и талентирани ученици. Наставата ја организираат предметните наставници од оние предмети за кои има пројавено интерес и целта ке биде да ги мотивира и поттикнува учениците, да ги развива нивните способности и да ги подготвува за различни натпревари од општински, регионален или републички карактер, со посебна посветеност на традиционалните државни натпревари од електротехничка и машинска струка.<br><br>Нашите ученици се активни и во различни спортски активности и натпревари на сите нивоа во државата.<br><br>Во текот на месец Мај 2024, 2025 и 2026 година се организираше TEHNOSCIENCE за осмооделенци од основните училишта од градот со цел промовирање на нашето училиште.<br><br>Програмата за работа на слободните активности ги изготвуваат соодветните наставници преку стручните активи на училиштето.<br><br>Сите постигања на учениците во сите области на наставните и воннаставните активности во текот на 2024,2025 и 2026 година се запишани во годишните извештаи што ги изготвува службата во соработка со наставниците. |
| *Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности* | Учениците се вклучуваат во воннаставни активности по сопствен избор, нема изготвено посебна стратегија на ниво на училиштето.<br>Во согласност со целите на годишната програма работи клуб на ненасилна комуникација и медијација и прва врсничка психолошка помош преку кој ученици претставници на класовите, но и останати ученици кои се заинтересирани или пак имаат потреба од стекнување на нови вештини, пристапија на последователни работилници и научија ненасилно да комуницират, а по принцип на врсничка едукација наученото знаење го пренесоа во своите класови.<br>Изработена Програма на „Клуб за промовирање на недискриминација“ со цел унапредувањена севкупната атмосфера во училиштето преку промовирање на недискриминација, изберени ученици, доброволци кои покажуваат интерес за тимска работа и иновации, организирани работилници на теми:<br>-Човекови/детски права<br>-Стереотипи и предрасуди, дискриминација |

| | |
|---|---|
| *Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активност* | -комуникација и запознавање со луѓе од различни средини и култури;<br>-развивање на чувството за тимска работа;<br>-развивање на индивидуалните способности и знаења на учениците;<br>-развивање на личноста на ученикот и неговиот однос кон средината;<br>-соработка со сите средношколски центри во градот преку заеднички обуки, натпревари, патрони празници, спортски натпревари и др.;<br>-стекнување самодоверба и позитивен однос кон работата и работните задачи;<br>-афирмација изведена преку штандови  од сите струки во училиштето;<br>-јакнење на меѓуетничката толеранција и соработка;<br>-стекнување на позитивен однос  кон училиштето и соучениците;<br>-потврдување на квалитетите на ученикот и<br>-потикнување на квалитетни ученици за запишување во училиштето. |

**Силни страни**

- ✓ Училиштето во целост ги реализира наставните планови и програми донесени од страна на Министерството за образование во соработка со Бирото за развој наобразование и Центарот за стручно образование и обука;
- ✓ Наставните планови и програми го помагаат личниот развој на ученикот и не прават дискриминација по ниту еден основ;
- ✓ Наставните планови и програми се достапни на родителите и учениците кои се заинтересирани;
- ✓ Сите наставници изготвуваат глобални годишни и тематски планирања за реализација на наставата;
- ✓ Изборот на изборните предмети во трета и четврта година е по желба на учениците;
- ✓ Голем број на наставници за реализација на наставната програма ја користат компјутерската опрема ;
- ✓ Поголем број од наставните предмети имаат учебници преку проектот „Бесплатни  учебници“ од МОН;
- ✓ Успешна организација и реализација на воннаставни активности и соработка со општествени организации и
- ✓ Вклученост на сите структури во афирмација на училиштето.

**Слаби страни**

- ✓ Потреба од дополнително унапредување на комуникацијата и информирањето на родителите.
- ✓ Дел од наставниците сметаат дека изборните предмети и наставните содржини може подобро да се прилагодат на интересите на учениците.
- ✓ Постојат потреби за збогатување и поголема разновидност на вонннаставните активности.
- ✓ Кај дел од учениците се забележува потреба од поголема вклученост во активности според нивните интереси.
- ✓ Потребно е поголемо практично поврзување на наставните содржини со секојдневниот живот и современите потреби
- ✓ Некои наставни планови и програми се застарени, несоодветни на современите барања, или премногу обемни.

**Приоритети за подобрување**: (*приоритетни области кои може да бидат содржани во Планот за развој на училиштето)*

- ✓ Да се преземат активности и иницијатива за промена на наставните планови и програми, во смисла на нивно растеретување и осовременување со можност да се земаат во предвид образовните потреби на учениците.
- ✓ Континуирано модернизирање и прилагодување на наставните содржини.
- ✓ Унапредување на комуникацијата и партнерството со родителите.
- ✓ Проширување и збогатување на воннаставните активности.
- ✓ Следење на интересите и потребите на учениците при планирање на изборните предмети.
- ✓ Поттикнување современи и интерактивни методи на работа во наставата.
- ✓ Поттикнување на практична настава и примена на знаењата во реални ситуации.
- ✓ Поголема вклученост на учениците во активности што развиваат креативност, иницијативност и тимска работа.

<u>Дополнителна документација</u>

**Табела 1 : Евиденција за методите и процесите на прибирање на податоци**

| **Прибирање на податоци во клучната област Наставни планови и програми** | |
|---|---|
| **1. Документи:** | **Цел:** |
| Наставни планови и програми донесени од МОН | Да се добие увид во планираните и реализиратните теми и содржини |

| | |
|---|---|
| Дневник за работа на паралелка | Да се добие поширок увид во работење на класните раководители со паралелките и документираност на сите активности |
| Распоред на часовите | Распределеност на фондот на предвидени часови |
| Годишен извештај | Да се согледаат активностите во тековната година |
| Изјави за постапка за изборни наставен предмет | Да се утврди процедурата за избор на изборни наставни предмети |
| Записници од наставнички совет, совет на родители и стручни активи | Да се утврди состојбата со изнесување на податоци од следењето на успехот, редовноста и поведението на учениците: сите предлози, идеи и ставови на сите инволвирани во процес на образование |
| Програма за стручна служба | Да се увудат постапките за следење на наставните процеси |

**Подрачје бр.2: Постигања на учениците**

Тим за спроведување на самоевалуација за Подрачје бр.2: Постигања на учениците

Одговорно лице/координатор: Ивана Симоновска

Членови: Јасминка Ѓорѓиевска, Есра Бектеши, Елизабета Трајковска, Фљанза Џафери

Индикатори за квалитет

**2.1 Постигања на учениците**
**2.2 Задржување/осипување на учениците**
**2.3 Повторување на учениците**

| Теми | Анализа на резултати и податоци |
|---|---|

| | |
|---|---|
| *Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) според наставни предмети и според квалификациони периоди* | Постигањето на учениците во нашето училиште се следи табеларно по наставни предмети на крајот на секој класификационен период и на крајот на учебната година. Останатите податоци по наставни предмети, години за секој класификационен период за крајот на учебната година се чуваат кај педагошко-психолошката служба и се исто така евидентирани во електронските дневниците на секоја паралелка.<br><br>Споредбената анализа ги дава следниве резултати:<br><br>На крајот од учебната 2024/2025 година во паралелки на македонски наставен јазик среден успех на ниво на училиште е 3.76, на крајот од учебната 2025/2026 година е 3.72. Може да заклучиме дека средниот успех од една учебна година во друга е незначително намален на крајот на учебната 2025/2026 година во однос на учебната 2024/2025 година (намалувањето е за 0.04).<br><br>На албански наставен јазик на крајот од учебната 2024/2025година среден успех на ниво на училиште е 3,21, на крајот од учебната 2025/2026 година среден успех е 3.27. Може да зклучиме дека средниот успех од една учебна година во друга е незначително зголемен на крајот на учебната 2025/2026 година во однос на учебната 2024/2025 година (зголемувањето е за 0.06).<br><br>Ако го споредиме успехот по струки на македонски и албански наставен јазик може да заклучиме дека најдобар успех постигнуваат учениците од здравствена струка, па од електротехничка струка , а најслаб учениците во машинска струка. |
| *Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)* | Училиштето континуирано работи на унапредување на постигањата на сите ученици, независно од полот, етничката припадност и јазикот на наставата. Преку редовно следење на успехот, анализа на оценувањето и спроведување интерни проверувања на знаењата (тестови, контролни задачи, писмени работи и усни проверки), се обезбедува увид во напредокот на учениците и се преземаат соодветни мерки за подобрување на резултатите.<br>Анализата на постигањата покажува одредени разлики во успехот според полот. Во просек, учениците од женски пол постигнуваат подобри резултати во споредба со учениците од машки пол. Оваа состојба може да се поврзе со фактот што при уписот во одредени образовни профили, особено во здравствената струка, учениците најчесто влегуваат со повисок број поени и подобар претходен успех, што укажува на посолидна основа за понатамошно напредување во текот на средното образование.<br>Во однос на постигањата според јазикот на наставата, анализите не покажуваат значајни разлики меѓу учениците кои наставата ја следат на македонски и на албански наставен јазик. Забележливо е дека учениците кои наставата ја следат на македонски наставен јазик остваруваат незначително подобар успех, додека учениците кои наставата ја следат на албански наставен јазик покажуваат поголема редовност во посетувањето на наставата.<br>Со цел да се добие поширока слика за состојбите во училиштето, спроведена е анкета меѓу учениците, родителите и наставниците. Добиените резултати претставуваат дополнителен извор на информации за перцепциите поврзани со еднаквите можности за учење, напредокот на учениците и мерките што училиштето ги презема за подобрување на образовните постигнувања.<br><br>На прашањата дадени во анкетата учениците се изјасниле вака: |




Во анкетата учествуваа вкупно 175 ученици, 85 македонци и 90 албанци. Анализата на резултатите покажува дека учениците генерално имаат позитивен став во однос на поддршката што ја добиваат од наставниците, следењето на нивниот напредок и информирањето на родителите за нивните постигнувања. Сепак, меѓу Македонците и Албанците се забележуваат одредени разлики во перцепцијата на квалитетот на поддршката и следењето на напредокот.

1. Наставниците ми помагаат да постигнам подобар успех.

- 54,2% од учениците дале позитивна оценка (4 и 5), што покажува дека повеќе од половина од учениците ја препознаваат поддршката од наставниците во подобрување на својот успех.
- 28,6% дале средна оценка (3), што укажува на делумно задоволство или неутрална перцепција.
- 17,1% дале негативна оценка (1 и 2), што покажува дека одреден број ученици сметаат дека им е потребна поголема поддршка.

| | |
|---|---|
| | Заклучок: Учениците генерално ја препознаваат помошта од наставниците, но постои простор за дополнително индивидуализирање на поддршката.<br><br>2. Мојот напредок редовно се следи.<br><br>• Дури 60% од учениците одговориле позитивно (4 и 5).<br>• 20,6% се неутрални.<br>• 19,4% сметаат дека нивниот напредок не се следи доволно редовно.<br><br>Заклучок: Следењето на напредокот е една од посилните страни на училиштето, бидејќи мнозинството ученици чувствуваат дека наставниците го следат нивниот развој и успех.<br><br>3. Добивам поддршка кога имам потешкотии во учењето.<br><br>• 46,3% дале позитивни оценки (4 и 5).<br>• Околу третина од учениците (31,4%) избрале средна оценка.<br>• 22,3% дале негативна оценка.<br><br>Заклучок: Иако речиси половина од учениците чувствуваат дека добиваат соодветна поддршка, резултатите укажуваат на потреба од дополнително зајакнување на механизмите за помош на учениците кои имаат тешкотии во учењето.<br><br>4. Учениците со посебни потреби добиваат соодветна поддршка.<br><br>• Вкупно 61,7% од учениците сметаат дека поддршката за учениците со посебни потреби е соодветна.<br>• 18,3% се неутрални.<br>• 20,0% имаат негативен став.<br><br>Заклучок: Резултатите покажуваат позитивна перцепција за инклузивноста и поддршката што ја добиваат учениците со посебни образовни потреби, што претставува значајна силна страна на училиштето.<br><br>5. Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште.<br><br>• Највисок процент на позитивни одговори е забележан кај ова прашање – 74,3% (4 и 5). |

| | |
|---|---|
| | • 15,4% се неутрални.<br>• Само 10,2% дале негативни оценки.<br><br>Заклучок: Комуникацијата помеѓу училиштето и родителите е оценета многу позитивно. Учениците во голема мера сметаат дека нивните родители редовно се информирани за нивниот успех и напредок.<br><br>Општ заклучок:<br><br>Резултатите од анкетата покажуваат дека учениците генерално имаат позитивна перцепција за поддршката што ја добиваат во процесот на учење и следење на нивните постигања. Највисоко е оценета информираноста на родителите за напредокот на учениците (74,3%), како и поддршката за учениците со посебни потреби (61,7%) и редовното следење на напредокот (60,0%). Од друга страна, најнизок процент на позитивни одговори е забележан кај прашањето за добивање поддршка при потешкотии во учењето (46,3%), што укажува на потреба од дополнително унапредување на индивидуалната и дополнителната поддршка за учениците.<br><br>Направена е и анкета со родители и еве ги и нивните одговори: |




Во анкетата учествуваа вкупно 168 родители, 78 Македонци и 90 Албанци. Анализата на резултатите покажува дека родителите генерално имаат позитивен став кон начинот на кој училиштето ги следи постигнувањата на учениците, комуницира со родителите и презема активности за подобрување на успехот.

6. Редовно сум информиран/а за успехот на моето дете.

- Најголем дел од родителите (62,2%) целосно се согласуваат дека редовно се информирани за успехот на своето дете, а дополнителни 14,4% се согласуваат.
- Само 8,9% изразуваат несогласување (оценки 1 и 2).
- 14,4% имаат неутрален став.

| | |
|---|---|
| | Заклучок**:** Комуникацијата помеѓу училиштето и родителите е оценета многу позитивно. Родителите во голема мера сметаат дека добиваат навремени и доволни информации за успехот и напредокот на своите деца.<br><br>7. Училиштето презема мерки за подобрување на успехот на учениците.<br><br>• 46,7% од родителите даваат позитивни оценки (4 и 5).<br>• 27,8% се неопределени.<br>• 25,5% сметаат дека училиштето не презема доволно мерки.<br><br>Заклучок: Речиси половина од родителите ја препознаваат ангажираноста на училиштето во подобрување на ученичките постигања. Сепак, значителен дел од родителите не се целосно убедени во ефективноста на преземените активности, што укажува на потреба од поголема видливост и промоција на мерките што ги реализира училиштето.<br><br>8. Учениците со потешкотии добиваат соодветна поддршка.<br><br>• 40,0% од родителите се согласуваат дека учениците со потешкотии добиваат соодветна поддршка.<br>• 28,9% имаат неутрален став.<br>• 31,1% не се согласуваат со ова тврдење.<br><br>Заклучок: Ова е едно од прашањата со најподелени мислења. Иако значителен дел од родителите ја препознаваат поддршката што ја добиваат учениците со потешкотии, постои и релативно висок процент на родители кои сметаат дека е потребно дополнително унапредување на оваа област.<br><br>9. Училиштето ги препознава и поттикнува талентираните ученици.<br><br>• 45,6% од родителите имаат позитивен став.<br>• 23,3% се неутрални.<br>• 31,2% изразуваат незадоволство.<br><br>Заклучок: Резултатите покажуваат умерено позитивна перцепција за работата со талентираните ученици. Сепак, релативно високиот процент на негативни одговори укажува на потреба од поголема промоција на активностите за поддршка на талентите и создавање повеќе можности за нивен развој.<br><br>10. Редовноста и изостаноците на учениците соодветно се следат.<br><br>• 74,4% од родителите се согласуваат или целосно се согласуваат со ова тврдење. |

| | |
|---|---|
| | • 14,4% се неутрални.<br>• Само 11,2% имаат негативен став.<br><br>Заклучок: Следењето на редовноста и изостаноците е една од најсилно оценетите области. Родителите во голема мера имаат доверба дека училиштето редовно ја следи редовноста на учениците и навремено реагира при појава на отсуства.<br><br>Општ заклучок за подрачјето „Постигања на учениците “.<br><br>Резултатите покажуваат дека родителите генерално имаат позитивна перцепција за работата на училиштето во следењето на успехот и редовноста на учениците. Највисоко е оценета информираноста на родителите за успехот на нивните деца (76,6% позитивни одговори) и следењето на редовноста и изостаноците (74,4% позитивни одговори). Од друга страна, најниски оценки се забележуваат кај поддршката за учениците со потешкотии во учењето и препознавањето на талентираните ученици, каде што е присутен и повисок процент на негативни одговори. |
| *Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби* | Предметните наставници во соработка со класните раководители, стручната служба и родителите вршат навремена идентификација на учениците со тешкотии во учењето и на учениците со посебни образовни потреби и им пружаат соодветна помош. Стручната служба – дефектолог преку користење на соодветни техники ги открива причините за тешкотии во учењето и во соработка со родителите им помага на учениците да ги надминат истите. Преку разговори, различни видови ангажирања и примена на повеќе методи и техники кај овие ученици се работи на јакнење на самодовербата и зголемување на мотивираноста успешно да се надминат тешкотиите во учењето. На ниво на училиштето постои Инклузивен тим кој во соработка со дефектолозите, стручната служба, предметните професори, класните раководители и родителите изработуваат ИОП во корист на учениците со посебни потреби.<br><br>Предметните наставници во текот на редовната настава ги идентификуваат надарените ученици според нивната активност, спроведеното тестирање, покажување значителни резултати и следствено на тоа организираат додатна настава која им овозможува на таквите ученици да го прошират и продлабочат своето знаење од определена област. Некои од тие ученици се ангажираат за учество на натпревари што им овозможува да го презентираат и проверат своето знаење.<br><br>Направена е и анкета со 37 наставници, 19 Македонци и 18 Албанци. Нивните одговори изгледаат вака: |












Прашање 6: Постигањата на учениците редовно се следат.

- 81,1% од испитаниците дале позитивни оценки (4 и 5).
- 18,9% дале средна оценка (3).
- Нема негативни оценки (1 и 2).

Анализа: Резултатите покажуваат многу високо ниво на согласност дека постигањата на учениците континуирано се следат. Отсуството на негативни одговори укажува на воспоставен и препознатлив систем за следење на ученичкиот успех.

Прашање 7: Се анализира успехот по квалификациони периоди.

| | |
|---|---|
| | • 91,8% позитивни одговори (4 и 5).<br>• 5,4% неутрални одговори.<br>• Само 2,7% негативни одговори.<br><br>Анализа: Ова е највисоко оценетата област во подрачјето. Испитаниците во голема мера сметаат дека училиштето редовно врши анализа на успехот по квалификациони периоди и ги користи добиените податоци за планирање на понатамошните активности.<br><br>Прашање 8: Се преземаат мерки за подобрување на успехот.<br><br>• 78,3% позитивни одговори.<br>• 16,2% неутрални одговори.<br>• 5,4% негативни одговори.<br><br>Анализа: Поголемиот дел од испитаниците сметаат дека училиштето презема конкретни активности за подобрување на успехот на учениците. Сепак, процентот на неутрални одговори покажува дека мал дел од испитаниците не се доволно запознаени со сите мерки што се реализираат.<br><br>Прашање 9: Се обезбедува поддршка за ученици со потешкотии.<br><br>• 75,6% позитивни одговори.<br>• 16,2% неутрални одговори.<br>• 8,1% негативни одговори.<br><br>Анализа: Резултатите покажуваат позитивна перцепција за обезбедувањето поддршка на учениците со потешкотии во учењето. Но, ова е прашање со малку повисок процент на негативни одговори во споредба со останатите, што укажува на потреба од дополнително унапредување на поддршката и подобра информираност за постоечките механизми за помош.<br><br>Прашање 10: Редовноста на учениците континуирано се следи.<br><br>• 73,0% позитивни одговори.<br>• 21,6% неутрални одговори.<br>• 5,4% негативни одговори. |

| | |
|---|---|
| | Анализа: Најголемиот дел од испитаниците сметаат дека редовноста на учениците континуирано се следи. Високиот процент на највисока оценка (59,5%) укажува на доверба во системот за евиденција и следење на присуството на учениците.<br><br>Општ заклучок:<br><br>Резултатите од анкетата покажуваат многу позитивна оценка на активностите поврзани со следењето и унапредувањето на постигањата на учениците. Особено високо е оценета анализата на успехот по квалификациони периоди (91,8%), како и редовното следење на постигањата на учениците (81,1%). Испитаниците во голема мера препознаваат дека училиштето презема мерки за подобрување на успехот, обезбедува поддршка за учениците со потешкотии и континуирано ја следи нивната редовност. |
| *Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава* | Училиштето континуирано спроведува систематско следење, анализа и вреднување на постигањата на учениците со цел обезбедување квалитетен воспитно-образовен процес и постојано унапредување на резултатите на учениците. Анализата на постигањата се реализира во текот на целата учебна година преку редовни состаноци на советите на паралелките, наставничкиот совет, стручните активи и советот на родители, при што се разгледува успехот по наставни предмети, напредокот на секој ученик поединечно, како и факторите што влијаат врз постигањата.<br><br>Врз основа на добиените сознанија, училиштето планира и реализира конкретни активности и мерки насочени кон подобрување на успехот и напредокот на учениците. Посебно внимание се посветува на учениците кои покажуваат потешкотии во совладувањето на наставните содржини, за кои редовно се организира дополнителна настава, индивидуална поддршка и советодавна работа. Истовремено, за учениците кои покажуваат повисок интерес, способности и постигнувања во одделни наставни области, се организира додатна настава со цел развивање на нивниот потенцијал и поттикнување на извонредноста.<br><br>За унапредување на квалитетот на редовната настава, наставниот кадар применува современи наставни методи и стратегии, интерактивни форми на работа, диференциран пристап во наставата, разновидни наставни средства и дидактички материјали, како и интегрирана примена на информатичко-комуникациска технологија и дигитални образовни ресурси.<br><br>Преку реализацијата на додатната настава, учениците се подготвуваат за учество на натпревари, конкурси, проекти и други образовни активности на различни нивоа. Постигнатите резултати, освоените награди, признанија и пофалници претставуваат значаен показател за квалитетот на воспитно-образовната работа и придонесуваат кон афирмација и позитивен углед на училиштето.<br><br>Анализата на податоците покажува дека преземените мерки и активности придонесуваат за континуирано подобрување на постигањата на учениците, зголемување на општиот успех, намалување на бројот на ученици со недоволни оценки, како и намалување на бројот на ученици кои ја повторуваат учебната година. |
| *Следење на постигањата на редовните и вонредните ученици при премин од еден во друг циклус и* | Училиштето континуирано ги следи постигањата на редовните и вонредните ученици при премин од една во друга паралелка или образовен профил (хоризонтална проодност), како и при премин на повисоко ниво на образование (вертикална проодност). Во учебните 2024/2025 и 2025/2026 година е евидентирана успешна хоризонтална и вертикална проодност на учениците. Согласно |

| | |
|---|---|
| *од едно до друго ниво на образование* | податоците, сите редовни ученици кои полагале разлика на испити поради премин од еден во друг образовен профил или од една струка во друга, успешно ги положиле испитите и непречено се вклучиле во воспитно-образовниот процес.<br>Следењето на постигањата и проодноста на вонредните ученици се реализира континуирано од страна на наставникот задолжен за вонредно образование. Преку редовен увид во нивниот успех и напредок, се обезбедуваат релевантни податоци за нивната хоризонтална и вертикална проодност, при што не се забележуваат пречки во нивното понатамошно образовно напредување.<br>Добиените сознанија укажуваат дека училиштето обезбедува услови за успешен премин на учениците низ различните образовни циклуси и профили, при што континуирано го следи нивниот развој и постигнувања. |
| *Редовност во наставата* | Училиштето систематски ја следи редовноста на училиштето и ги анализира причините за отсуство од наставата (оправданото и неоправданото) во учебната 2024/25 и учебната 2025/26 година.<br>Споредувајќи го вкупниот број на изостаноци на македонски наставен јазик на крајот на учебната 2024/25година (27 097) и учебната 2025/26 година (30 702). Можеме да заклучиме дека бројот на изостаноците е зголемен во учебната 2025/26 во однос на учебната 2024/25година за 3 605 изостанока.<br><br>Споредувајќи го вкупниот број на изостаноци на албански наставен на крајот на учебната 2024/25година (12 387) и учебната 2025/26 година (10 245), можеме да заклучиме дека бројот на изостаноците е намален во учебната 2025/26 во однос на учебната 2024/25година.<br><br>Анализата на изостаноците според полот покажува дека учениците од машки пол бележат поголем број оправдани и неоправдани изостаноци во споредба со учениците од женски пол. Ваквата состојба може да биде резултат на повеќе фактори, како што се различното ниво на мотивација за учење, работните навики, чувството за одговорност кон училишните обврски, влијанието на семејната и социјалната средина, како и специфичните карактеристики на адолесцентниот развој.<br>Дополнително, одредено влијание може да има и структурата на учениците кои се запишуваат во различните образовни профили. Кај учениците од женски пол се забележува поголема редовност во посетувањето на наставата, што кореспондира со нивните повисоки просечни постигнувања. Сепак, потребно е континуирано следење и анализа на причините за отсуствата со цел планирање на соодветни мерки за подобрување на редовноста и успехот кај сите ученици. |
| *Осипување на учениците* | Во учебната 2024/2025 година во училиштето беа запишани вкупно 1622 ученици, од кои 1006 машки и 616 женски. Во текот на учебната година 15 ученици се запишаа со премин од други училишта, додека 26 ученици го напуштија училиштето. Согласно овие промени, на крајот од учебната година наставата ја заврши 1611 ученици.<br><br>Во учебната 2025/2026 година во училиштето се запишаа 1594 ученици. Во текот на годината 6 ученици преминаа од други училишта, а 22 ученици го напуштија училиштето. На крајот од учебната година евидентирани беа 1578 ученици, од кои 985 машки и 593 женски.<br><br>Анализата на податоците покажува дека причините за осипување на учениците не се поврзани со условите за работа, организацијата или воспитно-образовната политика на училиштето. Најчести причини се од лична и семејна природа, како што се преселување или заминување во странство, продолжување на образованието како вонреден ученик, како и преминување во друго |

| | |
|---|---|
| | средно училиште. Најголем број од овие промени се евидентираат кај учениците од прва година, особено во почетниот период од учебната година.<br><br>Врз основа на анализираните податоци, не се идентификувани специфични групи ученици кои се изложени на зголемен ризик од осипување.<br><br>Статистичките показатели укажуваат дека училиштето успешно го следи и управува процесот на задржување на учениците. Ниската стапка на осипување се должи на континуираните активности насочени кон обезбедување квалитетна настава, создавање позитивна и поддржувачка училишна клима, развивање добри односи меѓу учениците, наставниците и родителите, како и навремено и професионално постапување при појава на потешкотии и предизвици во текот на образовниот процес. |
| *Премин на ученици од едно училиште во друго* | Училиштето доследно ги применува законските процедури при премин на ученици од едно во друго училиште. При заминување на ученик во друго училиште, навремено се доставува целокупната потребна документација и релевантните информации за неговиот воспитно-образовен развој, постигнувања и напредок.<br>При прием на ученик од друго училиште, училиштето ги обезбедува потребните податоци и документација преку преведница и друга релевантна евиденција, при што добиените информации се земаат предвид при планирањето и реализацијата на понатамошната воспитно-образовна работа со ученикот. На овој начин се обезбедува континуитет во образовниот процес и полесна адаптација на ученикот во новата училишна средина.<br>Во училиштето се почитуваат утврдените процедури за трансфер на ученици, со што се обезбедува навремена размена на информации и континуитет во следењето на нивниот образовен развој. |
| *Ученици кои не ја завршуваат годината* | И во учебната 2024/25 година, и во учебната 2025/26 година по 2 ученика ја повторуваа годината.<br><br>Според законот за средно образование ученикот повторувач поднесува приговор до Наставничкиот совет на училиштето доколку постои повреда на оценката. Наставничкиот совет може да го реши приговорот на три начини: да го одбие приговорот, да се поправат некои оценки за да ученикот се упати на полагање или да формира комисија од наставници за повторна проверка на знаењата на ученикот. |

**Силни страни**

- ✓ Редовно информирање на родителите за успехот на учениците.
- ✓ Ефикасно следење на редовноста и изостаноците.
- ✓ Постоење на мерки за следење на напредокот на учениците.
- ✓ Добра комуникација меѓу училиштето и родителите во однос на ученичкиот успех.
- ✓ Позитивна перцепција за обезбедувањето поддршка на учениците со потешкотии во учењето.

- ✓ Препознавање и поттикнување на талентираните ученици.
- ✓ Развиена соработка помеѓу училиштето и родителите во следењето на ученичкиот напредок.
- ✓ Високо ниво на професионална ангажираност во следењето и вреднувањето на ученичките постигања.
- ✓ Оценувањето е јавно во присуство на учениците.
- ✓ Родителите се навремено информирани за постигнувањата на нивните деца.
- ✓ Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици можат да се подобрат и планира и презема конкретни акивности за континуирано подобрување на постигањата на учениците.
- ✓ Наставниците и класните раководители редовно водат подагошка евиденција и документација, а педагошко-психолошка служба врши детална статистичка анализа на податоците. Овие анализи овозможуваат континуирано следење на постигнувањата на учениците.
- ✓ Резултатите од анализите се прегледни и добиените податоци се достапни за сите заинтересирани субјекти и се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.
- ✓ Водење уредна евиденција за постигањата на вонредните ученици.
- ✓ Процентот на ученици кои ја повторуваат годината е многу мал..
- ✓ Процентот на осипување на ученици е многу мал.
- ✓ Постапката за хоризонтална и ветрикална проодност во целост се почитува.

**Слаби страни**

- ✓ Недоволна видливост на мерките за поддршка на учениците со потешкотии.
- ✓ Потреба од поголемо препознавање и поттикнување на талентираните ученици.
- ✓ Дел од родителите не се целосно информирани за активностите поврзани со подобрување на ученичките постигнувања.
- ✓ Мал дел од родителите сметаат дека постои простор за подобрување на поддршката за учениците со потешкотии.
- ✓ Потребно е континуирано информирање на родителите за сите активности и мерки што ги презема училиштето.
- ✓ Постојат разлики во перцепцијата на родителите во однос на ефективноста на мерките за подобрување на успехот.

- ✓ Мала заинтересираност за учениците за дополнителна и додатна настава.
- ✓ Дел од учениците не се доволно запознаени со конкретните мерки што се преземаат за подобрување на успехот.
- ✓ Забележан е одреден процент на неутрални одговори во спроведените анкети, што укажува на потреба од подобра комуникација и информираност за реализираните активности.
- ✓ Постојат можности за дополнително зајакнување на индивидуализираниот пристап кон учениците кои покажуваат послаби постигања или нередовност.

**Приоритети за подобрување:** (*приоритетни области кои може да бидат содржани во Планот за развој на училиштето)*

- ✓ Зајакнување на поддршката за учениците со потешкотии во учењето.
- ✓ Развивање дополнителни програми за работа со талентирани ученици.
- ✓ Подобрување на информирањето на родителите за мерките што ги презема училиштето.
- ✓ Одржување на високото ниво на комуникација со родителите.
- ✓ Континуирано следење и унапредување на ученичките постигнувања.
- ✓ Поголема промоција на активностите и програмите за работа со талентирани ученици.
- ✓ Подобрување на информирањето на родителите за преземените мерки за подобрување на ученичките постигнувања.
- ✓ Продлабочување на соработката меѓу училиштето, наставниците и родителите со цел постигнување подобри образовни резултати.
- ✓ Продолжување на редовната анализа на успехот со изработка на конкретни акциски планови по квалификациони периоди.
- ✓ Зајакнување на соработката меѓу наставниците, стручната служба и родителите во насока на подобрување на ученичките постигања.
- ✓ Развивање дополнителни механизми за рано препознавање и поддршка на учениците кои покажуваат намален успех или ризик од нередовност.
- ✓ Континуирано следење на ефектите од преземените мерки и нивно прилагодување според потребите на учениците.

Дополнителна документација

**Табела 1 : Евиденција за методите и процесите на прибирање на податоци**

| **Прибирање на податоци во клучната област Наставни планови и програми** | |
|---|---|
| **1. Документи:** | **Цел:** |
| Анализи на успех | Да се добие увид во постигнатиот успех на учениците. |

| | |
|---|---|
| Анализа на редовност | Да се добие увид во редовноста на учениците. |
| Дневник на евиденција за воннаставни активности | Да се согледа вклученоста на учениците во воннаставните активности. |
| Програма за стручна служба | Да се добие увид во постапките за следење и унапредување на наставните процеси. |
| Анкета со ученици, родители и наставници | Да се добијат мислења, ставови и перцепции за квалитетот на наставата, наставните планови и програми и нивната реализација. |
| Набљудување на воспитно-образовниот процес | Да се добие увид во реализацијата на наставата, примената на наставните методи, активноста на учениците и целокупната училишна клима. |
| Годишен извештај за работата на училиштето | Да се добие увид во реализацијата на планираните активности, постигнатите резултати и состојбите во воспитно-образовниот процес. |

**Подрачје бр. 3: Учење и настава**

Тим за спроведување на самоевалуација за Подрачје бр.3: Учење и настава

Одговорно лице/координатор: Катерина Пешевска

Членови: Жаклина Тошиќ, Валбона Џељадини, Весна Анѓеловиќ, Есра Бектеши

**Индикатори за квалитет**

3.1 Планирања на наставниците

3.2 Наставен процес

3.3 Искуства на учениците од учењето

3.4 Задоволување на потребите на учениците

3.5 Оценувањето како дел од наставата

3.6 Известување за напредокот на учениците

| Теми | Анализа на резултати и податоци |
|---|---|
| **3.1. Планирања на наставниците** | |

| | |
|---|---|
| *Поддршка и следење на планирањата на наставниците* | За реализирање на наставните планови и програми, наставниците изготвуваат годишни,тематски и дневни планирања според препораки од БРО и МОН. Од друга страна за поефикасно планирање на наставата училиштето дава стручна, морална и материјална поддршка при изготвување на наставните планови и тоа: обезбедува наставни планови и програми кои се достапни за наставниците во секое време, проследува информации од Биро за развој на образованието. Училиштето учествува во организирање на едукација на наставниците, учествува во состаноци на стручните активи, обезбедувањето на училишни помагала, нагледни средства и опрема. Тие континуирано ја планираат инструктивно-советодавната работа во однос на подготовките за изведување на наставата.<br>Годишните и тематските планирања наставниците ги доставуваат во стручната служба на почетокот на учебната година. Со тоа се овозожува проверка на навременоста на тематските планирања. Увид во планирањата, освен стручната служба, имаат и тимот во училиштето (заменик директор и помошник директор), но и директорот на училиштето. Училиштето има пропишано интерна процедура за поддршка и следење на планирањето на наставниот процес. |
| *Индивидуални планирања на наставниците* | Во планирањето на наставниот процес секој наставник тргнува од наставните планови и програми добиени од страна на Министерството за образование и наука и Биро за развој на образованието. Во учебните 2024/25 и 2025/26 години наставните програми се во целост дадени и се комплетни, благодарение на што планираниот материјал навремено се реализира. Во оваа насока сите наставници имаат изготвено годишни и тематски планирања и тие се навремено доставени во стручната служба. Дневните подготовки се изработуваат во електронска форма и се користат придобивките на современата технологија. Секој актив споделува свои видувања за дневните подготовки и постои соработка меѓу колегите од активот,со цел подобрување на наставниот процес.<br>Годишните и тематските планирања ги содржат неопходните елементи на успешна реализација и организација на часот. Постојат јасно издефинирани цели на наставата, очекуваниот исход од учењето, како и наставните форми и методи за работа. Во планирањето се вклучени и различни методи за оценување и инструменти со кои ќе се врши оценувањето. Во тематските планирања се вклучени и часови за меѓуетничка интеграција (МИМО), како и теми од областа на екологијата и еко стандарди.<br>Наставниците учествуваат и во анализа на успехот на учениците и резултатите од оценувањето ги користат за подобрување на своите планирања. Се идентификуваат проблемите и потребите на учениците.<br><br>Наставата по предметот учење преку работа кај работодавач (УПР) на почетокот на учебната година се изведува во училиште во траење од еден месец, при што учениците од страна на наставниците по УПР се запознаваат со правилата и кодексот на однесување кои треба да ги почитуваат за време на реализација на практична настава кај работодавач. Пред реализација на практичната настава кај работодавач, учениците добиваат обука за безбедност и заштита при работа. Според договорот за реализација на практична настава, учениците изготвуваат дневници за реализирани активности во текот на практичната настава по предметот УПР.<br><br>Феријалната пракса се изведува во текот на летниот распуст, според договор за реализација на феријална пракса потпишан помеѓу училиштето и работодавачите. Пред почетокот на реализација на феријална пракса, учениците добиваат информации за фирми со кои што училиштето има склучено меморандум за соработка. Учениците се запознаваат со Кодексот на однесување и правилата на компанијата кои треба да ги почитуваат при реализација на феријална пракса и следат обука за заштита и безбедност при работа. Учениците изготвуваат дневник за активности кои ги реализирале при изведување на феријалната пракса, која е следена од координаторите по феријална пракса.<br><br>Наставниците успешно користат ИКТ во наставата со цел полесно совладување на наставните единици.<br><br>Направена е анкета со 37 наставници и ова се резултатите: |

<table>
<tr>
<td></td>
<td>


- Наставниците во голема мера се согласуваат дека наставата се планира навремено и систематски.
- Резултатите покажуваат дека наставниците користат различни методи и пристапи во работата со учениците.
- Наставниците генерално сметаат дека ИКТ е присутна во наставниот процес, но постои простор за понатамошно унапредување и порамномерна примена.
- Дел од наставниците сметаат дека е потребно дополнително поттикнување на учениците кон поголема иницијативност, дискусија и самостојно учење.
- Оценувањето е високо оценето како правично и транспарентно. Наставниците сметаат дека критериумите за оценување се јасни и доследно се применуваат, што придонесува за доверба во процесот на оценување.
Резултатите покажуваат дека наставниците имаат позитивна перцепција за квалитетот на наставниот процес, , примена на разновидни наставни методи, употреба на современи технологии и правичен пристап во оценувањето. Наставниците покажуваат високо ниво на професионална посветеност кон унапредување на наставата и создавање услови за активно учење.
</td>
</tr>
<tr>
<td>Размена на искуства и информации при планирањето</td>
<td>Наставниците при планирањето го користат искуството, но и меѓусебно разменуваат информации и идеи за планирањата. На состаноците на стручните активи се дискутира за сработените дневни и тематски планирања, за користење на ИКТ во изработка на квалитетен час. Од друга страна се идентификуваат одредени проблеми и потешкотии во учењето и наставата и се прави план за</td>
</tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | следните чекори при процесот на учење. |
| **3.2. Наставен процес** | |
| *Распоред на часови* | Распоредот на часовите го изготвува предметен професор кој претходно е предложен од Наставнички совет. Распоредот се прави после извршената прераспределба на часови по стручните активи. Потребата да се задоволоат желбите на учениците при изборот на различни изборни наставни предмети во рамки на една паралелка, но и практичната настава ги надминуваат просторните можности на училиштето и влијаат на правењето на распоредот. Во учебните 2024/25 и 2025/26 години учениците изведуваа практична настава во компании и здравствени институции и тоа почитувајќи ги правилата дадени од Министерство за образование и наука. Сепак, основен принцип на изготвување на распоредот е почитувањето на интересот и потребите на учениците. Реализацијата на практичните вежби по стручните предмети се изведува во групи со најмногу до 16 ученика во група, со цел за полесно совладување и поврзување на практичното знаење со теоретското.<br><br>Учениците од дуалнта паралелка Техничар за индустриска мехатроника-ТИМ практичната обука ја изведуваат во компанијата DRÄXLMAIER Македонија, каде што успешно теоретските знаења ги поврзуваат со практика. Учениците од дуалната паралелка ТИМ во прва година од образованието посетуваат само феријална пракса во текот на летниот распуст во траење од 6 дена. Во втора година од образование имаат еден ден УПР и изведување на феријална пракса во текот на летниот распуст во трање од 10 дена. Во трета и четврта година имаат два дена УПР и феријална пракса само по завршување на трета година во траење од 15 дена. Останатите образовни профили во текот на трета и четврта година имаат предмет УПР по еден ден во неделата и во текот на летен распуст реализираат феријална пракса кај работодавеч со кои училиштето има скулучено меморандум за соработка. |
| *Наставни форми и методи* | Секој наставник користи свои форми и методи за реализирање на наставниот час. Се користат оние методи и форми кои се најадекватни за наставната единица која се реализира на часот. За можности за промена и примена на разни форми во наставата, по својата посета го прават и педагог, психолог и дефектолог во разговор за евалуација на час и можни промени на тек на час. Со развојот на вештачка интелигенција голем дел од наставниците успешно применувата техники на користење на вештачка интелигенција во наставниот процес. |
| *Употреба на ИКТ во наставата* | Во учебните 2024/25 и 2025/26 години во сите училници и работилници има функционално мрежно поврзани компјутери со постојана интернет конекција. Во сите училници се поставени смарт табли и по спроведената обука на наставниците за користење на истите, процесот на учење и реализирање на наставниот час во голема мера е олеснето.<br>Во училштето има одредено систем-администратор, комисија за следење на компјутерската опрема, но и Правилник за надоместок на направена штета врз компјутерите и другиот училиштен инвентар. Со правилникот се запознаени предметните наставници, учениците, но и нивните родители.<br>Сите наставници ги имаат поминато обуките за користење на ИКТ во образовниот процес. Обуките се воглавно организирани од страна на МОН и БРО, но од друга страна во училиштето постојат интерни обуки од наши наставници кои во голема мера го олеснуваат процесот на употребата на информатичката технологија на часот. |

| | |
|---|---|
| *Избор на задачи, активности и ресурси* | Задачите што се работат во училиштето или дома, се временски испланирани. Изборот на задачите е направен според потребата на наставната програма и се поврзани со индивидуалните потреби на учениците. Задачите се со различно ниво на сложеност и овозможуваат континуиран успех на секој ученик. Задачите се спроведуваат како еден вид на помош за да се постигнат предвидените цели од наставната програма. По одредени предмети и нема одобрено учебници и прирачни материјали. Доколку и има учебници, тие не се во согласност со новите програми за стручно образование. За таа цел самите наставници изготвуваат материјали и содржини потребни да се реализира наставниот процес. Користат и дополнителна прирачна литература за да се усогласат со новите наставни програми. За таа размена се користат компјутерите, но користат и различни ресурси и приоди за учење и настава. |
| *Интеракција меѓу наставниците и учениците* | Наставниците ги запознаваат учениците со целите на наставата, најчесто на почетокот на наставната тема или на почетокот на наставна единица, на часови за подготовки на писмена работа или тест.<br><br>Редовно ги информираат за тоа што очекуват од нив на јасен и разбирлив начин (усни упатства, бодовни скали на тестови,...)<br><br>Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата. Наставникот избира поттикнувачки и насочувачки прашања на почетокот на часот со цел да ги искористи предзнаењата на учениците, го охрабрува учеството на учениците во разговорите, го почитува мислењето на учениците. Со цел да се мотивира активното учество на ученикот во наставниот процес, наставникот користи различни приоди: користи јавни пофалби на учениците, истакнување на најактивни ученици на самиот час, развивање на натпреварувачки дух, континуираното известување на учениците за постигнатите резултати преку оценка или усно образложение. |
| *Приодот на наставникот кон учениците* | Наставникот се однесува со почит кон учениците. На почетокот на учебната година класниот раководител на класниот час ги информира учениците за Кодексот на однесување во кој на еден јасен начин учениците се насочуваат на заемно почитување, помош, соработка, но и почитување на разликите, како и со Правилник за користење на мобилен телефон и смарт часовници за време на настава.<br>На класниот час секој класен раководител, преку ОЖВ работилници промовира теми за ефикасна комуникација до подобри меѓучовечки односи. Се разговара со учениците на различни теми-проблеми, потешкотии, но и нивни успеси низ животот. Тие ги сослушуваат учениците кои имаат потреба да кажат нешто, но имаат и разбирање за нивните проблеми и доколку се во можност се обидуваат да им помогнат во отклонување на проблемите. Доколку не се во можност тоа да го сторат учениците се упатуваат до стручната служба-училишниот педагог, психолог, социолог или пак, дефектолог. Тие учествуваат во идентификување и превентирање на проблемите.<br>Во нашето училиште нема полова, етничка, социјална, или било каква поделба. Сите ученици подеднакво се вклучени во сите училишни активности, но и во активности кои се вон наставата. Подеднакво се третираат и при нивното усно или писмено одговарање и сите еднакво се мотивираат и поттикнуваат. Во секој клас се издвојува група на ученици кои имаат потешкотии во учењето и се организираат дополнителни часови или се упатуваат на Советување за ученици. Советување се одвива во група со ученици со иста проблематика или индивидуално. Се работи на мотивација за учење, самодоверба, методи и техники на учење, зголемување на училишни аспирации, подобрување на одредени облици на однесување и правење план и организација на времето и активностите. Во спротивно, се издвојува и група на талентирани ученици и тие учествуваат во други наставни активности како што е додатната настава. Подоцна од оваа група на ученици се издвојува група која се подготвува за училишни натпревари. |
| *Следење на наставниот процес* | Во процесот на следење на наставата се вклучени: директорот на училиштето, неговите заменици и помошници, како и членовите на стручната служба. Се следи наставата преку посета на часови и за таа цел се користат инструменти за следење на часовите, или |

| | |
|---|---|
| | протоколи. Наставниот процес се следи и преку општиот успех и редовност на учениците. Тој успех се разгледува после секој класификационен период, а стручната служба изготвува табелари и извештаи за секој клас и година и тоа според успехот, изостаноците, но и поведението на учениците. Истите се разгледуваат на Наставнички Совет, Училишен одбор и Совет на родители преку кој добиваат увид за резултати во секое поле од наставниот процес. |
| **3.3. Искуства на учениците од учењето** | |
| *Средина за учење* | Училиштето дава можности за создавање на стимулирачка и мотивирачка средина преку учество во еколошката секција која се грижи за естетскиот белег на училиштето. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места во холовите, почитувајќи ги естетските норми, редовно се менуваат и се изработуваат плакати со интересни и актуелни содржини. Се украсува училиштето, планирано, според поводи. На часовите по стручните предмети изработките на учениците се јавно изложени со цел да се поттикнат и останатите на научна и креативна работа. Училиштето помага и во јавно промовирање на постигањата - изложба на фотографии, учество на конкурси за литературни творби и сл..<br>Во училниците се поставуваат паноа со образовни содржини, пораки кои се менуваат согласно со наставните цели.<br>И покрај тоа што имаат можност рамноправно да учествуваат сите ученици, најчесто во уредувањето на училниците се поактивни посолидни ученици.<br>Исто така и резултати од работа во проекти можат да се проследат со изработки на постери и слики кои се истакнати во холовите на училиште. |
| *Атмосфера за учење* | Училиштето располага со разновидни објекти и простории во кои се изведува наставата, комплекс на машински работилници и електро кабинети, кабинет по техничко цртање и нацртна геометрија со AutoCAD, кабинет по компјутерско моделирање и конструирање, кабинет по информатика, кабинет по здравствена струка, информатика. Во овие простории учениците имаат можности да ги поврзат теоретските знаења со секојдневието и нивна практична примена.<br>Во текот на учебната година како дел од програмата за средно стручно образование се стави акцент и на изведување на практична настава надвор од училиштето-учење кај работодавец каде учениците посетуваат компании и фирми каде се стекнуваат со нови знаења и вештини и сето тоа преку практични вештини.<br>За време на часот, наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци од онаа што го учат.<br>Во активностите за време на часот не секогаш сите ученици учествуваат. Учениците со подобар успех се многу поактивни, додека учениците со помала самодоверба, помали предзнаења многу поретко самоинцијативно се вклучуваат во активностите на часот. Со учениците кои послабо напредуваат разговара и работи психологот во училиштето во соработка со нивните родители и по програма за Советување на ученици и родители. |
| *Поттикнување на учениците за преземање одговорност* | Училиштето им дава можност учениците да го кажат своето мислење и тоа да биде земено во предвид. Секоја паралелка има формирано раководство на класна заедница (актив на паралелка) која работи според правилник и според одредена програма. На класен час се работи според програмата за ОЖВ и се дискутира за ефикасна комуникација како битен фактор за добри меѓучовечки односи, за ликот на ученикот и неговиот однос кон учењето и училиштето, за користење на слободното време и други теми кои влијаат на развој на позитивни ставови и однесување кај учениците.<br>Активот на паралелка може да учествува во разгледувањето на успехот, редовноста и поведението на класот, да го унапредува |

| | |
|---|---|
| | другарството и одговорноста, да дава предлози во врска со наставата, педагошки мерки и пофалби.<br>Претседателот на активот е член на Ученичкиот актив на училиштето кој содржи 9 члена и кој има можности да дава мислења, предлози и да соработува со директорот, со управните и стручни органи.<br>Преку проектот „Заедно сме посилни- преку врсничка едукација до здравје и ненасилство“ во реализација на Здружение „Доверба“ Куманово од страна на психологот и обучени врснички едукаторки за ментално и емоционално здравје беа спроведени работилници на повеќе теми како : “Анксиозност” , “Самодоверба” и “Суицид” во кои беа опфатени голем број на ученици, а како резултат се стекнати техники и вештини за справување со анксиозноста и зголемување на самодоверба како и подобрена меѓусебна поддршка, охрабрување, разбирање и посвесно младинско секојдневие.<br>Преку проектот “Промоција на безбедна училишна средина” во реализација на Првата детска амбасада “Меѓаши” Скопје, обучени медијатори со дефектологот и психологот спроведоа работилница на тема: “Спречување на врсничко насилство” каде беа опфатени 20 ученици од нашето училиште. Краен резултат од спроведената активност од страна на врсниците имаме поддршка на жртвата и разговор со насилникот како и поттикнување на другите ученици да не бидат соучесници нити само тивки набљудувачи, туку активни учесници во спречување на насилство и булинг.<br>Преку проектот “Здрави врски-основа за ментално здравје” во реализација на Здружение “Доверба” Куманово, обучени врснички едукаторки и професор Жаклина Јанакиевска спроведоа работилници за препознавање на токсични врски во кои беа опфатени голем број на ученици. Како краен резултат имаме воспоставување здрави односи и препознвање на токсични релации.<br>Беа спроведени и бројни активности за Превенција и справување со насилство во училиштата како: “Како да не се изгубат пријателите?” , “Булинг”, “Врснички групи”, “Кој и зошто ни прави притисок?” и “Црна овца” во реализација на психолог преку кои учениците ги препознаваа заканите по интерперсонални односи, препознаваа ризични врснички групи и нивно влијание врз однесување, како да препознаат булинг, да дадат поддршка на жртвата и истиот да го пријават кај соодветни лица. Се учат техники за справување со стрес, разбирање и препознавање на влијанието на емоциите врз однесувањето и начини за справување со тешки емоции, зголемена самодоверба како и насоки за мирно решавање на проблеми и важноста на конструктивна комуникацијата во меѓучовечките односи.<br>Учениците преземаат одговорност и во разни активности надвор од наставата со цел да го промовираат и афирмираат училиштето (учество на масканбал, Црвен крст, организирање на квизови, презентации, спортски натпревари). |
| *Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето* | Училиштето организира форми во кои се потикнува и мотивира комуникацијата и соработката меѓу учениците и возрасните во училиштето, во наставата и надвор од наставата.<br>Учениците имаат можност да работат во групни проекти. Групите се со различен состав и големини.<br>Таа можност ја имаат со учество во слободни активности предвидени од училиштето:<br>-Драмска секција и јавно говорење;<br>-Спортско рекреативна секција, секција на извидници и еколошка секција (учество на спортски натпревари, извиднички средби, пошумување);<br>-Тим за унапредување на физичко емоционално и ментално здравје;<br>-Тим за меѓуетничка интеграција на младите во образование во кое учествуваат наставници, ученици и родители со цел почитување на верски и етнички разлики како и размена на искуства од разни стручни теми, спортски и културни активности.<br>Програмата за работа на слободните активности ги изготвуваат соодветните наставници преку стручните активи на училиштето.<br>Ученици во соработка со наставниците се обучуваат за давање на прва помош и противпожарна заштита, учествуваат во соодветни натпревари на кои нашите ученици покажуваат завидни резултати. |

| | |
|---|---|
| | Учениците од здравствена струка имаат можност да соработуваат со здружението „Порака наша“ каде се вршат посети и помош на лицата со ментални потешкотиии да учествуваат во заеднички проекти. |
| **3.4. Задоволување на потребите на учениците** | |
| *Идентификување на образовните потреби на учениците* | Поради големината на паралелките и обемноста на материјалот за работа, наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење на секој ученик, но не ги идентификуваат систематски. Се превземаат мал број активности за исполнување на потребите или отстранување на пречките.<br>Образовните потреби се идентификуваат според постигнатите резултати по одредени предмети, активност на час, интерес за одредени области, дискусии на класен час.<br>Наставниците работат со голема група на ученици и немаат можност да ги задоволат индивидуалните образовни потреби на учениците.<br>Психологот преку индивидуални консултации и работилници спроведува активности за идентификација на пречките во учењето и зголемување на мотивацијата за учење. Се работеше на идентификување на лични мотиви за учење, препознавање и справување со фрустрација при учење, методи и техники на учење какои стилови на учење. Се правеше распоред и организација за учење, а како резултат имавме појасен увид кои методи и техники при учење да се користат. |
| *Почитување на различните потреби на учениците во наставата* | Интерактивните техники за учење повеќе ги користат наставниците при одржување на задолжителни активности и слободните часови на училиштето. Учениците работат во групи, дискутираат за начин на присобирање на информации, издвојување на битно од небитно, подготовка на презентација, при што ги развиваат вештините како комуникациска и информатичка писменост, преземање одговорност и други вештини.<br>Повеќето наставници користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат напредокот на учениците. Тоа пак овозможува да секој ученик да го постигне својот максимум. Учениците се вклучуваат во процесот на оценување, а понекогаш се вклучува и класната заедница. |




Од направената анкета со ученици во која учествуваа вкупно 175 ученици, резултатите покажуваат дека учениците генерално имаат позитивна перцепција за условите за учење и наставниот процес.

- Поголемиот дел од учениците се чувствуваат сигурно и безбедно во училиштето.

- Резултатите покажуваат поделеност на мислење  и потреба од порамномерна примена на ИКТ во сите паралелки и наставни предмети.

- Учениците генерално сметаат дека наставниците ги поттикнуваат да учествуваат на часовите.

- Учениците во голема мера чувствуваат дека можат слободно да поставуваат прашања и да добиваат соодветни одговори од наставниците, што укажува на позитивна комуникација и поддржувачка атмосфера во наставата.

- Резултатите покажуваат дека учениците ги препознаваат и во најголем дел ги почитуваат правилата на однесување во училиштето.

Резултатите од анкетата покажуваат дека учениците генерално имаат позитивна перцепција за условите за учење и наставниот процес. Особено позитивно се оценети комуникацијата со наставниците, можноста за поставување прашања и постоењето на јасни правила на однесување. Најголем простор за подобрување се забележува во рамномерната примена на технологијата во наставата и во дополнителното поттикнување на активното учество на учениците.

| | |
|---|---|
| | |
| **3.5.Оценувањето, како дел од наставата** | |
| *Училишна политика за оценување* | Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците.<br>Ученикот во текот на едно полугодие задолжително се оценува најмалку двапати. Кај оние предмети во кои се потребни и писмени одговори учениците добиваат оценка и од писмениот дел. Учениците кои поради одредни причини, најчесто отсуство, не се оценети, класниот раководител ги пријавува на советот на паралелки и понатаму се преземаат соодветни активности.<br>Наставниците ги користат критериумите за оценување на постигањата на учениците кои се темелат на Блумовата таксономија и стандардите за оценување по одделни предмети кои беа препорачани од Бирото за развој на образованието. И покрај тоа кај наставниците од сродни предмети не се среќаваат изедначени критериуми на оценување.<br>Сите наставници во училиштето поминаа обука за унапредување на оценувањето која е реализирана во соработка со Македонскиот центар за граѓанско образование, финансиран од УСАИД: Примена на стандардите за оценување на учениците. |
| *Методи и форми на оценување* | Во наставата при оценувањето на учениците се користат следниве начини: усно и писмено проверување, оценување на практична работа.<br>Оценките од усните одговори се засновани на усни одговори, усни презентации, учество во разговори, дискусија, дебата анализии, критички размислувања.<br>За писмено проверување се користат тестови на знаења, писмени вежби, писмена работа, контролни ливчиња, семинарски или проектни задачи.<br>По математика, македонски јазик и странски јазик наставникот на почетокот на наставната година ги одредува роковите за писмени работи и уредно ги запишуваат во дневник. Во зависност од бројот на часовите по предметот се одредува и бројот на писмените работи во текот на годината.<br>Наставниците ги вклучуваат учениците во процесот на самооценување и меѓусебно оценување. |
| *Користење на информациите од оценувањето во наставата* | Наставниците им даваат редовна повратна информација на учениците за нивната работа.<br>Усните одговори на учениците се проследени со дискусија од страна на наставникот, а понекогаш и на учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања. При сумативното оценување најчесто наставниците даваат поопширно образложување на оценката.<br>При оценување на писмени работи, најчесто по македонски јазик одредени наставници внесуваат и забелешки покрај оценката.<br>Класните раководители го дискутираат напредок и постигањето на учениците на класен час, на родителски средби и редовно ги информираат учениците за активностите што треба да ги преземат, со цел да го подобрат успехот.<br>Наставниците делумно ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и да го подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.. |
| **3.6.Известување за напредокот на учениците** | |

| | |
|---|---|
| *Известување на родителите за напредокот на учениците* | Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.<br>Училиштето редовно собира информации и ги следи постигањата на учениците, се врши анализа на успехот на класен час со класна заедница, на советот на паралелка, со предметните наставници на Наставнички совет преку анализа на успех од стручна служба, на состаноци на активи.<br>Наставниците редовно ги информираат родителите за успехот на учениците на родителски состаноци, најчесто покрај евидентни листови даваат усни препораки за подобрување на постигањето за секој ученик посебно.<br>Во текот на годината се одржуваат четири задолжителни родителски средби, за кои се водат уредни записници во дневник за работа, на кои родителите се запознаваат со постигањето на учениците, се даваат и препораки за подобрување на постигањата на ученикот, пренесување на информации за паралелката во целина . По потреба се одржувани и повеќе формални средби. Родителите добиваат писмени известувања за постигнувањето на своите деца по секој предмет (евидентни листови) за успехот преку нумеричкото оценување од 1 до 5. Евидентните листови овозможуваат континуирано следење на работата и развојот на ученикот, согледувања на потешкотии и спречување на девијатни појави.<br>Пишани извештаи за неформалните средби со класен раководител или предметниот наставник се однесуваат само за родителите на учениците со послаби постигања или за родителите на ученици со проблематично однесување, при што задолжително е присуството на родител, ученик, класен раководител, предметен наставник и претставник на стручна служба. Исто така родители на наведените ученици се упатуваат на Советување на родители реализирана од страна на психологот во училиштето. Советувањето се спроведуваше поради намален успех на учениците, но и нивната нередовност во наставата како и манифестирање на несоодветно однесување. Преку овие советувања училишниот психолог разговара со родителите за промена на нивна комуникација со своите деца како и да се влијае на подобрување на успехот, но и на редовноста и поведението на учениците како и за подобро ментално и емоционално здравје со теми за справување со тешкотии и стрес.<br>Во текот на учебна година се одржуваат родителските состаноци на ниво на класови како и Совет на родители на ниво на училиштето, на почеток на учебна година и по секој класификационен период. Со родителите се дискутира за успехот, поведението и изостаноците на учениците како и други прашања во однос на комуникција, родител, ученик, професор.<br>Следењето на успехот, редовноста и поведението по секој класификационен период се практикува и на Советот на родителите.<br>Родителите и покрај тоа што имаат можност и се повикувани за соработка преку индивидуални контакти со класен раководител, предметни наставници и по потреба со стручна служба, на родителски средби и Совети на родители, насочувани да дискутираат за успехот и за вклучување во воспитно-образовниот процес, ретко ги искористуваат можностите кои им се понудени од училиштето.<br>Практиката покажува дека родителите на послабите и понедисциплинираните ученици се помалку се присутни на родителските средби и поретко соработуваат со училиштето за можноста да се направи промена и напредок на нивните деца. Како причина за малиот одзив најчесто се истакнува нивната презафатеност со работни обврски.<br>Во училиштето се практикува да се истакне распоред со термини (отворени денови) за средба со класниот раководител и се дава можност за индивидуални средби каде може да се разговара на теми за кои вообичаено не може да се дискутира за време на родителските средби.<br>Од родителите не се бара да дадат своја повратна информација за извештајот.<br><br>Училиштето го поддржува и го користи проектот за електронска евиденција на постигањата на учениците односно наставниците редовно водат и електронски дневник. Електронски дневник (Е-Дневник) е проект на Министерството за Образование и Наука (МОН) кој има цел да ја подобри комуникацијата помеѓу наставниците и родителите, да овозможи брз и едноставен увид на информациите од дневникот од страна на наставниците во училиштето, да овозможи централизирани и брзи статистички анализи од МОН и останати државни институции итн. Е-дневникот има функција да овозможи транспарентност, секој родител може лесно да пристапи и да биде |

информиран како за оценките и редовноста  на своето дете така и за актуелните настани во училиштето, писмени работи и други образовни активности.

Направена е и анкета во која учествуваа 168 родители и еве ги резултатите:




- Родителите во најголем дел сметаат дека наставата е добро организирана.
- Резултатите покажуваат дека наставниците применуваат современи методи и пристапи во наставата.
- Поголемиот дел од родителите сметаат дека наставниците ги мотивираат учениците за учење. Сепак, кај дел од родителите има поголем број негативни и неутрални одговори, што укажува дека постои простор за дополнително зајакнување на мотивациските стратегии и активното вклучување на учениците во наставата.

-Постои поделеност на мислењето меѓу родителите, дел изразува високо ниво на доверба во правичноста и објективноста на оценувањето, а кај дел од родителите е присутна поголема воздржаност и критичност.

-Родителите позитивно ја оценуваат навременоста на повратните информации што ги добиваат од наставниците за напредокот на своите деца.

| | |
|---|---|
| | Резултатите од анкетата покажуваат дека родителите генерално се задоволни од организацијата и реализацијата на наставниот процес. Особено позитивно се оценети организацијата на наставата, употребата на различни наставни методи и комуникацијата со родителите. Сепак, резултатите укажуваат и на потреба од понатамошно јакнење на довербата во процесот на оценување и дополнително мотивирање на учениците за учење. |

**Силни страни**

- ✓ Сите наставници одговорно и континуирано изготвуваат годишни, тематски и дневни планирања
- ✓ Се користат разновидни наставни методи, форми и техники
- ✓ Учениците сметаат дека онаа што се учи е применливо, корисно
- ✓ Целосно сочувана, заштитена и исправна компјутерска опрема
- ✓ Активен проект Компјутер за секое дете
- ✓ Постојана интернет конекција
- ✓ Поставеност на смарт табли во секоја училница
- ✓ Осовременување на кабинетската настава
- ✓ Изложување на трудови на учениците
- ✓ Учество на ученици во естетско обликување на училишната средина
- ✓ Високо едуциран наставен кадар
- ✓ Повеќето вработени ги поминале обуките во рамките на МОН и БРО
- ✓ Повеќето наставниците користат разните методи и техники за оценување
- ✓ Наставниците се оспособени за користење на ЕДУБУНТУ образовни софтвери и ИКТ методи
- ✓ Постоење на добри меѓучовечки односи меѓу вработените
- ✓ Постоење на етничка, полова и социјална рамноправност на учениците
- ✓ Комуникација и успешна соработка меѓу учениците, наставниците и стручната служба во училиштето
- ✓ Утврден систем за известување на родителите кој доследно се применува
- ✓ Постојат инструменти за следење на наставници од директор и стручните служби.

**Слаби страни**

- ✓ Нема интерен правилник за оценување
- ✓ Учениците и родителите не се вклучени во градењето на критериуми.
- ✓ Само ученици со подобар успех учествуваат во наставни и вонаставни активности
- ✓ Дел од учениците не се чувствуваат доволно активно вклучени во наставниот процес
- ✓ Одреден број ученици не се чувствуваат целосно сигурно и безбедно во училиштето.

**Приоритети за подобрување:** (*приоритетни области кои може да бидат содржани во Планот за развој на училиштето)*

- ✓ Изготвување на интерна процедура за следење и планирањето на наставниот процес.

- ✓ Градење на политика за оценувањето во училиштето ( изготвување на интерна процедура за оценување и Кодекс за оценување,  изедначување на критериуми и вклучување на родители и ученици во нивно градење).
- ✓ Поттикнување на поголема ученичка активност, иницијативност и интерактивност на часовите.
- ✓ Континуирано унапредување на безбедната и поддржувачка училишна средина.
- ✓ Зајакнување на ученичкото учество во донесувањето и почитувањето на правилата на однесување.
- ✓ Продолжување на практиките кои овозможуваат отворена комуникација помеѓу учениците и наставниците.

Дополнителна документација

**Табела 2 Евиденција за методите и процесите на прибирање на податоци**

| **Прибирање на податоци во клучната област Учење и настава** | |
|---|---|
| **1. Документи:** | **Цел:** |
| Годишни, тематски, месечни и дневни планирања<br>Протокол од посета на часови од директор и стручна служба | -да се провери јасноста на целите наставата, очекуваните исходи и начин на оценување<br>-следењето и вреднувањето на планирањето и подготовката на наставниот час; користење наставни методи и форми; следење на изведбата на наставниот час; атмосфера за учење и воспоставување клима во паралелката; избор на соодветни задачи, активности ; поттикнување и мотивирање на ученици; методи и форми на оценување приоди на наставникот кон учениците; интеракција меѓу учениците и меѓу учениците и наставниците. |
| Програма за работа на училиштето | - користење наставни методи , форми и средства.<br>- соодветни услови за учење<br>- систем за известување на родителите<br>- задоволување на потребите на учениците. |
| Записници од работа на стучни активи | - За да се направи увид за размена на искуства и информации при планирањето, примена на ИКТ, користење на литература<br>- градење на критериуми за оценување |
| Педагошка евиденција и документација | - информации за оценување на учениците<br>- користење на информации од оценувањето во наставата.<br>- евиденции на наставници за средби со родители и известувања за напредокот на учениците.<br>- разгледување на успех, редовност и поведение<br>- планирање на писмени работи |

| **2. Други методи** | **Цел:** |
|---|---|
| Анкета со ученици | Да се согледа доживување на училишна средина и атмосфера за учење на учениците. |
| Разговор со ученичка заедница | Да се согледа степенот на поттикнување на учениците за превземање одговорности, меѓусебна интеракција и интеракција со возрасните во училиштето, учество во оценувањето. |
| Интервју со стручна служба и со директорот. | Да се утврди начинот на подршката и следењето на планирањата на наставникот, следење на наставниот процес. |
| Разговор со наставници | Да се увиди степенот на идентификување на индивидуалните потреби на учениците и почитување на различните потреби. |

| **Подрачје бр.4: Поддршка на ученици** |
|---|
| Тим за спроведување на самоевалуација за Подрачје бр.4: Поддршка на ученици<br><br>Одговорно лице/координатор: Магдалена Трајановиќ<br><br>Членови: Надица Трајковска, Салим Абдули, Симона Трајковска, Ќендреса Мустафи |
| **Индикатори за квалитет:**<br>4.1.Севкупна грижа за учениците<br>4.2.Здравје<br>4.3.Советодавна помош на учениците<br>4.4.Следење на напредокот |

| **4.1.Севкупна грижа за учениците** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| *Заштита од физички повреди и лементарни непогоди* | Планот за заштита и спасување при елементарни непогоди и несреќи го изготвува тим на наставници вз основа на направена процена на загрозеноста.<br>Во планот се опфатени сите можни состојби на загрозеност (елементарни непогоди, војна, епидемии...). Планот содржи организација на активности:<br> -задачи на вработените во случај на потреба од спасување и употреба на материјално-технички средства.<br>На секој кат е истакнат планот за евакуација и има поставено противпожарни апарати.<br>Екипата за прва помош ја води професорката по практична настава од здравствената струка Надица Трајковска. Екипата се обучува во Црвен крст и редовно учествува на натпревари. |
| *Превенција од насилство* | Училиштето е вклучено во проектот ,,Безбедни училишта“ во соработка со МВР во рамките на кој има формирано тимови за безбедност на ниво на секој клас и на ниво на училиште. Во проектот се вклучени ученици, наставници и родители.<br><br>Стручната служба работи на превенција од насилство. Стручната служба има направено повеќе анкети, прашалници и тестови за проблемите со кои се соочуваат учениците во училиштето и надвор од него. Врз основа на добиените податоци во соработка со родителите и наставниците психологот работи поединечно со ученици кои имаат потешкотии во комуникацијата, агресивно се однесуваат, изостануваат од настава или пак имаат здравствени проблеми. Направена е и анкета со ученици со цел да се види и мислењето на учениците.<br> |

| | |
|---|---|
| | Резултатите покажуваат дека учениците генерално имаат позитивна перцепција за поддршката во училиштето, учениците генерално сметаат дека училиштето презема мерки против насилство.  Најсилни страни се чувството на прифатеност, безбедноста и мерките против насилство. Сепак, постојат разлики меѓу учениците, што укажува на нееднакво доживување на училишната поддршка.<br><br>Резултатите од анкетата покажуваат дека најголем дел од родителите имаат позитивна перцепција за разгледаните аспекти од работата на училиштето. Највисок процент од одговорите се концентрирани кај оценките „Се согласувам“ и „Целосно се согласувам“, што укажува на високо ниво на доверба во училиштето и задоволство од неговото функционирање. Помал дел од испитаниците дале неутрални или негативни оценки, што претставува насока за понатамошно унапредување на работата во областите каде што се забележуваат пониски вредности. Генерално, резултатите укажуваат дека родителите го оценуваат училиштето како безбедна, поддржувачка и одговорна средина за воспитно-образовниот развој на учениците. |
| *Заштита од пушење,алкохол и дрога* | Податоци за информираност на учениците за  дрога добиени од анкетата на Службата за превенција при МВР Куманово говорат за различно ниво на познавање на последици од конзумирање на дрога. Преку Ученички совет оддржана е трибина согласно програмата за работа за Спречување и заштита од зависности-цигари, алкохол, дрога, преку која учениците дискутираа за оваа тема и  ги произнесоа нивните |

| | |
|---|---|
| | ставови и мерките за спречување.<br><br>Во програмата ,,Образование за животни вештини“ има работилници кои се работат на класен час со цел превенција од пушење, алкохол и дрога.<br><br>Во програмата по Систем на здравствена и социјална заштита се работи за влијанието на никотинот, алкохолот и дрогата врз здравјето на човекот. |
| *Квалитет на достапна храна* | Во програмата за работа по предметот Систем на здравствена и социјална заштита, учениците се едуцираат за составот на храната и правилна исхрана.<br>Во програмата за работа ,,Образование за животни вештини“ застапени се работилници за значењето на правилната исхрана за здравјето.<br>Во кругот на училиштето има сендвичара од кои најчесто учениците купуваат храна и во нив се запазени сите хигиено- технички услови за работа и се под редовна инспекциска контрола.<br>Училиштето има изготвена процедура за проверка на квалитет на достапна храната на учениците. |
| *Грижа за ученици од социјално загрозени семејства* | Стручната служба во училиштето се грижи за емоционалната, психичката, физичката и социјалната состојба на учениците. Во тие активности е и собирање на помош во облека, книги и материјални средства во соработка со Црвен крст. Социологот и дефектологот водат евиденција на ученици од семејства кои земаат социјална помош а истовремено се корисници и на паричен надомест –УПН. Три пати во тек на учебната година известува во ЦСР за нивната редовност во наставата.<br><br>Стручната служба во училиштео води записници од средба со родители. |
| *Грижа на ученици со психосоматски проблеми и посебни образовни потреби* | Дефектологот има изработено регистер за ученици со посебно образовни потреби кои се со наод и мислење од установа за ментално здравје, како и за учениците со посебни потреби кои се без наод и мислење. Исто така дефектологот води дневник- извештај за учениците со посебни образовни потреби, планови, чекори, цели, достигнувања и успеси на самите ученици како и разговорите и соработките со наставниците и нивните родители.<br><br>Ученици кои имаат интелектуални или физички проблеми се откриваат од страна на дефектологот кој подоцна со нив работи во соработка со наставниците и родителите. Доколку се работи на потешки проблематики или потешкотии кај ученикот, дефектологот изработува индивидуален образовен план за самиот ученик, по кој наставниците работат и се придржуваат. Сите активности кои се преземаат се во согласност со барањата на родителите и во соработка со професорите кои им предаваат, а по потреба се консултираат и стручни лица и институции. |
| **4.2.Здравје на ученици** | |
| *Хигиена и заштита од болести* | -Дискусија на класен час со упатства за одржување на хигиената во училиштето и менување на хигиенските навики<br><br>-,,Хигиената е еден од факторите за подобро здравје, сите имаме одговорност да ја одржуваме“- дискусија на класен час (договор за подобрување на хигиената во класот).<br><br>-Хигиена во училниците и другите простории во училиштето со редовна дезинфекција, а посебно хигиена на санитрарните јазли и |

| | |
|---|---|
| | санитарните чворови како и едукација на учениците за правилно миење на рацете се со цел да се зголеми хигиената и поттикне свеста на учениците.<br><br>- На овие предавања присуствуваа ученици заедно со наставниците, а истите беа одржани во просториите на училиштето од страна на епидемиолози од Ј.З.У. Центар за Јавно Здравје и ендокринолог од Ј.З.У. Општа Болница –Куманово.<br><br>-Одржани се и предавање на тема ,,Контрацепција'', ,,Ментално здравје'', ,,Машко здравје-Мовембер'', ''Ретки болести'', ''Здрави бубрези за сите'', ''Светски ден за борба против ракот'', подготвени од учениците под менторство на професорите од здравствена струка. Предавањата се организираат во нашето училиште и основните училишта освен по повод Светскиот ден на здравјето се оддржуваат постојано трибини на различни теми при што учениците ги презентираат проектните задачи се со цел да се зголеми свеста за превенција кон болестите.<br><br>-Школски активности по повод ,,Денот на екологијата“ со организирање на едукативни предавања „Влијание на човековата околина врз физичкото здравје на луѓето“, учениците во училишниот двор засадија повеќе садници и ги исчистија своите училници при што собраниот отпад го класифицираа.<br><br>Училиштето е вклучено и во проектот „Еко училиште“ и се вклучува во кампањи и натпревари од областа на екологијата.<br>Работилница ''Екологија и ученичка одговорност'' оддржана во месец мај со цел развивање на еколошка свест и одговорно однесување кај учениците. |
| *Подршка на учениците со пречки во развојот* | -Учениците со посебни потреби во развојот ги евидентира дефектологот и работи со нив зависно од проблемот, во соработка со родителите, наставниците кои предаваат со цел да им помага на учениците .<br><br>-За учениците со посебни потреби дефектологот во соработка со наставниците кои им предаваат изготвуваат посебни наставни програми (ИОП ) за предметите кои ги изучуваат во текот на наставната година,<br>-Во училиштето има инклузивен тим со членови од стручната служба и предметните наставници. |
| *Грижа за учениците со здравствени проблеми* | Учениците со здравствени проблеми се детектираат од страна на класните раководители, кои добиваат информации од родителите или од самите ученици преку разговор и преку прашалници изготвени од психологот. На тој начин се добиваат информации како за физичко здравје така и за психолошки проблеми на учениците од типот на страв, недостаток на самодоверба, хиперактивност и сл. Начинот на решавањето на проблемот е индивидуално со ученикот, од страна на психологот и класниот раководител во соработка со родителите .<br><br>-Доколку ученикот отсуствува подолго време од настава од здравствени причини класниот раководител и психологот преку соработка со предметните наставници им помагаат во совладување на испуштениот материјал и вклучување во наставниот процес.<br><br>-Психологот реализира програма за Советување на родители и ученици индивидуално или групно.<br><br>Учениците со посебни образовни потреби се детектираат од страна на дефектологот кој понатаму работи на поддршка и насочување на учениците и наставниците. |

| | |
|---|---|
| *Грижа на ученици систематски прегледи* | Систематските прегледи редовно се вршат во школските амбуланти, навремено се откриваат здравствените проблеми на учениците и се упатуваат на соодветно третирање. Систематски прегеледи се вршат на учениците од прва и четврта година.<br>-Вакцинацијата на учениците се организира и спроведува според календарот за вакцинација на Ј.З.У. Здравствен дом-Куманово и истата се евидентира во здравствената легитимација и картонот за вакцинација на учениците. |
| ***Потикнување на свеста на населението за одржување на своето здравје*** | |
| *Дополнување на знаењето и грижа кон населението од страна на учениците* | Нашето училиште има склучено соработка со Црвен Крст, Ј.З.У. Центар за јавно здравје, Центар за лица со интелектуална попреченост "Порака Наша", Ј.З.У. Здравствен дом, Ј.Д.У ''Ангел Шајче", Дом за стари лица "Зафир Сајто" и Диаверум.<br>На овие активности учениците присуствуваат за време на наставни и вонnаставните активности на кои можат да го збогатат своето знаење и да ја подигнат свеста на хуманоста.<br>-Воннаставните активности ги посетуваат учениците во текот на целата учебна година, направен е план и програма за работа во секоја организација пооделно.<br>Исто така нашите ученици заедно со професорите како и членови од стручната служба посетуваат многу неформални предавања, семинари, работилници, обуки и слично.<br>-Уредување на школскиот двор со изработка и монтажа на клупи за седење, корпи за отпадоци и сл.<br>-Соработка со невладини организации и јавни институции, училишта од останатите градови во Р.С. Македонија и надвор од неа.<br>-Еразмус проект за ученици од здравствена струка под наслов ,,ПОдобрување на практичните вештини на идните медицински сестри следејќи ги европските стандарди на работа'' кој се спроведе во период од 25.04.2026-08.05.2026 во Лисабон, Португалија.<br>-Проект за меѓуетничка соработка со СООУ "Коле Неделковски".<br>-Програма UP SHIFT со изработка на труд од страна на учениците.<br>-Програма за сајбер безбедност кај девојчиња SYbher, свесност за значење на сајбер безбедноста зголемена самодоверба, вештини и мрежи за поддршка на ученици во соработка со British council.<br>-Соработка со Здружение на дијабетичари-Куманово преку акции за мерење на крвен притисок и шеќер во крвта кај нашите сограѓани.<br>-Проект "Здрави врски - основа на ментално здравје" преку кој се реализирани две работилници со родители на ученици од прва и трета година и со наставнички и стручни соработнички од училиштето со цел јакнење на здравата соработка во воспитно-образовниот триаголник наставник-ученик-родител со поддршка на Здружение ''Доверба'' и ''Екуменска иницијатива жена'', Омиш,Хрватска.<br>-Проект Мапирање на човечки капитал и идентификување на млади лица од ранлива категорија. Целта на работилницата е потикнување на личниот и професионалиот развој кај млади и јакнење на нивни вештини преку реализација од Економски институт.<br>-Едукативна работилница на тема ''Намалување на корупцијата во здравството'', со цел подигнување на свеста кај младите за значењето на интегритетот, етиката и транспарентноста во здравствениот систем во соработка со ХЗ Мајка. |
| *Подигнување на свеста за здравата средина* | Во училиштето постои секција за естетско уредување на училиштето чии членови се грижат за естетскиот изглед на училиштето и подигнување на свеста и културата на учениците. Тие користејќи ги своите ликовно творечки вештини изработија витражи и направија изложба на слики и фотографии во училишните ходници за да го разубават просторот во кој престојуваат. |
| **4.3.Советодавна помош за понатамошно** | |

| | |
|---|---|
| **образование на учениците** | |
| *Давање помош при избор на занимањето/ институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување* | Во нашето училиште учениците во текот на целата година имаат можност да добијат помош и од кариерен советник, педагошко-психолошката служба, класните раководители, тим за кариерно советување.<br><br>Родителите пак, информации добиваат преку: самите ученици, родителските средби, Советот на родители.<br><br>Помош при избор на занимање на учениците им се пружа уште при запишувањето во нашето училиште така што ученици кои немаат доволно поени да се запишат во струката која самите ја избрале се запознаваат со можностите кои ги нудат другите струки.<br>Во текот на образованието училиштето обезбедува постојан контакт со стопанските субјекти од општината, се следат нивните потреби и учениците се насочуваат кон струките за кои постои поголема можност за вработување (пр. гасовод, фабрика за заварени цевки и профили и др.) Учениците од здравствена струка практичната настава ја спроведуваат во болницата со што се обучуваат за идната професија.<br>Во текот на учебната година имаше презентации на повеќе високообразовни институции кои ги запознаа учениците со нивните програми и перспективитепо завршувањето. Освен на овој начин кариерните советници, стручната служба и класните раководители ги информираат учениците за можностите за запишување во високо образование како и за вработување и по потреба пружаат индивидуална помош на учениците раководејќи се од покажаните резултати, интереси и потенцијали.<br>Во рамките на програмата за кариерно советување и содржини програмирани од училиштето - Планирање на кариера, учениците се едуцираат за пишување на биографија, интервјуа за работа. |
| **4.4.Следење на напредокот на учениците** | |
| *Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учниците* | Училиштето континуирано води евиденција за поведението, редовноста и развојот на учениците во училиштето преку:<br><br>• Континуирано следење на учениците од страна на класните раководители<br>• Анализа на успехот и редовноста по одредени временски периоди<br>• Организирање на дополнителна и додатна настава<br>• Унапредување на формите и методите во наставата<br>• Советодавна работа со учениците, родителите и наставниците<br>• Компјутерско евидентирање заради графичко споредување на успехот и редовноста<br>• Водење на ученичко досие со сите негови податоци, достигнувања, активности или промени во текот на школувањето<br>• Евиденција на записниците кои се водат за педагошките мерки на учениците<br>• Евиденција за учество во натпревари, јавни презентации или слободни активности<br>• Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците заради графичко споредување на успехот и редовноста<br>Евиденцијата е достапна и до учениците, до наставниците и родителите на различни начини:<br>• Континуирано известување преку евидентни листови и сведетелства<br>• Презентирање на податоците од страна на класните раководители<br>• Презентирање на податоците на состаноци на Советот на родители<br>Достапност до евиденцијта во дневниците за работа:<br>• Компјутерска база на податоци |

- Континуирано известување преку е-дневник
- Презентирање на податоците од страна на класните раководители
- Презентирање на податоците преку советот на родители
- Достапност до евиденцијта во дневниците за работа
- Реферирање на класните на советот на паралелката

Презентирање на Анализите кои ги подготвува стручната служба во училиштето.
Евиденцијата може да се користи за да се подобри успехот во училиштето на различни начини:

- Укажување на новите техники и методи за работа
- Пронаоѓање на нови пристапи во решавањето на проблемите при совладување на материјалот
- Нови начини за подобрување на редовноста или пак поведението на учениците

Таа е добар показател за тоа колку сме успешни како наставници и колку треба да се промениме во нашата работа
Направена е и анкета со наставниците, а резултатите изгледаат вака:




Резултатите од анкетата укажуваат на високо ниво на позитивни ставови во однос на безбедноста, поддршката и грижата што училиштето им ја обезбедува на учениците. Кај сите пет прашања најголем дел од испитаниците ги избрале одговорите „Се согласувам“ и „Целосно се согласувам“, што укажува на позитивна перцепција за квалитетот на воспитно-образовната работа и училишната клима.
Највисоко е оценета советодавната поддршка што учениците ја добиваат кога е потребно, при што 76,4% од испитаниците се согласуваат или целосно се согласуваат со ова тврдење. Високи оценки добиле и обезбедувањето безбедна училишна средина (70,6% позитивни одговори), следењето на индивидуалниот напредок на учениците (73,5%), како и активностите за превенција од насилство и грижата за

| | |
|---|---|
| | здравјето на учениците (по 76,5% позитивни одговори).<br>Процентот на негативни одговори (одговори 1 и 2) е релативно низок кај сите прашања, што укажува на високо ниво на доверба во работата на училиштето. Одреден дел од испитаниците дале одговор „Делумно се согласувам“, што укажува дека постои простор за понатамошно унапредување на активностите и нивна поголема видливост и препознатливост.<br>Генерално, гледано од резултатите наставниците сметаат дека училиштето успешно обезбедува безбедна и поддржувачка средина, континуирано работи на превенција од насилство, води грижа за здравјето на учениците, обезбедува советодавна поддршка и систематски го следи нивниот индивидуален напредок. |
| *Анализа на напредокот на учениците по паралелки* | Анализа на успехот и редовноста се прави по одредени временски периоди  на ниво на паралелка, на ниво на година, по активи и по струки.<br>Анализите кои ги прави класниот раководител се презентираат на класни совети за секој класификационен период.<br>Анализите кои ги подготвува стручната служба во училиштето се презентираат на Наставнички совет. Врз основа на овие анализи активите по струки донесуваат заклучоци за напредокот по одредени предмети и планираат активности за подобрување на успехот како дополнителна настава кај послабите ученици  или додатна за ученици кои покажуваат посебен интерес за проширување на знаењата.<br>Анализите можат да се користат за да се подобри успехот во училиштето на различни начини*:*<br>• Укажување на новите техники и методи за работа, посебно користење на ИКТ во наставата<br>• Пронаоѓање на нови пристапи во решавањето на проблемите при совладување на материјалот.<br>• Нови начини за подобрување на редовноста или пак поведението на учениците.<br>• Вклучување во  вonнаставни активности, посети на изложби, театарски претстави, организирање на екскурзии.<br>• Учество на: општински, регионални, државни натпревари, интерни конкурси, литературни средби, спортски активности,  Кумановски маскембал, крводарителска акција.<br>Постигнати резултати: Сите овие активности резултираат со голем број на награди, признанија и благодарници од различни области. Тоа е добар показател за тоа колку сме успешни како наставници и колку треба да се промениме во нашата работа.<br>На ученикот кој преминува во друго училиште му се издава преведница/исписница со печат и потпис од класниот раководител и директорот, заведена во деловодникот. При тоа му се запишуваат сите дотогашни постигната резултати, односно до моментот на испишување од училиштето. За примање на нови ученици во текот на годината добиваме исти податоци.<br>Во отсуство на вакви податоци , бараме од претходното  училиште писмено односно телефонски, се додека ги добиеме вистинските односно законските документи потребни за запишување на ученикот во текот на годината. |

**Табела 1 :	Евиденција за методите и процесите на прибирање на податоци**

| **Прибирање на податоци во областа  Поддршка на ученици** | |
|---|---|
| **1. Документи:** | **Цел:** |
| Заштита од физички повреди и елементарни непогоди | План за заштита и спасување кој содржи: план за евакуација, посебни документи за ангажирање на силите за заштита и спасување |

| | | |
|---|---|---|
| | Превенција од насилство | Резиме од проектот ,,Безбедни училишта''<br><br>-Дневник за работа на психологот,<br>Прашалници за:<br>-испитување поим за себе<br>-самозаштитни механизми<br>-скала за агресивно однесување<br>-скала за општа анскиозност<br>-стрес тест |
| | Заштита од пушење, алкохол и дрога | -Програма за работа на класен час<br>-Програмата за превенција од злоупотреба на алкохол, тутун, дроги и други психотропни супстанци |
| | Квалитет на достапна храна | -Програма за работа на класен час<br>-Извештаи за здрвстена безбедност на храна и санитарни книшки на вработените од сендвичарите во кругот на училиштето<br>-Процедура за контрола на храна |
| | Грижа за ученици од социјално загрозени семејства | -Дневник за работа на социологот и дефектолог – евиденција за УПН<br>-Записници од средби со родителите |
| | Грижа на ученици со психосоматски проблеми и посебни образовни потреби | -Дневник за работа на дефектологот– евиденција на ученици со посебни образовни потреби<br>-Досие, регистер и грижа на ученици со психосоматски проблеми и пречки во развој |
| | Хигиена и заштита од  болести | -Дневник за работа на паралелка<br>-Програма за работа на класен час<br>-Кодекс на однесување<br>-Едукативни предавања на тема СИДА , Диабет, грип, морбили<br>-Проект  „Еко училиште“ |
| | Подршка на учениците со пречки во развојот | -Годишна програма за работа на училиштето<br>-Изготвување на наставна програма за потребите на учениците со посебни потреби<br>-Посета на час од стручната служба |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | -Дневник за работа на психолог<br>-Записник од Советување на родители |
| | Анализа на напредокот на учениците по паралелки | -Дневник за работа на паралелка<br>-Табеларни извештаи од секој класификционен период за успех, редовност и поведение во класот<br>-Анализи од стручната служба по секој класификационен период<br>-Записници од класни совети |

| | |
|---|---|
| | -Записници од наставнички совети |

**Силни страни**

- ✓ Училиштето обезбедува сигурна и здрава атмосфера, во која учениците имаат чувство на самоувереност, професионалност и успешност.
- ✓ Во училиштето има дежурство од страна на наставниците од нашето училиште, како и вграден безбедносен систем од камери.
- ✓ Добра меѓусебна соработка и комуникација на наставниците, како и со родителите и стручната служба во паралелки кои учат на македонски и албански наставен јазик.
- ✓ Училиштето овозможува постојана заштита и надгледност при користење на разни апарати и машини.
- ✓ Во училиштето постои стручната служба која се грижи за емоционалната, физичката и социјалната состојба на сите ученици (машки и женски).
- ✓ Во училиштето се води редовна анализа и евиденција за присутноста на учениците од страна на стручната служба.
- ✓ Постои континуирано известување на учениците и родителите за редовноста на учениците.
- ✓ Учениците добиваат насоки и советодавна помош од страна на стручната служба на училиштето.
- ✓ Едукација во врска со пороците со кои секојдневно се опкружени кои влијаат негативно на психофизичкиот развој.
- ✓ Сигурност и безбедност на учениците во училиштето.
- ✓ Учениците се вклучени во воннаставни активности според сопствените интереси и покажуваат завиден успех на натпревари од различни области освојувајќи голем број награди.
- ✓ Учениците стручно се оспособуваат во добро опремени работилници и со користење на современи методи во наставата вклучувајќи и компјутери.
- ✓ Учениците се информираат добро и навремено преку соопштенија, огласна табла.
- ✓ Училиштето има одлична соработка со ЈЗУ "Здравствен Дом", редоовно се грижат за здравјето преку вакцини, систематски прегледи, предавања, а исто така учествува во обука на наши ученици од медицинска струка.
- ✓ Училиштето соработува со Црвен крст (брошури, предавања), а учениците во голем број учествуваат во хуманитарната акција ”Даруваме крв“.
- ✓ Успешна е соработката со невладини организации, како што се Здружение „Доверба“, преку која учениците се обучуваат за комуникацискио вештини, ЗГ ”ДРОМ“, која се грижи за учениците од ромска етничка заедница, ЗГ ”ЦИД” кое промовира меѓуетнички дијалог и соработка, ЗГ ”Мајка” и Прва детска амбасада ”Меѓаши”.
- ✓ Деталната евиденција за поведението, редовноста и успехот на учениците во текот на учебната година е поделена на четири класификациони периоди и две полугодија. За време на учебната година секој ученик перманентно се следи (успех, редовност и поведение), а кога се забележат некои аномалии се соработува со неговото семејство, стручната служба, а по потреба и со институции.

**Слаби страни**

- ✓ Не постојат соодветни форми за зголемување на интересот на родителите за напредокот на учениците.
- ✓ Недоволен број на медицински прегледи кои би требало да се однесуваат на конкретни болести кои се можни кај младата школска популација.
- ✓ Нема доволно средства за помош на ученици од социјално загрозени семејства.
- ✓ Нема средства за асистивна технологија за ученици со посебни образовни потреби.
- ✓ Нема материјали и техники кои се потребни за ученици со посебни образовни потреби.

**Приоритети за подобрување:** (*приоритетни области кои може да бидат содржани во Планот за развој на училиштето)*

- ✓ Зајакнување на соработката со родителите преку воведување на разновидни форми на комуникација, тематски работилници, советувалишта и активности кои ќе го зголемат нивното активно учество во следењето на успехот, редовноста и психосоцијалниот развој на учениците.
- ✓ Унапредување на здравствената заштита и превенцијата преку воспоставување почеста соработка со здравствени институции за организирање дополнителни превентивни прегледи, скрининзи и едукативни активности за заболувања карактеристични за адолесцентската возраст, како и за унапредување на менталното

| |
|---|
| здравје.<br>✓ Обезбедување поголема поддршка за учениците од социјално ранливи семејства преку развивање партнерства со локалната самоуправа, хуманитарни организации, компании и донатори, со цел обезбедување финансиска, материјална и образовна поддршка.<br>✓ Подобрување на условите за инклузивно образование преку обезбедување асистивна технологија, современи дидактички материјали и наставни средства за учениците со посебни образовни потреби, како и континуирано унапредување на компетенциите на наставниот кадар за нивна примена.<br>✓ Обезбедување дополнителни наставни и дидактички материјали прилагодени на индивидуалните потреби на учениците со посебни образовни потреби, со цел нивно поуспешно вклучување во наставниот процес и подобрување на постигањата.<br>✓ Јакнење на интерсекторската соработка со здравствени, социјални и невладини институции за обезбедување навремена и сеопфатна поддршка на учениците кои се соочуваат со здравствени, социјални или образовни ризици.<br>✓ Развивање на систем за обезбедување дополнителни ресурси преку проекти и донации, со цел подобрување на условите за учење, инклузија и еднаков пристап до образование за сите ученици. |

| **Подрачје бр.5: Училишна клима** | |
|---|---|
| Тим за спроведување на самоевалуација за Подрачје бр.5: Училишна клима<br>Одговорно лице/координатор: Михајло Петковски<br>Членови: Сашо Илиевски, Маљинда Куртиши, Сања Бојковска, Фадбарк Даути | |
| **Индикатори за квалитет**<br>5.1 Училишна клима и односи во училиштето<br>5.2 Промовирање на постигањата на учениците и училиштето<br>5.3 Еднаквост и правичност<br>5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница | |
| **5.1 Училишна клима и односи во училиштето** | **Анализа на резултати и податоци** |
| | Училиштето континуирано работи на создавање и унапредување на позитивна, безбедна и поттикнувачка училишна клима, заснована врз принципите на професионалност, взаемно почитување, одговорност, транспарентност и тимска работа. |

| | |
|---|---|
| *Углед / имиџ на училиштето* | Воспоставените односи меѓу наставниците, стручните соработници, учениците, родителите и раководниот кадар придонесуваат за градење на позитивен углед и препознатливост на училиштето во локалната заедница.<br><br>Професионалното и етичко однесување на вработените, квалитетната организација на воспитно-образовниот процес и постојаното вложување во развојот на училиштето претставуваат значајни фактори за одржување и унапредување на неговиот јавен имиџ.<br><br>Училиштето активно ги промовира постигнувањата на учениците и наставниците преку учество на натпревари, јавни настани, проекти, хуманитарни активности и соработка со локалната заедница. Овие активности придонесуваат за афирмација на училиштето како современа, отворена и општествено одговорна воспитно-образовна институција.<br><br>Посебно внимание се посветува на обезбедување безбедна училишна средина, заштита на здравјето на учениците, почитување на човековите права, еднаквоста, родовата сензитивност, мултикултурализмот и инклузивноста. Во училиштето функционира Тим за безбедност, во кој активно учествуваат ученици од сите паралелки, а во соработка со надлежните институции редовно се реализираат превентивни активности, едукативни работилници и информативни кампањи за унапредување на безбедноста. |
| *Кодекс на однесување* | Училиштето располага со усвоен Кодекс на однесување кој ги дефинира правата, обврските и етичките принципи на сите учесници во воспитно-образовниот процес: учениците, наставниците, стручните соработници, раководниот кадар, административно-техничкиот персонал, родителите и посетителите.<br><br>Кодексот е изработен преку партиципативен процес со вклученост на сите релевантни структури и претставува основа за развивање култура на меѓусебно почитување, одговорност и професионално однесување. Неговата примена редовно се следи, а при утврдени отстапувања се постапува согласно законските прописи, Статутот на училиштето и интерните правилници. |
| *Здрава училишна клима* | Во училиштето се негува атмосфера на доверба, соработка и взаемно почитување. Односите меѓу наставниците, учениците и останатите вработени се засноваат на еднаков и правичен третман, почитување на различностите и конструктивна комуникација.<br><br>Наставниците меѓусебно соработуваат преку работата на стручните активи, размена на професионални искуства и заедничко планирање на воспитно-образовните активности. Стручната служба и раководниот тим континуирано обезбедуваат поддршка во решавањето на воспитни, социјални и психолошки прашања.<br><br>Училиштето негува инклузивна средина во која сите ученици се чувствуваат прифатени, без оглед на полот, етничката припадност, верската определба, социјалниот статус или индивидуалните способности. Појавите на несоодветно однесување се евидентираат, анализираат и навремено се надминуваат преку соработка меѓу класните раководители, стручната служба, родителите и надлежните институции. |
| | Во училиштето владее позитивна работна атмосфера која овозможува непречено реализирање на наставните и воннаставните активности. Наставниците редовно вршат дежурства и доследно ги применуваат воспоставените процедури за обезбедување ред, дисциплина и безбедност. |

| | |
|---|---|
| *Поведение и дисциплина во училиштето* | Евиденцијата покажува дека најчестите проблеми се поврзани со доцнења на учениците и повремени неоправдани изостаноци. Благодарение на навременото следење, советодавната работа со учениците и родителите и примената на педагошките мерки, овие појави се намалуваат.<br><br>При постапувањето во случаи на прекршување на училишните правила се применуваат принципите на правичност, еднаков третман, индивидуален пристап и воспитно дејствување. |
| *Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки* | Училиштето обезбедува можности учениците активно да учествуваат во донесувањето одлуки и во креирањето на училишниот живот преку ученичката заедница, ученичкиот парламент и различни комисии и тимови.<br><br>Учениците се вклучени во работата на Тимот за безбедност, Тимот за медијација, Тимот за медиумска писменост, Тимот за превенција од родово базирано насилство, Локалниот совет за превенција и други училишни иницијативи.<br><br>Нивните мислења и предлози се земаат предвид при планирањето и реализацијата на активностите, со што се развива демократска култура, чувство на одговорност и припадност кон училиштето. |
| **5.2 Промовирање на постигањата на учениците и училиштето** | |
| *Промовирање на личните постигања на учениците* | Училиштето систематски ги препознава, вреднува и промовира постигањата на учениците како значаен фактор за нивниот личен развој, мотивација и афирмација на училиштето. На сите ученици им се обезбедуваат еднакви можности да ги развиваат своите знаења, способности, таленти и интереси преку учество во наставни, воннаставни и проектни активности, како и на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари и конкурси.<br><br>Наставниците континуирано ги мотивираат учениците преку позитивна повратна информација, пофалби и поттикнување на нивното активно учество во различни форми на учење и натпреварување. Посебно внимание се посветува на идентификување и поддршка на талентираните ученици преку дополнителна настава, менторска работа и индивидуализиран пристап.<br><br>На крајот од наставната година училиштето доделува пофалници, благодарници и пригодни награди на учениците кои постигнале значајни резултати во воспитно-образовната работа, на натпревари, конкурси, културни, спортски, хуманитарни и други активности.<br><br>Постигањата на учениците редовно се презентираат на седниците на Наставничкиот совет, состаноците на стручните активи, свечените училишни манифестации, патронатот на училиштето, на официјалната веб-страница, социјалните медиуми и преку локалните медиуми. На овој начин се афирмира успешната работа на учениците и наставниците и се зајакнува позитивниот углед на училиштето. |

| | |
|---|---|
| *Промовирање на постигањата во име на училиштето* | Училиштето развива систем за препознавање, вреднување и јавно промовирање на успехот на учениците и наставниците. Преку организирање јавни презентации, изложби, натпревари, свечени академии, промотивни настани и учество во локални и национални манифестации, училиштето ги претставува своите достигнувања пред родителите, локалната заедница и пошироката јавност.<br><br>Наставниците-ментори реализираат дополнителна работа со учениците кои покажуваат посебен интерес и потенцијал за учество на натпревари, при што се применуваат современи методи на подготовка и индивидуална поддршка. Овој пристап придонесува за континуирано подобрување на резултатите и успешно претставување на училиштето.<br><br>Во согласност со интерните акти, училиштето обезбедува признанија за учениците и наставниците кои постигнале значајни резултати во воспитно-образовната работа. Особено се вреднуваат:<br><br>• наставници – класни раководители чии паралелки се истакнуваат со високи постигања, примерна дисциплина и редовност;<br>• наставници – ментори на ученици и екипи кои освоиле награди на општински, регионални, државни или меѓународни натпревари;<br>• наставници кои реализирале успешни проекти, хуманитарни, културни, еколошки или други активности со значајно учество на учениците.<br><br>Со воспоставениот систем на јавно признавање и наградување се поттикнува култура на успех, професионален развој и континуирано подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа. |
| **5.3 Еднаквост и правичност** | |
| *Познавање на правата на децата* | Училиштето континуирано реализира активности насочени кон запознавање на учениците со нивните права, обврски и одговорности согласно законската регулатива и меѓународните документи за заштита на правата на детето.<br><br>Во соработка со релевантни институции се организираат работилници, трибини, дебати, предавања и едукативни кампањи посветени на детските права, превенцијата од насилство, дискриминација, говорот на омраза, зависностите и другите современи предизвици.<br><br>Во училиштето е формиран училишен правобранител на учениците, како и двајца негови заменици, кои активно работат на промовирање, заштита и унапредување на правата на децата. Тие претставуваат поддршка за учениците во остварувањето на нивните права, поттикнуваат меѓусебно почитување, еднаков третман и ненасилна комуникација, како и соработуваат со стручната служба и наставниците при разгледување на прашања и иницијативи поврзани со ученичките права и интереси.<br><br>Наставниците, стручните соработници и раководниот кадар доследно постапуваат во насока на заштита на најдобриот интерес на ученикот, обезбедувајќи поддршка, советување и навремена интервенција секогаш кога постои ризик од повреда на неговите права. |

| | |
|---|---|
| *Еднаков и правичен третман на сите ученици* | Во училиштето се обезбедува еднаков пристап до образование за сите ученици, независно од полот, етничката припадност, верската определба, социјалниот статус, индивидуалните способности или други лични карактеристики.<br><br>Наставниците применуваат разновидни наставни стратегии, диференцирани активности и индивидуализиран пристап, со цел да одговорат на различните образовни потреби на учениците и да обезбедат еднакви можности за напредување.<br><br>Во наставата и вонннаставните активности се промовираат вредности како што се толеранцијата, почитувањето на различностите, солидарноста, емпатијата, соработката и демократското учество.<br><br>Училиштето има воспоставени механизми за спречување и навремено постапување во случаи на дискриминација, вознемирување или нееднаков третман, при што сите пријави се разгледуваат објективно, доверливо и согласно утврдените процедури. |
| *Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот* | Училиштето претставува мултикултурна и инклузивна средина во која се почитуваат културните, јазичните, верските и етничките различности.<br><br>Учениците и наставниците активно учествуваат во заеднички проекти, работилници, културни манифестации, спортски активности и хуманитарни акции кои придонесуваат за развивање меѓусебна доверба, соработка и почитување.<br><br>Особено внимание се посветува на инклузијата на учениците со попреченост и учениците со различни образовни потреби, преку обезбедување соодветна поддршка и создавање средина во која секој ученик има можност активно да учествува во сите аспекти на училишниот живот.<br><br>Преку проектни активности и партнерства со други училишта и институции се развиваат интеркултурни компетенции, демократски вредности и култура на мир, со што се зајакнува чувството на припадност и взаемно почитување меѓу сите членови на училишната заедница. |
| **5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** | |
| *Соработка на училиштето со родителите* | Училиштето гради партнерски односи со родителите и старателите, засновани на взаемна доверба, транспарентност, почитување и заедничка одговорност за воспитно-образовниот развој на учениците. Родителите се препознаваат како значајни партнери во планирањето, реализацијата и унапредувањето на воспитно-образовниот процес. |

| | |
|---|---|
| | Комуникацијата со родителите се одвива континуирано преку родителски средби, индивидуални разговори, советувања, електронски средства за комуникација и други форми на соработка. Наставниците, стручните соработници и директорот се достапни за навремено информирање и консултации во врска со напредокот, редовноста, поведението и благосостојбата на учениците.<br><br>Советот на родители активно учествува во разгледувањето на прашања од значење за работата на училиштето, дава мислења и предлози и придонесува кон донесување одлуки што се во интерес на учениците и училиштето.<br><br>За учениците кај кои се евидентирани потешкотии во учењето, редовноста или однесувањето, училиштето организира советодавна работа со родителите, во која активно се вклучуваат психологот, педагогот, социологот, класниот раководител и предметните наставници. Преку ваквиот пристап се обезбедува навремена поддршка и се јакне партнерството меѓу училиштето и семејството. |
| *Соработка со локалната заедница* | Училиштето е активен чинител во локалната заедница и воспоставува партнерства со единицата на локалната самоуправа, јавните институции, културните установи, здравствените институции, безбедносните служби и други организации.<br><br>Во текот на учебната година се реализираат заеднички активности, едукативни работилници, трибини, хуманитарни акции, културни и спортски настани, еколошки кампањи и проекти од заеднички интерес.<br><br>Преку овие активности учениците развиваат чувство на граѓанска одговорност, волонтеризам, солидарност и активно учество во општествениот живот, а училиштето ја зајакнува својата препознатливост и улога во локалната средина. |
| *Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор* | Училиштето континуирано ја развива соработката со компании, стопански субјекти, занаетчиски комори, јавни претпријатија и организации од граѓанскиот сектор, со цел унапредување на квалитетот на практичната настава и подобрување на компетенциите на учениците.<br><br>Практичната настава, учењето преку работа кај работодавач и професионалната практика се реализираат во согласност со наставните планови и програми, во соработка со компании кои обезбедуваат современи услови за стекнување практични знаења и вештини.<br><br>Во рамките на партнерската соработка училиштето реализира заеднички проекти, стручни посети, обуки, презентации и активности насочени кон развој на претприемничките компетенции, кариерното советување и полесна интеграција на учениците на пазарот на трудот.<br><br>Училиштето успешно соработува и со образовни институции, центри за образование на возрасни, невладини организации и други партнери при реализација на национални и меѓународни проекти, со што се создаваат дополнителни можности за професионален развој на наставниците и учениците. |
| *Заклучок за училишна клима во училиштето* | Врз основа на анализата на расположливата документација, резултатите од анкетите, разговорите со учениците, родителите, наставниците и стручните соработници, како и увидот во реализацијата на воспитно-образовниот процес, може да се констатира дека училиштето обезбедува позитивна, безбедна, демократска и инклузивна средина за учење и работа. |

| | |
|---|---|
| | Во училиштето се негуваат вредностите на професионалност, соработка, взаемно почитување, еднаквост и одговорност. Воспоставените партнерства со родителите, локалната самоуправа, институциите и деловната заедница значително придонесуваат за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа.<br><br>Иако се евидентирани одредени инфраструктурни и организациски предизвици, училиштето располага со јасна визија, соодветни механизми и капацитет за нивно надминување преку систематско планирање, тимска работа и континуирано унапредување на квалитетот. |

**Силни страни:**

- Позитивна, безбедна и инклузивна училишна клима.
- Високо ниво на меѓусебно почитување и професионална соработка меѓу сите учесници во воспитно-образовниот процес.
- Јасно дефиниран и доследно применуван Кодекс на однесување.
- Развиена ученичка партиципација преку ученичката заедница, ученичкиот парламент и различни тимови.
- Континуирано промовирање на постигањата на учениците и наставниците.
- Почитување на принципите на еднаквост, правичност, инклузивност и недискриминација.
- Развиена соработка со родителите, локалната самоуправа, институциите и деловната заедница.
- Квалитетна реализација на практичната настава преку партнерства со работодавачи.
- Современо опремени училници со смарт табли и мултимедијална опрема.
- Подобрена спортска и инфраструктурна опременост на училиштето.
- Континуирано учество во локални, национални и меѓународни проекти.

**Слаби старни :**

- Обезбедување посебна просторија за индивидуални разговори и советување на родители.
- Проширување на просторните капацитети согласно потребите на училиштето.
- Подобрување на санитарната инфраструктура за учениците и вработените.
- Уредување на простор за одмор и исхрана на учениците и вработените.

- Понатамошно намалување на доцнењата и неоправданите изостаноци преку превентивни мерки.
- Натамошно зајакнување на ученичката иницијативност и учество во процесите на донесување одлуки.

**Приоритети за подобрување:** ( *приоритетни области кои може да бидат содржани во Планот за развој на училиштето)*

Во наредниот развоен период училиштето ќе ги насочи своите активности кон:

- понатамошно унапредување на училишната клима и благосостојбата на учениците;
- јакнење на демократското учество на учениците и родителите;
- развој на инклузивни практики и промовирање на еднаквоста и човековите права;
- проширување на соработката со локалната заедница, стопанството и граѓанскиот сектор;
- унапредување на материјално-техничките услови за работа;
- развивање систем за континуирано следење и евалуација на училишната клима и задоволството на сите учесници во воспитно-образовниот процес.

Дополнителна документација

**Табела 2 Евиденција за методите и процесите на прибирање на податоци**

| **Прибирање на податоци во клучната област Училишна клима** | |
|---|---|
| **1. Документи:** | **Цел:** |
| Кодекс за однесување | Да се проверат процедурите за однесување на сите структури вклучени во воспитно образовниот процес |
| Годишна програма за работа на училиштето | Да се утврдат подрачја на дејноста кои се планирани, реализатори и динамика на реализација |
| Годишен извештај за работа на училиштето | Да се согледа што и колку успешно од планираното е реализирано |

| | |
|---|---|
| Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки (дневник и записник од Наставнички совет) | Да се согледаат причините, правичноста и доследноста во изрекувањето на педагошката мерка |
| Записници од наставнички совет | Да се утврди состојбата со изнесување на податоци од следењето на успехот, редовноста и поведението на учениците |
| Дневник за работа на паралелката, записници од родителски состаноци | Да се приберат податоци во врска со редовното евидентирање на отсуствата и причините за отсуството на учениците и согледување на други проблеми од интерес за учениците |
| Интерни дневници на стручните соработници | Да се утврдат видовите и степенот на советодавна помош која им ја пружаат стручните соработници на различни профили ученици |
| Статут на училиште | Да се согледаат правата и обврските на учениците пропишани со статутот и изрекувањето на педагошките мерки, стручните органи и тела во училиштето и јавност во работата на училиштето и неговите органи |

| **2. Други методи** | **Цел:** |
|---|---|
| Прашалници - анкета за учениците, наставниците и родителите | Да се скенира мислењето на сите субјекти за состојбата со безбедноста во училиштето и советодавната помош и услуги што се добиваат |
| Медиумско промовирање на постигањата на учениците,изложени трудови и паноа со пофалби | Согледување на степенот на промовирањето на постигањата на учениците и градење имиџ на училиштето |
| Интервју со стручните соработници, директорот и поодделни наставници во централното училиште | Да се согледаат разновидните форми на соработка со  родителите, локалната заедница, стопанските организации и невладиниот сектор |

**Подрачје бр. 6: Ресурси**

Тим за спроведување на самоевалуација за Подрачје бр.6: Ресурси

Одговорно лице/координатор: Бобан Максимовски

Членови: Александер Цветков, Наим Мисини, Марјан Спасиќ, Фатри Салиу

Индикатори за квалитет

6.1 Сместување и просторни капацитети

6.2 Наставни средства и материјали

6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

6.5 Финансиско работење во училиштето

| Теми | Анализа на резултати и податоци |
|---|---|
| *Просторни услови* | ОСТУ „Наце Буѓони„ работи во две згради од цврста градба. Првата зграда е на два спрата со површина од 4872 $m^2$, изградена во 1964 година, наменета за теоретска настава, а наставата се изведува во две смени. Втората зграда е со 949 $m^2$, изградена во 1960 година, наменета за практична настава, а наставата се изведува во две смени. Располага со комплекс на машински работилници за изведување на практична настава од машинска струка. Комплекс од електро кабинети за изведување на практична настава од електро струка, кабинет по техничко цртање и нацртна геометрија со аутокад, кабинет по инфирматика кој целосно е опремен со компјутерска опрема и приклучен на интернет. Во втората зграда е инсталиран систем за парно греење). Училишниот центар располага со 16195 m2 дворна површина од кои околу 1500 m2 се озеленети. Во склоп на училишната зграда има 15 училници со вкупна површина од 1460 m2, 4 кабинети за настава (машински-1, за здравствена струка-1 и за електротехника-2), 1 училница предвидена за кариерен центар од 40 m2 , библиотека со 26m2, 7 канцеларии со површина 206m2. Во склоп на втората заграда за практична настава се наоѓа комплекс на 5 кабинети од машинска струка, 3 електро кабинети за изведување на практична настава, 1 кабинет по информатика и техничко цртање со нацртна геометрија и аутокад, 1 училница, 1 работилница за изработка на алуминиумска столарија, и 1 просторија за магацин. Училниците и заедничките простории се соодветни на намената (со површина и осветленост) и во оптимални услови одговараат со бројот на ученици кои следат настава |

| | |
|---|---|
| | во нив.<br><br>Хигиената во санитарните простории е на задоволително ниво.<br><br>Заштитата и безбедноста на просториите и училишниот инвентар се запазува преку дежурства од страна на учениците, наставниците, техничкиот персонал. Ноќе објектот се обезбедува со четворица чувари кои работат во смени.<br><br>Училишниот центар располага со спортска сала без трибини - модел 1 - 650 m2 опремена со сите неопходни реквизити за изведување на квалитетна настава по предметот спорт и спортски активности. Училиштето располага со најсовремена атлетска патека со површина од 1716 m2 и должина на патеките од 200m каде учениците извршуваат дел од активностите, едно игралиште за мал фудбал со монтажни трибини, и две баскет игралишта без трибини.<br><br>За темата просторни услови е спроведена и анкета меѓу наставниците, родителите и учениците.<br>Резултатите го прикажаа следниов заклучок<br>Наставници: Резултатите покажуваат различни ставови во однос на просторните услови во училиштето. Дел од наставниците сметаат дека условите не се доволно соодветни за квалитетна реализација на наставата, додека други ги оценуваат како многу добри. Заеднички гледано, училиштето располага со основни просторни капацитети, но постои простор за понатамошно унапредување.<br><br>Родители: Резултатите покажуваат различна перцепција кај родителите во однос на просторните услови. Дел од родителите сметаат дека условите не се доволно добри и потребни се дополнителни подобрувања, додека друг дел ги оценува како многу добри. Ова укажува дека условите можеби не се еднакво перципирани или постојат разлики во искуствата на родителите.<br><br>Ученици: Резултатите покажуваат поделени ставови. Дел од учениците сметаат дека училниците се уредни и погодни за учење, додека друг дел укажува на потреба од подобрување на условите. Во целина, може да се заклучи дека постојат основни услови за работа, но има простор за понатамошно унапредување на училишната средина.<br><br>Дополнителната анализа на резултатите укажува дека разликите во перцепцијата на просторните услови во одредена мера се поврзани со просториите во кои се реализира наставата. Имено, учениците и родителите од паралелките кои наставата ја следат во подрачната (посебна) училишна зграда во поголем процент ги оценуваат просторните услови како помалку задоволителни во споредба со учениците и родителите од паралелките кои наставата ја следат во главната училишна зграда. Овие согледувања укажуваат на потребата од понатамошно унапредување и изедначување на просторните услови во сите училишни објекти, со цел обезбедување еднакви услови за квалитетно воспитно-образовно работење за сите ученици. |
| *Искористленост на просторните капацитети* | Во училиштето постои разработен план за користење на училнишните простории во зависност од бројот на ученици во паралелка според кој секоја просторија е користена од две паралелки во смени, на тој начин се запазува оптималната искористеност на просториите според потребите.<br><br>Кабинетите во училиштето се користат според распоредот на часови усогласен со наставните планови и програми. |

| | |
|---|---|
| | Во училиштето во делот на албанските паралелки теоретската настава се изведува во самата зграда и во дополнителни 6 мобилни училници со површина од 300 $m^2$. Училиштето работи во две смени.<br><br>Капацитетите се користат оптимално од страна на сите членови во училиштето.<br><br>И покрај разликите во оценувањето на ресурсите, поголем дел од родителите сметаат дека постојните ресурси се користат во интерес на учениците и придонесуваат за реализација на воспитно-образовниот процес |
| *Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала* | Училиштето располага со ограничен број на стручна литература која соодветствува со важечките наставни планови и програми. Поголем дел се од постар датум на издавање. Училиштето прави напори за набавка на понова стручна литература и во изминатиот период се набавени по два примерока од учебниците од машинска и електротехничка струка од кои поголем дел соодветствуват со наставните планови и програми.<br>Училиштето има воспоставена процедура за утврдување на потребите од наставни средстава и помагала. Имено на почеток од секоја учебна година на ниво на активи се утврдуваат потребите од наставни средства, материјали за практична настава и сл. Набавките на основните средства се вршат по квартали според потребите и можностите а набавки на потрошен материјал се вршат континуирано.<br><br>Со поставување на компјутери во секоја училница значајно се подобрени потребите од аудио-визуелни средства. Во секоја училница фукционира мрежното поврзување и интернет конекцијата која е достапна за наставниците и учениците.<br><br>Во сите училници и кабинетите се корстат LCD проектори и SMART табли.<br><br>Во изминатиот период се направени значајни набавки на надгледни средства во електротехничката и задравствената струка, дел од сопствени средства.<br><br>За темата наставни средства и помагала е спроведена и анкета меѓу наставниците, родителите и учениците.<br>Резултатите го прикажаа следниов заклучок<br><br>Наставници: Перцепциите за наставните средства се различни. Дел од наставниците сметаат дека ресурсите се доволни и ги задоволуваат потребите на наставниот процес, додека други укажуваат на недостаток од современи наставни помагала. Оваа област претставува важен сегмент за понатамошен развој.<br><br>Родители: Ова е една од областите каде што се забележуваат најголеми разлики меѓу двете групи родители. Додека едната група смета дека училиштето располага со доволно наставни средства и опрема, другата група изразува значително помало задоволство. Ова укажува на потреба од континуирано обновување и подобрување на наставните ресурси.<br><br>Ученици: Кај ова прашање се забележува најголема разлика меѓу двете групи. Дел од учениците сметаат дека наставните помагала не се доволни, додека другите ученици ги оценуваат како соодветни и достапни. Ова укажува на потреба од континуирано обновување и дополнување на наставните средства. |
| *Училишна библиотека* | Училиштето има училишна библиотека со фонд од 11 511 примероци на книги и тоа на македонски јазик 8 620, на албански јазик |

| | |
|---|---|
| | 1711, на англиски јазик 60, 1120 на српски јазик .<br><br>Во текот на 2024,2025 година имаме добиено:<br><br>- 403 нови учебници по предметот Англиски јазик за Втора,Трета и Четврта година.<br>-102 нови учебници по предметот Електротехника за прва година<br><br>-68 нови учебници по предметот Латински јазик за прва година<br><br>-68 нови учебници по предметот Математика за здравствена струка за прва година<br><br>-68 нови учебници по предметот Машинство и други сектори за прва година<br><br>-263 нови учебници по предметот Музичка култура за прва година<br><br>-68 нови учебници по поредметот Систем за здравство и социјална заштита за прва година<br><br>-68 нови учебници по предметот Техничко цртање со CAD за прва година<br><br>Со оглед на зголемениот број на паралелки и ученици, фондот на книги не задоволува иако се врши континуирано дополнување (потребно е да се обноват одредени лектирни изданија). Училишната библиотека располага и со примероци на стручна литература, педагошко-психолошка литература, како и лектирни изданија и белетристика која има потреба од дополнување бидејки постои интерес од вработените и учениците. Евиденцијата се води според законските препораки за кои библиотекарот има посебно посетувани обуки. Целиот книжен фонд е внесен и во електронска форма. Библиотеката е опремена со компјутер и печатач, достапен интернет во секое време.<br><br>Библитеката работи во меѓу смена и е отворена за посета од страна на учениците и сите вработени.<br><br>За темата училишна библиотека е спроведена и анкета меѓу наставниците, родителите и учениците.<br>Резултатите го прикажаа следниов заклучок<br><br>Наставници: Наставниците генерално ја препознаваат библиотеката како значаен образовен ресурс, но дел од нив сметаат дека библиотечниот фонд и достапните материјали треба дополнително да се збогатат и модернизираат.<br><br>Родители: Перцепциите за квалитетот и достапноста на библиотечните ресурси се различни. Дел од родителите ја оценуваат библиотеката како корисен ресурс, додека други сметаат дека е потребно нејзино дополнително унапредување и збогатување.<br><br>Ученици:<br><br>Перцепциите за библиотеката и библиотечните ресурси се различни. Значителен број ученици ја оценуваат како корисна, но постои и група ученици кои сметаат дека библиотечните ресурси треба дополнително да се збогатат и осовременат. |
| *Потрошен материјал* | Во поглед на тоа дали набавениот потрошен материјал ги задоволува потребите на училиштето мислењата не се многу разликуваат. Раководниот тим смета дека набавениот потрошен материјал целосно ги задоволува потребите на училиштето. Имено во училиштето се реализираат голем број на проектни и слободни активности со што учениците имаат потреба од поголем број на печатења на матерјали, кои се користат за презентирање пред останатите ученици во паралелката. Поради |

| | |
|---|---|
| | специфичноста на струката, најголема прегледност при реализација на наставата се постигнува преку користење на шеми, дијаграми, видео материјали и слики печатени во боја.<br><br>Врз основа на планирањата на наставниците на ниво на стручен актив се прават листи на потребни материјали, кои се доставуваат до раководниот кадар, кој понатаму во зависност од можностите и приоритетите ги вметнува во планирањата за набавки на училиштето.<br><br>Ефективната и ефикасна употреба на наставните средства и материјали училиштето ја следи преку посетите на часови, преку меѓусебните дискусии, размена на мислења, методи и техники за реализација на наставата, размена на искуство помеѓу наставниците итн. Наставните средства се користат оптимално и истите се достапни на сите наставници кои ја реализираат наставата на македонски и албански наставен јазик. |
| *Број на вработени и соодветност на наставниот кадар* | Во раководен кадар има вкупно 3 вработени, од кои 2 се мажи, а 1 е жена.<br><br>Во наставен кадар има вкупно 136 вработени, од кои 66 се мажи, а 70 се жени, а според етничката структура 52 се македонци, 73 албанци и 11 срби. Бројот на наставници одговара на потребите според бројот на паралелки и наставни предмети кои се застапени. Истите се стручно оспособени за реализирање на наставниот процес, а наставниците од стручните предмети во најголем број имаат и педагошко-псохолошко-методска доквалификација. Наставниците секојдневно добиваат и стручни совети од педагошко психолошката служба.<br><br>Во административен кадар има вкупно 3 вработени, од кои 1 е маж, а 2 жени.<br><br>Техничкиот персонал го сочинуваат вкупно 23 вработени, од кои 8 се мажи, а 15 се жени.<br><br>Во стручна служба има 7 вработени од кои 7 жени. Од кои 2 се педагози, 1 психолог, 1 социолог, 2 специјални едукатори и рехабилитатори (дефектолог) и 1 библиотекар. Стручната служба активно работи на мирно образование и кариерно советување. |
| *Ефективност и распоредување на кадарот* | Целиот наставен кадар ефективно придонесува за квалитетна работа на училиштето. Распределбата на часови се врши замајќи ги предвид нормативните акти за наставен кадар. При распределба на кадарот се земаат предвид стручната подготовка, квалитетите, искуството на наставниците што придонесуваат за исполнување на целите на наставниот процес. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето реагира со брза и соодветна замена.<br><br>Целиот персонал е редовно присутен на работа, согласно законските прописи. Со цел да се следи и обезбеди присутноста на работа, во училиштето е поставен (инсталиран) систем за евиденција на работното време со бесконтактни картички. Понатаму се прават месечни извештаи за редовноста кои ги анализираат помошниците на директорот по одредени сектори.<br><br>Исто така помошниците на директорот за настава водат редовна евиденција за присутноста на наставниот кадар. Во случај наставникот да е спречен да дојде на настава, истиот задолжително треба да го пријави отсуството еден ден порано или најкасно пред почнување на наставата, со што се дава можност помошниците за теоретска настава да извршат промена на дневниот |

| | |
|---|---|
| | распоред и да се овозможи непречено реализирање на наставата.<br><br>Според спроведената анкета меѓу наставниците е добиен следниов резултат: Ова е најпозитивно оценетото прашање во подрачјето. Во двете групи наставници преовладува мислењето дека наставниот кадар е соодветно распореден и дека организацијата на човечките ресурси овозможува успешно функционирање на училиштето. |
| *Стручната служба како поддршка на наставниот кадар* | Училиштето има стручна служба составена од педагогот, психологот, социолог, дефектолог и библиотекар стручните активи и надворешни соработници, која им помага на наставниците во организацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош како на учениците така и на наставниците. Следењето се изведува со увиди во тематските планови и на подготовките на наставниците како и посета на часови. Стручната служба има годишна програма според која ги изведува своите активности за работа со ученици и наставници но нема посебен инструмент за следење на организација на наставата и напредокот на учениците. Пости континуирана грижа за упатување на новите наставници во воспитно-образовниот процес преку нивно менторирање. Стручната служба е на располагање во текот на целиот наставен ден и отворена за соработка. |
| *Професионален развој на наставниците* | Училиштето во рамки на своите можности организира или спроведува обуки, овозможува посета на семинари и симпозиуми, учество во проекти, организира интерни курсеви.<br><br>Оценувањето на работата на наставниците се врши преку посета на часовите од членови на раководниот тим и педагошко-психолошката служба.<br><br>Вреднувањето на работата и потребите за професионален развојна наставникот се одвива преку неколку активности:<br><br>Увид, следење на планирањето на наставата и другата воспитно образовна дејност (годишни, тематски, дневни и друг вид планирања) и контрола на педагошката евиденција и подготовките за реализација на наставната програма и подготовките за наставен час;<br><br>Анкета за потреба од обуки и план за обуки за учебната година интерно во училиштето, независно од семинарите организирани од други проекти;<br><br>Следење на непосредната реализација на задачите, примена на современи форми и методи, застапеност и користење на современи наставни средства и други технички помагала, воспитна насоченост преку увид на часови од страна на специјално формирана комисија за следење на наставата. При секоја посета на час согледувањата се внесуваат во листа за посета на час;<br><br>Остварување на задолжителни разговори, консултации, советувања и давање помош на наставниците со цел унапредување и осовремување на наставата.<br><br>Поголемиот дел од наставниците сметаат дека училиштето обезбедува можности за професионален развој и стручно усовршување. Сепак, дел од наставниците укажуваат на потреба од дополнителни обуки, семинари и можности за професионално напредување. |

| | |
|---|---|
| *Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење* | Финансирањето на училиштето според законските регулативи доаѓа од основачот, локалната самоуправа и остварени сопствени приходи од вонредни активности на училиштето. Според законските прописи и предвидените потреби, за своето финасиско работење училиштето изготвува финасов план за тековната година а на крај завршна сметка. За двата финансиски документа се поднесува извештај до Училишниот одбор преку кој се информираат и останатите структури во училиштето како и до финансиската служба на локалната самоуправа.<br><br>Од страна на раководниот тим постои солидно познавање за финасиското работење како и примена на повеќе механизми за остварување на дополнителни приходи од вонредни активности во училиштето. Како резултат на тоа може да се спомене позитивната клима за запишување на вонредни ученици. Како механизам за потикнување на активноста на сите наставници е и правилникот за наградување на структурите во училиштето.<br><br>Во поглед на инвестирање на финасиските средства, посебно за поголемите набавки, во училиштето задолжително се спроведуваат постапки за јавни набавки за чие спроведување се задолжени комисии каде најчесто активна улога имаат членови од редот наставниците. Дел од нив имаат и соодветни обуки за спроведување на постапките за јавни набавки. За предвидените набавки Училишниот одбор донесува годишен план со конкретни рамки.<br><br>За исходот и реализација на спроведените постапки Училишниот одбор, а преку нивните членови и останатите структури според законските регулативи за јавни набавки се известува двапати во годината преку полугодишни извештаи (евиденција на постапките). Доколку постојат промени во поглед на дополнителни потреби за кои се обезбедени финасиски средства Училишниот одбор може да донесе одлука за дополнување на годишниот план за јавни набавки. |
| *Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет* | Механизам за транспарентно финасиско работење и контрола на истото е Комисијата за јавни набавки која набавките за училиштето ги врши согласно со Законот за јавни набавки. Контрола на финансиското работење врши Училишниот одбор преку периодични финансиски извештаи и Управата за јавни приходи. Информациите во врска со училишниот буџет се транспарентни и достапни за вработените и за родителите преку извештаите за завршна сметка која се објавува јавно на официјалната веб страна на училиштето. Што се однесува до локалната заедница, Советот на Општина Куманово редовно ги добива на увид финансиските планови и Завршните сметки. При изработка на финасиските планови секогаш за приоритети се земаат потребите за подобрување на квалитетот на настава во поглед на осовременување на надгледните средства и помагала а со тоа поквалитетна реализација на образовните цели. |
| *Заклучок од анкета за подрачје ресурси* | За оваа подрачје спроведена е анкета со 175 ученици, 168 родители и 37 наставници.<br><br>Резултатите покажуваат дека подрачјето „Ресурси“ е оценето од умерено до високо позитивно, но со забележителни разлики меѓу наставниците. Најголема согласност постои во однос на соодветната распределба на наставниот кадар и можностите за професионален развој, додека просторните услови, наставните средства и наставно-образовни материјали се области во кои постои потреба од континуирано унапредување.<br>Од страна на родителите резултатите покажуваат дека ресурсите претставуваат подрачје со најизразени разлики во ставовите. Додека значителен број родители позитивно ги оценуваат условите и опременоста на училиштето, друг дел укажува на потреба од подобрување на просторните услови, наставните средства и наставно-образовни материјали. Заедничката слика покажува |

| | |
|---|---|
| | дека училиштето располага со основни ресурси за реализација на наставниот процес, но постои простор за понатамошно унапредување.<br>Подрачјето „Ресурси“ покажува различни искуства и перцепции кај учениците. Иако значителен број ученици позитивно ги оценуваат ресурсите и условите за работа, резултатите укажуваат дека дел од учениците не се целосно задоволни од наставните помагала, наставно-образовните материјали и техничката опрема. Затоа ова подрачје претставува една од областите со најголем потенцијал за понатамошен развој. |

**Силни страни**

- Соодветна распределба на наставниот кадар.
- Добра организација на работниот процес.
- Обезбедени можности за професионален развој и стручно усовршување.
- Основна материјално-техничка опременост за реализација на наставниот процес.
- Ресурсите во голема мера се користат во интерес на учениците.
- Голем дел од родителите позитивно ја оценуваат чистотата и уреденоста на училиштето.
- Постои задоволство од дел од наставните средства и опрема.
- Училиштето обезбедува услови за непречено одвивање на наставниот процес.
- Голем дел од учениците позитивно ги оценуваат условите за учење.
- Постои функционална компјутерска и техничка опрема.
- Библиотеката е препознаена како корисен ресурс од значителен број ученици.
- Дел од учениците сметаат дека наставните помагала ги поддржуваат наставните активности.
- Училиштето располага со основни ресурси потребни за реализација на наставата.

**Слаби страни**

- Нееднаква перцепција за квалитетот на просторните услови.
- Потреба од дополнување и модернизација на наставните средства и помагала.

- Дел од наставниците сметаат дека библиотечните ресурси се недоволни.
- Потреба од дополнително унапредување и осовременување на библиотечните ресурси.
- Нееднаква перцепција за квалитетот и достапноста на ресурсите.
- Незадоволство кај дел од учениците во однос на наставните помагала.
- Потреба од дополнителна модернизација на техничката и компјутерската опрема.

**Приоритети за подобрување:** (*приоритетни области кои може да бидат содржани во Планот за развој на училиштето)*

- Модернизација и дополнување на наставните средства, помагала и дидактичката опрема со цел подобрување на квалитетот на наставниот процес и зголемување на можностите за примена на современи наставни методи.
- Унапредување на библиотечниот фонд преку набавка на нови стручни, научно-популарни и лектирни изданија, како и збогатување со современи дигитални извори на информации, со цел библиотеката да биде пофункционална поддршка на наставата и учењето.
- Континуирана модернизација на информатичко-комуникациската и техничката опрема, преку обновување на постојната и набавка на нова компјутерска и мултимедијална опрема што ќе овозможи поквалитетна реализација на наставните активности.
- Подобрување на просторните услови за работа и учење, преку тековно одржување, реконструкција и осовременување на училниците и другите училишни простории, согласно потребите на учениците и наставниците.
- Обезбедување еднаква достапност и поефикасно користење на расположливите ресурси, со воспоставување механизми за нивна рационална распределба и континуирано следење на потребите на сите наставници и ученици.
- Континуирано следење на задоволството на учениците, наставниците и родителите во однос на материјално-техничките услови, со цел навремено планирање и реализација на активности за нивно подобрување.

Дополнителна документација

**Табела 2 Евиденција за методите и процесите на прибирање на податоци**

| **Прибирање на податоци во клучната област Ресурси** | |
|---|---|
| **1. Документи:** | **Цел:** |
| Пописна документација за сместувањето и просторните капацитети. | Утврдување на податоци за состојбата во училиштето |
| Библиотечна евиденција. | Утврдување на фактичка состојба |
| Правилник за систематизација. | Утврдување на правилност на распоредување на наставен кадар според наставен нормати и работно место |
| Програма за работа на стручна служба. | |
| Сметководствена документација за годишната набавка на потрошен материјал, стручна литература и наставни помагала. | Утврдување на извршени набавки и опременост со опрема и нагледни средства |
| Документација за вработените со која располага секретарот на училиштето. | Утврдување на бројна состојба,стручна оспособеност |
| Записници од посета на часови со кои располага педагошко-психолошката служба. | Следење на настава и следење на потреби за нагледни средства |
| Записници од состаноци на Училишниот одбор. | Следење на финансиската состојба и извештаи ,годишни,по квартали |

| **2. Други методи** | **Цел:** | **Инволвираност на главните чинители:** |
|---|---|---|
| Интервју | -Добивање на валидни податоци | - наставници<br>- директор<br>- стручна служба |

| | | |
|---|---|---|
| | | -библиотекар |
| Разговор | - со добиените одговори на поставените прашања ќе дојдеме до валидни, веродостојни, точни и објективни резултати | - наставници<br>- ученици<br>- стручна служба<br>- директор<br>- домаќин |
| Анкети | - добивање на квалитетни податоци<br>- На овој начин добиваме мислење од сите оние кои се инволвирани во процесот на образованието и нивните идеи и ставови треба да се земат предвид. | - ученици<br>- наставници<br>- родители |

**Подрачје бр.7: Управување, раководење и креирање политика**

Тим за спроведување на самоевалуација за Подрачје бр.7: Управување, раководење и креирање политика

Одговорно лице/координатор: Жаклина Јанакиевска

Членови: Магдалена Георгиевска, Еркан Ајдини, Ленче Ѓоршевска Анѓеловиќ, Вјоса Бајрами

**Индикатори за квалитет**

7.1 Управување и раководење со училиштето

7.2 Цели и креирање на училишната политика

7.3 Развојно планирање

| Теми | Анализа на резултати и податоци |
|---|---|
| *Управување со училиштето* | Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор.Тој е формиран со изборна постапка согласно Законот за средно образование и Статутот на училиштето.<br><br>Составен е од 12 члена и тоа: **4 претставници од наставнички совет** од 04.07.2024 година- Жаклина Јанакиевска(претседател) Валбона Џељадини (заменик претседател), Новица Ѓорѓевски и Енвер Асани; **3 претставници се именувани од основачот Советот на општината**: Виктор Наумовски Елена Ангеловска, Берѓуле Салији; **3 претставници од Советот на родители**: Виктор Кипријановски, Христина Алексовска, Флорим Османи; **1 именуван од Министерство за образование и наука**: Бобан Вучковиќ и **1 претставник од Стопанска комора на РСМ:** Лидија Милановска. За претставници во |

| | |
|---|---|
| | Од учебната 2025/2026 година во работата на Училишниот одбор учествуваат и двајца претставници од Ученичкиот одбор, избрани согласно законските можности за вклучување на учениците во управувањето со училиштето, без право на глас при донесување одлуки: Матеј Петрушевски од II-5 паралелка и Наум Богдановски од IV-3 паралелка.<br><br>Според полова структура на Училишниот одбор е шест машки шест женски членови. Според етничката структура, осум членови се Македонци, а четири членови се Албанци.<br><br>Претставниците од родителите, од основачот и министерството не се од редот на вработените во училиштето. При избор на претставниците на наставниците се внимава на стручноста, компетентноста и застапеноста на претставници од различни активи.<br><br>Членовите на Училишниот одбор, освен претставници од родителите на учениците се именуваат за период од четири години, и се со право на уште еден избори. Членовите на училишниот одбор имаат верифициран мандат, имаат одлуки за именување и редовно се врши кооптирање на нови членови согласно законската регулатива. Училишниот одбор има регуларно избрано претседател и заменик-претседател.<br><br>Училишниот одбор има донесено Програма за работа во која се определени надлежностите, целите и приоритетите во неговото работење. Деловникот за работа на Училишниот одбор се ажурира и усогласува со измените во Законот за средното образование и Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта.<br><br>Работата на Училишниот одбор е организирана согласно Деловникот за работа, во кој се определени начинот на свикување седници, начинот на донесување одлуки и обврските на членовите. Седниците на Училишниот одбор ги закажува претседателот во соработка со директорот. Дневниот ред се подготвува во координација на претседателот и директорот, а поканувањето се врши во писмена и електронска форма, а со исклучоци и по телефонски пат.<br><br>Седниците се одржуваат редовно. Присутноста на членовите на седниците е на задоволително ниво и во најголем број случаи се обезбедува потребниот кворум за полноважно работење и нема одложување на седници поради недостаток на кворум. На дневен ред на седниците се поставувани прашања во согласност со надлежностите на Училишниот одбор, предвидено со Законот за средно образование и Статутот на училиштето. Училишниот одбор работи тековно и по потреба.<br><br>На состаноците редовно се водат записници кои заедно со одлуките и други акти кои ги донесува училишниот одбор уредно се заведени во деловодната книга на училиштето и се чуваат во документација на училиштето, секоја седница започнува со усвојување на записникот од претходната одржана седница.<br><br>Одлуките се донесувани најчесто едногласно или со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одборот кои имаат право на учество при гласање и донесувањето на одлуките.<br><br>Претставникот од деловната заедница учествува во работата на училишниот одбор но е без право на гласање и донесување на одлуки. Поради нередовно посетување на седниците, училиштето пратило писмо до Стопанската комора- Скопје со барање на номинација на нов член.<br><br>За времето на одржување и дневниот ред на состаноците Училишниот одбор истакнува соопштенија на огласната табла, а пак за донесените одлуки редовно ги информира вработените на Наставничкиот Совет, родителите, учениците и основачот се информира преку избраните претставници. На тој начин е запазена транспарентноста во работата на Училишниот одбор.<br><br>Поради ограничени можности училиштето не може да обезбедува редовни обуки за членовите на Училишниот одбор, за нивно успешно извршување на улогата на управување се користат издадените прирачници. Во декември 2025 училиштето обезбедило присуство на еднодневната обука за претседателот на УО, на тема: „Потребни компетенции на членовите на училишните одбори за подобрување на нивната ефикасност и ефективност во работењето“ за кое има стекнато сертификат од Институтот за бизнис и менаџмент Хајделберг Скопје.<br><br>Училишниот одбор во текот на изминатиот период ги извршил следниве работи пропишани со законската регулатива:<br><br>• донел нов Статут усогласен со промените во законот 02-156/6 од 29.01.2026 година;<br>• предлага годишна програма за работа и годишен и полугодишен извештај за работа до советот на општина;<br>• предлагал годишен финансиски план до основачот;<br>• предлагал завршна сметка до основачот; |

| | |
|---|---|
| | • објавил јавен оглас и спровел постапка за избор на директор<br>• извршил интервју со кандидатите за директор;<br>• предложил на градоначалникот на општината кандидат за директор;<br>• дава мислење до директорот за избор на наставници, стручни соработници и други вработени пријавени на распишаните јавни огласи;<br>• организира и следи реализација на завршната екскурзија;<br>• разгледува приговори и жалби на вработените;<br>• разгледува и други прашања утврдени со Статутот на училиштето.<br><br>По состаноците им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес.<br><br>Училишниот одбор остварува континуирана соработка со раководниот тим, институциите, локалната самоуправа и деловниот сектор, со цел подобрување на условите за работа и квалитетот на воспитно-образовниот процес.<br><br>Училишниот одбор заедно со директорот ги анализираат финасиските потреби и бараат извори за финасирање за одржување на зградите, објектите, мебелот. На состаноците директорот редовно ги презентира извештаите за постигнатите резултати на учениците и реализацијата на годишната програма. |
| *Раководење со училиштето* | Раководен орган на училиштето е директорот Драган Јаневски, избран согласно законската процедура преку јавен оглас и кој ги исполнува пропишаните услови за вршење на функцијата директор на средно училиште.<br><br>Директорот е одговорен за законитоста во работењето на училиштето, материјално-финансиското работење, организацијата и раководењето со воспитно-образовната и друга работа, како и за застапувањето на училиштето пред трети лица. Во рамките на своите надлежности, директорот самостојно донесува одлуки, организира и координира активности и обезбедува услови за непречено функционирање на училиштето.<br><br>Работењето на директорот се заснова врз почитување на законските и подзаконските акти, особено Законот за средното образование, Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, Законот за стручно образование и обука, Статутот на училиштето, Правилникот за организација и систематизација на работните места и Годишната програма за работа на училиштето.<br><br>Директорот одговорно го застапува училиштето, се грижи за неговата афирмација во јавноста и преку различни форми на комуникација ја промовира работата, постигнувањата и можностите што ги нуди училиштето.<br><br>Во раководната структура на училиштето, согласно член 92-б став 6 од Законот за средно образование, директорот има определено двајца помошници директори кои учествуваат во организацијата и координацијата на воспитно-образовната работа и другите активности предвидени со општите акти на училиштето. Еден помошник директор е одговорен за објектот каде наставата се реализира на албански наставен јазик, а другиот за објектот каде наставата се реализира на македонски наставен јазик.<br>Помошниците директори ги извршуваат работите за кои имаат добиено писмено овластување од директорот и го заменуваат директорот во случаи на негово отсуство. Основни задачи на помошниците директори се:<br><br>• организација и координација на наставата и распоредот на часови;<br>• следење на реализацијата на воспитно-образовниот процес;<br>• следење и поддршка на педагошката работа на наставниците;<br>• координација со наставниците и стручните соработници;<br>• организација на дежурства, испити и други училишни активности;<br>• комуникација со родители и институции по овластување од директорот;<br>• следење на реализацијата на Годишната програма за работа; |

- извршување и други раководни и педагошки задачи доверени од директорот.

Директорот има изработено четиригодишна програма за развој на училиштето, доставена како дел од документацијата при пријавувањето на јавниот оглас. Програмата е изготвена врз основа на анализа на состојбите и потребите на училиштето и содржи јасно дефинирана визија за развој на стручното образование. Основна цел е создавање на стручно оспособени личности, компатибилни на потребите на пазарот но и заснована на почитување на конкретни гледишта и потребите на сите вклучени субјекти во животот на училиштето кои се во согласност со потребите на локално и државно ниво. Континуирано се вложуваат напори за унапредување на училиштето. Приоритетна цел е креирање добра уписна политика и зголемување на дуалните паралелки. Во соработка со тимот за промоција на училиштето се труди подеднакво да ги афирмира сите образовни профили, истовремено подготвен за промени и воведување на нови образовни профили, следејќи ги потребите на пазарот на трудот и разгледувајќи ги на состаноците на активи.

При планирањето и реализацијата на активностите, директорот воспоставува редовна комуникација и консултации со вработените. Се вршат периодични анализи на реализираните активности и се определуваат приоритетите за наредниот период, при што основен фокус е обезбедување успешна реализација на наставниот процес.

При донесувањето значајни одлуки, директорот ги зема предвид мислењата и предлозите на вработените преку директна комуникација, состаноци и тимска работа, со што се поттикнува учеството на вработените во креирањето на училишните политики.
Комуникацијата и размената на идеи со наставниот кадар се реализираат преку редовни наставнички совети и вонредни состаноци кога тоа го бараат потребите на училиштето. Директорот учествува на состаноците на училишната заедница и советите на родителите, со што се обезбедува навремено информирање на учениците и родителите и се поттикнува нивното активно учество во животот и работата на училиштето.

За одговорните одлуките кои ги донесува, директорот претходно ги консултира вработените,кои преку директни средби и тимска работа може да даваат свои сугестии и мислења, со што ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Професионалниот однос кон работата и кредибилитетот што го има раководниот орган на училиштето е заснован врз најнови знаења вештини и искуства стекнати преку посета на семинари и обуки во и надвор од државата и следење на образовните политики.

Способноста на директорот за успешно делегирање на задачи, ефективна комуникација и раководење со вработените со вработените и нивниот развој се потврдува со напредокот на училиштето на секое поле во наставно-образовниот процесот. Директорот се залага за обезбедување квалитетно образование и создавање услови за професионален развој на наставниот и стручниот кадар.

Раководниот тим своето работење секогаш го заснова врз тимска работа на вработените вклучувајќи ги во процесот на развој и креирање на политики,планирање и обезбедување квалитет во различни области. Истиот ги иницира, раководи и успешно спроведува активностите со цел реформа на средното стручно образование во образовнот систем. Директорот има воспоставено систем за вклучување на предлозите на вработените. За креирањето на училишната политика раководниот тим соработува со училишниот одбор, редовно доставува потребни извештаи советите на родителите и училишната заедница, а информациите до наставниците се пренесуваат преку претседателите на активите, до учениците преку училишната заедница и до родителите преку советите на родители.

Партнерствата и активна соработка што ја воспоставува раководниот орган во училиштето со стопански субјекти и бизнис средината се секогаш продуктивни и насочени кон подобрување на квалитет на образованието на учениците,како приоритена цел е подобрување на квалитетот на практичната н настава, успешно реализирање на учење преку работа кај работодавачот и феријалната практика.

Континуирано се воспоставуваат нови контакти со компании и се одржуваат постојните партнерства со деловниот сектор, со цел учениците да стекнат практични знаења и компетенции согласно потребите на современиот пазар на трудот.

Соработката со локалната самоуправа и градоначалникот се реализира согласно потребите и барањата на училиштето, при што се обезбедува поддршка во различни области, вклучувајќи морална, кадровска и финансиска поддршка.

Директорот обезбедува стручен и компетентен кадар, континуирано ја следи работата на вработените и обезбедува услови за нивен професионален развој. Формирани се тимови за реализација на различни активности и задачи. Како област за понатамошно унапредување се идентификува потребата од воспоставување поразвиен систем за препознавање, вреднување и наградување на индивидуалните достигнувања и придонеси на вработените и инструменти за вреднување на работата на воспитно-образовниот кадар.

| | |
|---|---|
| | Во училиштето се создаваат услови за реализација на наставни и воннаставни активности насочени кон развој на животни вештини, мултикултурализам, меѓуетничка интеграција, еколошка свест, хуманитарни активности и други проекти од интерес за учениците.<br><br>Формиран е инклузивен тим кој се грижи за потребите на учениците со посебни образовни потреби и учениците кои припаѓаат на ранливи категории. Раководниот орган обезбедува поддршка и услови за нивно целосно вклучување во воспитно-образовниот процес.<br>Посебно внимание се посветува на обезбедување безбедна и поддржувачка училишна средина, како и на заштитата на учениците од различни облици на насилство, дискриминација и несоодветно однесување.<br><br>Финансиското работење на училиштето се реализира согласно законските прописи и принципите на транспарентност и одговорност. Директорот ги информира основачот и надлежните органи во училиштето за реализацијата на финансиските активности и начинот на користење на средствата. Постапките за јавни набавки се спроведуваат согласно законските одредби, а се обезбедуваат услови за транспарентно усвојување на завршната сметка.<br><br>Во училиштето функционира Развоен тим кој има задача да го следи и унапредува квалитетот на воспитно-образовниот процес. Тимот континуирано учествува во изработката и следењето на Самоевалуацијата на училиштето, Развојниот план и Годишната програма за работа.<br>Резултатите од самоевалуацијата се користат како основа за утврдување на приоритети и планирање на идните активности на училиштето.<br><br>Планирањето на развојните активности се темели врз анализа на постојните ресурси, утврдените силни страни и областите за подобрување идентификувани преку процесот на самоевалуација. Приоритетите во Развојниот план се насочени кон подобрување на условите за работа, унапредување на наставниот процес и постигнувањата на учениците. |
| *Јасност и соодветност на целите* | Целите на училиштето се јасно дефинирани и целосно се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика.<br><br>Тие се прецизни, реални, мерливи и насочени кон обезбедување повисок квалитет на воспитно-образовниот процес, како и кон континуиран професионален и стручен развој на сите партиципиенти во наставниот процес.<br><br>Вака поставените цели овозможуваат активно учество на сите субјекти вклучени во работата на училиштето и создаваат услови за за заедничко утврдување на показатели и критериуми за следење и унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа.<br>Во процесот на планирање, реализација и следење на целите активно учествуваат раководниот тим, наставниците и стручните соработници, учениците, родителите, како и претсатвници од Министерството за образование и наука и од секторот за образование при Општина Куманово.<br><br>Остварувањето на поставените цели има позитивно влијание врз целокупната работа на училиштето, придонесува за континуирано подобрување на квалитетот на наставата и воспитно-образовниот процес, како и за постигнување на значајни резултати и афирмација на училиштето на локално и пошироко ниво. |
| *Процедури за креирање на училишната политика* | Училиштето, почитувајќи ги законските пропис, подзаконските акти и интерните процедури, има воспоставен јасен и транспарентен систем за креирање, донесување следење и рвидирање на училишните политики.<br><br>Училишните полити се креираат во согласност со Статутот на училиштет, Годишната програма, Развојниот план и стратешките определби на Министерството за образование и наука, Центарот за развој на стручното образование и Општина Куманово.<br><br>Училиштето почитувајќи ги законските норми и процедури креира политика со која постојано тежи да се развива во современ училишен центар чиј продукт ќе биде баран и ценет на пазар на трудот и ќе може да ги прати современите текови на индустријата и технологијата.<br><br>За таа цел училиштето е подготвено да прави промени заради што има подготвена и интерна процедура за креирање на училишната политика. Управувањето со промената е на високо организиран и дисциплиниран начин под раководство на Директорот и инволвираните субјекти како и родителите и учениците.<br><br>При креирањето на училишните политики активно се вклучени директорот, училишните активи, тимови и комисии, наставниците, стручните соработници, Ученичкиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор. |

| | |
|---|---|
| | Пред донесување на одлуки се прибираат мислења и предлози од сите релевантни чинители, кои се разгледуваат и се земаат во предвид при утврдувањето на конечните решенија.<br><br>Управувањето со промените се реализира плански, организирано и континуирано, преку анализа на потребите, поставување приоритети, донесување акциски планови, следење на реализацијата и евалуација на постигнатите резултати. Доколку се утврди потреба, политиките се ревидираат<br><br>Управувањето со промените се реализира плански, организирано и континуирано, преку анализа на потребите, поставување приоритети, донесување акциски планови, следење на реализацијата и евалуација на постигнатите резултати. Доколку се утврди потреба, политиките се ревидираат и усогласуваат со законските измени, потребите на учениците и вработените и современите образовни трендови.<br>Во рамките на своето работење училиштето има воспоставено политики и процедури за:<br>• обезбедување безбедна и сигурна училишна средина на учениците и преземање активности за превентивно дејствување. Училиштето има организирано Координативно тело за планирање, подготвување и справување со кризни и итни ситуации;<br>• промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација;<br>• развој на еколошка свест и заштита на на животната средина, планира и реализира еколошки програми и акции;<br>• има формирано инклузивен тим и ја промовира инклузивноста во училиштето, дава поддршка на наставниците во подготовка на индивидуални наставни планови води сметка за учениците со телесни пречки, изградена пристапна рамка и планирани други активности<br>• унапредување на меѓуетничката интеграција во образованието поддршка на реализацијата на програмата со партнер училиштето<br>• јакнење на родовата еднаквост и сензитивност и информирање преку воспитно-образовни активности и учество во проекти;<br>• промоција на физичкото и менталното здравје на учениците и вработените;<br>• активно учество на Ученичкиот совет во процесите на донесување на одлуки;<br>• ненасилно однесување тим за безбедни училишта<br>Воспоставените процедури обезбедуваат транспарентност, инклузивност и континуирано унапредување на училишните политики, со што се создаваат услови за квалитетен воспитно-образовен процес и успешно остварување на стратешките цели на училиштето. |
| *Цели на развојното планирање* | Целите на развојното планирање произлегуваат од наодите на самоевалуацијата на училиштето и од утврдените приоритети за развој, со цел континуирано унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа. Тие се усогласени со стратешките определби на државната и локалната образовна политика, како и со приоритетите утврдени на локално ниво.<br><br>Развојните цели се јасно дефинирани и разработени преку конкретни стратешките планирања и активности, носители, со прецизна временска рамка за нивно разработување и имплентирање. Нивната реализација е насочена кон подобрување на наставниот процес, унапредување на условите за работа и зголемување на постигањата на учениците.<br><br>Целите на равојно планирање се во согласност со визијата и мисијата на училиштето. Во процесот на нивното дефинирање и планирање беа вклучени претставници од наставниот кадар, стручната служба, Советот на родителии и ученичката заедница) .<br><br>Најактивно учество во изработката на развојниот план имаа наставниците и стручната служба, додека Советот на родители и ученичката заедница беа консултирани, запознаени со утврдените развојни цели и имаа можност да дадат мислења и предлози, кои беа разгледани при донесувањето на конечните решенија.<br><br>Советот на родители и ученичката заедница е запознаена со конечно дефинираните цели за развој и предлозите за нивно реализирање со почитување на нивното мислење и земање во предвид на нивните сугестии.<br><br>Во акционите планови за реализација на развојните цели се предвидени активности во кои се вклучени повеќе релеванти субјекти членови во образовната структура и локалната заедница. Сепак, училиштето констатира дека членовите од локалната заедница не се вклучуваат во реализација.<br><br>Училиштето има воспоставен систем за следење, вреднување и евалуација на реализацијата на развојните цели. За секоја цел се утврдени мерливи индикатори за успешност, што овозможува континуирано следење на напредокот, навремено преземање корективни мерки и оценување на степенот на остварување на планираните резултати. |

| | |
|---|---|
| *Професионален развој / стручно усовршување на кадарот* | Училиштето континуирано ги утврдува потребите за професионален развој и стручното усоршувањето на наставниот кадар, врз основа на следењето на воспитно-образовниот процес, резултатите од самоевалуацијата, развојните приоритети и индивидуалните потреби на вработените.<br><br>На наставниците-приправници им се обезбедува континуирана поддршка преку работа со ментор, кој го следи нивниот професионален развој, им помага во стекнувањето на основните професионални компетенции и ги подготвува за полагање на стручниот испит.<br><br>Училиштето им обезбедува поддршка на наставниците кои се вработуваат со завршено непедагошко образование (инженери и други стручни профили) за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка, во согласност со законските одредби, со цел исполнување на условите за вршење на воспитно-образовната дејност..<br><br>Според резултатите од анкетите, наставниците и стручните соработници сметаат дека училиштето обезбедува поддршка за нивниот професионален развој преку навремено информирање и овозможување учество на обуки, семинари, работилници и други форми на стручно усовршување организирани од релевантни институции и организации.<br><br>Како приоритетни потреби за професионален развој се идентификувани:<br><br>• зајакнување на соработката со Министерството за образование и наука,Сектор за образование, Бирото за развој на образованието, Центарот за развој на стручното образование, Државниот испитен центар и други релевантни институции;<br><br>• поголемо вклучување на наставниците и стручните соработници во обуки, советувања и професионални мрежи организирани од наведените институции.<br><br>Училиштето ги поддржува наставниците при подготовката и учеството на ученички натпревари, а постигнатите резултати на наставниците и учениците јавно и транспарентно се промовираат.<br><br>И покрај утврдените потреби, финансиските можности за обезбедување континуиран професионален развој се ограничени. Дел од овие потреби успешно се надминуваат преку учество на бесплатни онлајн обуки и вебинари, за кои училиштето редовно ги информира наставниците и стручните соработници и ги поттикнува активно да се вклучуваат.<br><br>Во училиштето се води евиденција за професионалниот развој на наставниците и стручните соработници преку интерен документ за следење на нивното стручно усовршување, кој овозможува идентификување на потребите, планирање на идните активности и следење на стекнатите компетенции. |
| *Материјално-технички средства* | Потребите од материјално-технички средства во училиштето континуирано се идентификуваат преку следење на состојбата со постојната опрема, барањата на стручните активи, развојните приоритети на училиштето и потребите што произлегуваат од реализацијата на наставните програми.<br><br>Врз основа на финансискиот план и доставените барања од стручните активи, училиштето изработува годишен план за набавка на наставни, нагледни и материјално-технички средства неопходни за непречено реализирање на воспитно-образовниот процес.<br><br>При утврдувањето на приоритетите за набавка се земаат предвид наставните програми, бројот на ученици, фондот на наставни часови, степенот на искористеност на опремата, нејзината функционалност и потребата од модернизација на наставниот процес.<br><br>Целта е набавените средства да се користат оптимално и да придонесат за подобрување на квалитетот на наставата.<br><br>Набавките се реализираат согласно Годишниот план за јавни набавки и обезбедените финансиски средства, при што се води сметка за навремено обезбедување на потребната опрема и материјали во текот на учебната година. |

| | |
|---|---|
| | Набавените наставни средства и опрема се ставени во функција и рационално се користат. Училиштето континуирано се грижи за нивното одржување преку формирани тимови задолжени за следење на исправноста и сервисирањето на опремата. Истовремено, воспоставена е интерна процедура за надомест на штета на училишниот инвентар и опрема, која придонесува за поголема одговорност кај учениците и вработените, подобро зачувување на материјалните средства и намалување на трошоците за нивно одржување.<br><br>Во изминатиот период училиштето вложило средства за набавка на:<br>• Нагледни средства и опрема за настава за здравствена струка;<br>• нагледни средства и опрема за електротехничка струка;<br>• нагледни средства и опрема за машинска струка;<br>• рачен алат и ситен инвентар;<br>• електронска опрема;<br>• училишна опрема и материјали;<br>• компјутерска опрема и резервни делови<br><br>Континуираното инвестирање во материјално-техничките средства овозможува подобри услови за реализација на практичната и теоретската настава, придонесува за поквалитетен воспитно-образовен процес и создава услови за стекнување современи знаења и вештини кај учениците. |
| *Инфраструктура* | Училиштето континуирано ги идентификува потребите за подобрување и осовременување на инфраструктурата преку редовен увид во фактичката состојба на училишните објекти, просториите и опремата.<br><br>Врз основа на утврдените потреби и расположливите финансиски средства се планираат и реализираат активности за реконструкција, адаптација и тековно одржување. Доколку се јават непланирани потреби, се врши дополнување на Годишниот план за јавни набавки во согласност со законските прописи.<br><br>Финансиските средства за подобрување на инфраструктурата најчесто се обезбедуваат преку блок-дотации од основачот – Општина Куманово, а дел се обезбедуваат од сопствени приходи на училиштето. Донациите од деловната заедница се во помал обем и најчесто се наменети за поддршка на проекти, активности и ученици кои постигнуваат значајни резултати.<br><br>Училиштето редовно доставува барања до основачот за инвестиции и инфраструктурни интервенции, врз основа на претходно изготвени анализи, приоритети и идејни решенија, со цел обезбедување подобри услови за работа и реализација на воспитно-образовниот процес.<br><br>Во изминатиот период, со цел подобрување на условите за работа, реализирани се следните активности:<br><br>• извршени се градежно-занаетчиски работи, вклучувајќи молерисување и тековно одржување на училишните простории;<br>• континуирано се уредува и одржува училишниот двор и надворешниот простор;<br><br>• адаптирана и опремена е просторија за ученички активности и реализација на воннаставни содржини.<br><br>Континуираното инвестирање во инфраструктурата придонесува за создавање побезбедна, пофункционална и поттикнувачка средина за учење и работа, како и за подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. |
| ***Заклучоци од анкета со наставниците и стручните соработници*** | Во анкетата учествуваа 37 наставници (18 кои предаваат на албански наставен јазик и 19 кои предаваат на македонски наставен јазик)<br>Скала на одговори:<br><br>*Воопшто не се согласувам/Не се согласувам/Делумно се согласувам/Се согласувам/Целосно се согласувам* |

| | |
|---|---|
| | |

| Прашање | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Раководството е ефикасно во организацијата на работата** | **0.0%** | **0.0%** | **25.2%** | **34.3%** | **40.5%** |
| **Целите на училиштето се јасно поставени** | **0.0%** | **5.6%** | **8.5%** | **28.3%** | **57.9%** |
| **Вработените се вклучени во креирање политики** | **0.0%** | **5.6%** | **33.5%** | **28.9%** | **32.0%** |
| **Директорот обезбедува квалитетно раководење и поддршка** | **0.0%** | **2.8%** | **19.6%** | **31.2%** | **46.4%** |
| **Училиштето овозможува професионален развој** | **0.0%** | **8.4%** | **22.7%** | **31.2%** | **37.7%** |

Резултатите од анкетата покажуваат дека наставниците имаат позитивно мислење за раководењето, јасноста на целите и поддршката од директорот, но не и за нивната вклученост во креирањето на образовните политики.

Како области за понатамошно подобрување се издвојуваат поголемото учество на вработените во креирањето на училишните политики и проширувањето на можностите за професионален развој.

***Заклучоци од анкета со родителите***

Во анкетата учествуваа 168 родители (90 Албанции 78 Македонци и останати)
Скала на одговори:

*Воопшто не се согласувам/Не се согласувам/Делумно се согласувам/Се согласувам/Целосно се согласувам*

| Прашање | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Раководството успешно го организира работењето на училиштето** | **6.1%** | **6.7%** | **25.3%** | **28.2%** | **33.8%** |
| **Училиштето има јасни правила и процедури** | **6.1%** | **7.8%** | **21.0%** | **26.5%** | **38.7%** |
| **Родителите се информирани за важни одлуки** | **3.4%** | **4.4%** | **16.1%** | **29.4%** | **46.9%** |
| **Раководството ги зема предвид мислењата на родителите** | **4.5%** | **6.4%** | **20.0%** | **26.6%** | **42.6%** |
| **Задоволен/на сум од целокупната работа на училиштето** | **6.7%** | **5.6%** | **26.7%** | **26.1%** | **35.4%** |

**Подрачје 7 – Управување, раководење и креирање политика е оценето многу позитивно**, со високо ниво на доверба и задоволство кај родителите и добра организација на работата на училиштето. Резултатите покажуваат дека родителите генерално имаат позитивно мислење за начинот на организација на училиштето. Ова укажува дека училиштето има воспоставено правила и процедури, но нивната јасност и комуникација не се подеднакво перципирани од сите родители.Третото прашање најпозитивно оценето . Родителите сметаат дека се информирани за важни одлуки, но постои и одреден дел од родители кои дала негативна оценка. Повеќето родители сметаат дека нивното мислење се зема предвид, но постојат разлики. Поголема група родители покажува поголемо чувство на вклученост и партнерство со училиштето.

Општ заклучок е дека поголем дел од родителите сметаат дека има добра организација на работата. Но, резултатите укажуваат на потреба од дополнително усогласување на комуникацијата и перцепцијата кај сите родители со цел уште поголема доверба и партнерство со училиштето.

| | |
|---|---|
| ***Заклучоци од анкета со учениците*** | Во анализата се опфатени две групи ученици со вкупно приближно **175 испитаници**. (90 Албанци и 85 Македонци, Роми, Срби и останати )<br>Скала на одговори:<br>*Воопшто не се согласувам/Не се согласувам/Делумно се согласувам/Се согласувам/Целосно се согласувам* |

| Прашање | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Раководството се грижи за подобрување на училиштето** | **11.2%** | **7.9%** | **28.4%** | **26.6%** | **26.0%** |
| **Правилата во училиштето се јасни** | **4.5%** | **6.2%** | **22.0%** | **28.9%** | **38.6%** |
| **Учениците се информирани за важни одлуки** | **5.7%** | **8.6%** | **19.4%** | **25.8%** | **40.7%** |
| **Училиштето има јасни цели за развој** | **9.1%** | **9.6%** | **22.6%** | **27.6%** | **31.3%** |
| **Директорот се грижи за добрата атмосфера** | **10.1%** | **9.7%** | **20.9%** | **24.1%** | **35.4%** |

Учениците генерално ја препознаваат грижата на раководството, но со разлика во интензитетот на перцепцијата, делумне се умерени а има група која смета дека раководството не се грижи за нивните потреби. Правилата на учениците им се јасни, но не сите ученици ги перцепираат со иста оценка. Најголем дел од учениците се информирани и значи дека постои добра комуникација, но потребно е информациите да пристигнуваат до сите ученици. Развојните цели не се доволно јасни на сите ученици. Училишната атмосфера е добра, но постои група која е незадоволна.
Приоритети за подобрување би биле: подобрување на комуникацијата со сите ученици, Појасно претставување на развојните цели на училиштето, поголема вклученост на учениците, зајакнување на училишната клима и чувство на припадност.

**Силни страни:**

- ✓ Јасно дефинирани надлежности, одговорности и ефикасна организација на работата на раководниот тим.
- ✓ Континуирана и транспарентна комуникација, со навремено информирање и активно вклучување на вработените, учениците и родителите во процесите на донесување одлуки.
- ✓ Добра соработка и партнерски однос меѓу раководството, наставниците, стручната служба, учениците и родителите, со заедничко решавање на прашања од значење за училиштето.
- ✓ Воспоставен систем за планирање, набавка и рационално користење на наставните, нагледните и материјално-техничките средства.
- ✓ Континуирано подобрување на училишната инфраструктура и условите за реализација на воспитно-образовниот процес.
- ✓ Поддржувачко и ефикасно раководење, насочено кон остварување на развојните цели и континуиран професионален развој на наставниот кадар.
- ✓ Високо ниво на доверба во организацијата на работата и позитивна училишна клима.

**Слаби страни:**

- ✓ Ограничени финансиски средства за набавка на современи наставни, нагледни и материјално-технички средства.
- ✓ Недоволна вклученост на сите засегнати страни (родители, ученици и претставници на локалната заедница) во иницирањето и решавањето на одделни прашања од значење за училиштето.
- ✓ Ограничени финансиски и организациски можности за континуиран професионален развој на наставниците и стручните соработници.
- ✓ Недоволна вклученост на учениците во иницирањето активности за подобрување на информираноста и училишната клима.
- ✓ Потреба од понатамошно унапредување на комуникацијата и транспарентноста во соработката со родителите.
- ✓ Потреба од дополнително зајакнување на инклузивните практики и двонасочната комуникација меѓу раководството, наставниците и стручните служби

**Дополнителни дејствија:**

- ✓ Обезбедување дополнителни финансиски средства за осовременување на наставната опрема, нагледните средства и материјално-техничките ресурси, во согласност со наставните планови и програми и современите технолошки достигнувања.

- ✓ Создавање поголеми можности за континуиран професионален развој на наставниците и стручните соработници преку учество на обуки, семинари, проекти и стручни усовршувања.
- ✓ Зајакнување на соработката со локалната самоуправа, деловната заедница и други релевантни институции со цел обезбедување дополнителна поддршка, партнерства и донации.
- ✓ Континуирано унапредување на комуникацијата и информирањето на учениците и родителите за развојните цели, активностите и резултатите на училиштето, со примена на различни канали за комуникација.
- ✓ Поттикнување на поголемо учество на учениците, родителите и претставниците на локалната заедница во процесите на планирање, донесување одлуки и реализација на училишните активности.
- ✓ Понатамошно унапредување на транспарентноста при креирањето и спроведувањето на училишните политики, со активно вклучување на наставниците и другите чинители во процесот на одлучување.
- ✓ Континуирано следење и унапредување на инклузивните практики и двонасочната комуникација меѓу раководството, наставниците, стручната служба, учениците и родителите

<u>Дополнителна документација</u>

**Табела 2 Евиденција за методите и процесите на прибирање на податоци**

| **Прибирање на податоци во клучната област Управување, раководење и креирање политика** | |
|---|---|
| **1. Документи:** [ | **Цел:** |
| Деловник за работа на УО | Да се утврди запазеност на законската регулатива |
| Статут на училиштето | Да се утврди запазеност на законската регулатива |
| Годишна програма за работа на училиштето училиштето | Да се согледа што и колку успешно од планираното е реализирано |
| Програма за работа на Советот на родителите | Да се утврди вклученоста на родителите во креирањето на училишната политика |
| Записници од УО, Советот на родителите, наставнички совет, стручни активи | Да се утврди запазеност на законската регулатива и степен на реализирање на програмските задачи |
| Самоевалуација и Развоен план на училиштето | Да се утврди законската регулатива |
| Записник од состаноци на раководен тим | Да се согледа планирањето и реализацијата на активностите |

| **2. Други методи** | **Цел:** [ | **Инволвираност на главните чинители:** |
|---|---|---|
| Интервју со директор | - Да се согледа визијата на директорот за гледиштата и потребите на сите субјекти вклучени во работата на училиштето | - директор |
| Разговор со членови на училишен одбор | - со добиените одговори на поставените прашања ќе дојдеме до валидни, веродостојни, точни и објективни резултати | Членови на Училишен одбор |

| | | |
|---|---|---|
| | - Да се согледаат мислењата за работата  и транспарентноста во работењето на  УО | |
| Анкети со наставници, ученици и родители | - Да се согледаат мислењата за работата и транспарентноста во работењето на раководниот тим<br><br>- добивање на квалитетни податоци<br><br>- На овој начин добиваме мислење од сите оние кои се инволвирани во процесот на образованието и нивните идеи и ставови треба да се земат предвид. | - ученици<br>- наставници<br>- родители |
| Визуелни и слични докази | Утврдување на состојбата на лице место | Жаклина Јанакиевска, Магдалена Георгиевска, Еркан Ајдини, Ленче Ѓоршевска Анѓеловиќ, Вјоса Бајрами |